СЛАВЕ КАТИЋ

ЖИВОТ И ДЕЛА

SLAVĖ KATIĆ

LIFE AND WORKS

СЛАВЕ КАТИН – ЖИВОТ И ДЕЛА
SLAVÈ KATIN – LIFE AND WORKS

НА МОЕТО СЕМЕЙСТВО
TO MY FAMILY

„Македонска искра“ Скопје –„Makedonska iskra” Skopje
==========

ЕДИЦИЈА: МОНОГРАФИИ
EDITION: MONOGRAPHS

СЛАВЕ КАТИН – ЖИВОТ И ДЕЛА
SLAVÈ KATIN – LIFE AND WORKS

РЕЦЕНЗЕНТИ / REVIEWERS
ДУШАН РИСТЕВСКИ – МАКЕДОН – DUSHAN RISTEVSKI – MAKEDON
ЛЕФТЕР МАНЧЕ - LEFTER MANCHE
ВЕЛЕ МИТАНОСКИ – VELE MITANOSKI
ТОДОР ПЕТРОВ – TODOR PETROV

СПОНZOR – SPONSOR
ФОНДАЦИЈАТА „ЛЕФТЕР МАНЧЕ“ ВО МАКЕДОНИЈА
THE FOUNDATION “LEFTER MANCHE” IN MACEDONIA

ПЕЧАТЕНО ВО МАКЕДОНИЈА 2025
PUBLISHED IN MACEDONIA 2025

Сите права се задржани. Ниту еден дел од оваа книга не смее да биде препечатуван, умножуван или објавуван во која било форма, електронска или механичка, вклучувајќи и фотокопирање, без посебна дозвола на авторот, освен да се вклучат кратки делови и документирани цитати во рецензија

All rights reserved. No part of this book may be reproduced or transmitted in any form or by any means, electronic or mechanical, including photocopying, recording or by any information storage and retrieval system without written consent from the author, except for the inclusion of brief and documented quotations in a review.

СЛАВЕ КАТИН

ЖИВОТ И ДЕЛА

SLAVĖ KATIN

LIFE AND WORKS

СОДРЖИНА

ДЕЛ ЕДЕН – МАКЕДОНИЈА 20

МАКЕДОНИЈА – ЗЕМЈА НА НЕПОКОРОТ И ВЕЧНАТА ИДНИНА 24

ИСТОРИСКИОТ РАЗВОЈ НА ИСЕЛУВАЊЕТО ОД ПРЕСПА И ЕТНИЧКА МАКЕДОНИЈА 28

ДЕЛ ОД ИСТОРИЈАТА НА ДОЛНА ПРЕСПА 32

ВИНИЦА – МАКЕДОНСКО - АНТИЧКИ ЦЕНТАР 44

СКОПЈЕ – ГРАДОТ НА МОЈАТА МЛАДОСТ И СТАРОСТ 48

ДЕЛ ДВА – ПЕЧАЛБАРСТВОТО КАКО СУДБИНА 56

МОЕТО ГОЛЕМО ИСЕЛЕНИЧКО СЕМЕЈСТВО 62

МОЈАТА ФАМИЛИЈАРНА СТОРИЈА 66

МОЈОТ ПРЕСТОЈ ВО КАНАДА 74

ПОРТРЕТ НА СЕМЕЈСТВОТО НА СОПРУГАТА НАДА 78

АКТИВНОСТИ НА НАШЕТО СЕМЕЈСТВО 84

ДЕЛ ТРИ – ДЕЛ ОД СЕМЕЈНОТО ПЕЧАЛБАРСТВО 92

ИСЕЛУВАЊЕТО - МАКЕДОНСКА СУДБИНА 96

ПЕЧАЛБАРСКАТА СУДБИНА ЗА ДЕДО МИ АЛЕКСО И БАБА МИ КАТА 102

ПЕЧАЛБАРСКИОТ КОПНЕЖ НА МАЈКА МИ САНДРА 108

НАДА НИКОЛОВСКА – ЧУВАР НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК 112

ТРИЈАЗИЧНАТА СТИХОЗБИРКАТА „ДОЖДОТ“ НА ИЗАБЕЛ И МОНОГРАФИИТЕ НА ВНУЧИЊАТА 120

ДЕЛ ЧЕТИРИ – МОЈАТА ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ 126

СРЕДБА ВО БИБЛИОТЕКАТА „ГРИГОР ПРЛИЧЕВ“ ВО ОХРИД 130

„МОЈОТ ЖИВОТ, МОЈОТ СВЕТ“ 136

ТЕКСТ ЗА МОЕТО ТВОРЕШТВОТО ОД ПРЕД 50 ГОДИНИ 140

МОИ ДЕЛА ПРОМОВИРАНИ НА ИЛИНДЕН 142

ПРИДОНЕСОТ НА ПРЕСПА ВО НАРОДНО-ОСЛОБОДИТЕЛНАТА БОРБА 150

CONTENTS

PART ONE – MACEDONIA 21

MACEDONIA – LAND OF UNYIELDINGNESS AND ETERNAL FUTURE 25

THE HISTORICAL DEVELOPMENT OF THE EMIGRATION FROM PRESPA AND ETHNIC MACEDONIA 29

PART OF THE HISTORY OF DOLNA PRESPA 33

VINICA – MACEDONIAN - ANCIENT CENTER 45

SKOPJE – THE CITY OF MY YOUTH AND AUTUMN OF MY LIFE 49

PART TWO – EXPATRIATION AS DESTINY 57

MY LARGE EXPATRIATE FAMILY 63

MY FAMILY STORY 67

MY STAY IN CANADA 75

PORTRAIT OF MY WIFE NADA'S FAMILY 79

OUR FAMILY ACTIVITIES 85

PART THREE – PART OF THE FAMILY MIGRATION 93

EMIGRATION – THE FATE OF MACEDONIA 97

THE EMIGRANT FATE OF MY GRANDFATHER ALEKSO AND GRANDMOTHER KATA 103

MY MOTHER SANDRA'S MIGRATION YEARNING 109

NADA NIKOLOVSKA – GUARDIAN OF THE MACEDONIAN LANGUAGE 113

ISABEL'S TRILINGUAL POETRY COLLECTION "RAIN" AND THE GRANDCHILDREN MONOGRAPHS 121

PART FOUR – MY RESEARCH ACTIVITY 127

MEETING AT THE "GRIGOR PRLICHEV" LIBRARY IN OHRID 131

"MY LIFE, MY WORLD" 137

TEXT ABOUT MY CREATIVE WORK FROM 50 YEARS AGO 141

MY WORKS PROMOTED ON ILINDEN 143

THE CONTRIBUTION OF PRESPA TO THE NATIONAL LIBERATION STRUGGLE 151

ДЕЛ ПЕТ – ЉУБОЈНО – МОЈАТА ВТОРА ЉУБОВ 156

ОД ИСТОРИСКОТО МИНАТО НА ПЕЧАЛБАРСКОТО ЉУБОЈНО 160

МИНАТОТО И ИДНИНАТА НА ЉУБОЈНО 166

ЉУБОЈНО – МЕСТО ВО ПРЕСПА СО ДЕВЕТ ЦРКВИ И ТРИ ПАРАКЛИСИ 170

СУДБИНАТА НА ПРВИТЕ УЧИЛИШТА НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ВО ПОДВИС И ЉУБОЈНО 176

ИСЕЛЕНИЦИ ОД ЉУБОЈНО ШИРУМ СВЕТОТ 182

ДЕЛ ШЕСТ – МОИТЕ БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ 194

ДЕЛ ОД МОЈАТА БИОГРАФИЈА 198

ДОБИТНИК НА НАГРАДАТА „КРСТЕ ПЕТКОВ МИСИРКОВ“ НА ЗНМ ВО 1992 ГОДИНА 210

ДОБИТНИК НА НАГРАДИТЕ „ПЕЛАГОНИСКИ КУЛТУРНО-НАУЧНИ СРЕДБИ“ И НА „ЉУБАНСКИТЕ ИСЕЛЕНИЧКИ СРЕДБИ“ 212

НАГРАДАТА ЗА „ЖИВОТНО ДОСТИГНУВАЊЕ ЗА 2022“ НА ОМД ОД ВАШИНГТОН 216

МОЈАТА 50-ГОДИШНА ПУБЛИЦИСТИЧКА ДЕЈНОСТ 220

ДЕЛ СЕДУМ – ОБЈАВЕНИ ПУБЛИКАЦИИ ЗА МОЈОТ ЖИВОТ И ДЕЛА 342

„МОНОГРАФИЈА „КАТИН“ 344

„МАКЕДОНСКИ ИСЕЛЕНИЧКИ ПОРТРЕТ“ 346

„ТВОРЕШТВОТО НА СЛАВЕ КАТИН I И II ИЗДАНИЕ“ 346

СТИХОЗБИРКАТА „ДОЖДОТ“ ОД ИЗАБЕЛ И СЛИКОВНИЦИТЕ ЗА САНДРА, ИЗАБЕЛ, ДИНА, МАСИМО И НАДЈА КАТИН 350

ДОДАТОК 356

ИНТЕРВЈУ СО СЛАВЕ КАТИН 360

РЕЦЕНЗИЈА НА ВЕЛЕ МИТАНОСКИ – СЛАВЕ НИКОЛОВСКИ – КАТИН: МАКЕДОНЕЦ ПО РОЖБА, А ГРАЃАНИН НА СВЕТОТ 368

ИЗБОР НА ОБЈАВЕНИ ФЕЉТОНИ И ПРОДОЛЖЕНИЈА ОД ДЕЛА 372

ПРЕЗЕНТИРАНИ ТРУДОВИ НА СИМПОЗИУМИ, ТРИБИНИ, СОБИРИ, КОНФЕРЕНЦИИ, СОВЕТУВАЊА... 380

ИЗБОР НА ТРУДОВИ ПУБЛИКУВАНИ НА МАКЕДОНСКИ И АНГЛИСКИ ВО РАЗЛИЧНИ ПУБЛИКАЦИИ 384

ИЗБОР НА ПРЕВЕДЕНИ КНИГИ И ТРУДОВИ ОД МАКЕДОНСКИ НА АНГЛИСКИ И ОБРАТНО 388

PART FIVE – LJUBOJNO MY SECOND LOVE 157

FROM THE HISTORICAL PAST OF EXPATRIATE LJUBOJNO 161

THE PAST AND FUTURE OF LJUBOJNO 167

LJUBOJNO – A PLACE IN PRESPA WITH NINE CHURCHES AND THREE CHAPELS 171

THE FATE OF THE FIRST MACEDONIAN LANGUAGE SCHOOLS IN PODVIS AND LJUBOJNO 177

IMMIGRANTS FROM LUBOJNO AROUND THE WORLD 183

PART SIX – MY BIOGRAPHICAL DATA 195

PART OF MY BIOGRAPHY 199

WINNER OF THE "KRSTE PETKOV MISIRKOV" AWARD OF THE AJM IN 1992 211

WINNER OF THE AWARDS OF THE "PELAGONIAN CULTURAL-SCIENTIFIC MEETINGS" AND THE "LJUBOJNO EXPATRIATE GATHERINGS" 213

THE 2022 UMD LIFETIME ACHIEVEMENT AWARD FROM WASHINGTON 217

MY 50 YEARS PUBLICISTIC ACTIVITIES 221

PART SEVEN – PUBLISHED PUBLICATIONS ABOUT MY LIFE AND WORKS 343

MONOGRAPH "KATIN" 345

"MACEDONIAN EIGER PORTRAIT" 347

"THE WORK OF SLAVÈ KATIN I AND II EDITION" 347

THE POETRY COLLECTION "RAIN" BY ISABEL AND THE PICTURE BOOKS FOR SANDRA, ISABEL, DINA, MASSIMO AND NADJA KATIN 351

APPENDIX 357

INTERVIEW WITH SLAVÈ KATIN 361

VIEW BY VELE MITANOSKI – SLAVÈ NIKOLOVSKI – KATIN: MACEDONIAN BY HERITAGE, AND A GLOBAL CITIZEN 369

SELECTION OF PUBLISHED FEUILLETONS AND SEQUALS OF PUBLICATIONS 373

На денот на регистрацијата
On their wedding day

Нада и Славе на нивната регистрација / Nada and Slave on their registration

Славе, Дафинка, Александар и Нада на Илинден / Slave, Nada, Dafinka, and Aleksandar on Ilinden

Семејството Катин во Љубојно / The family Katin in Ljubojno

Нада и Славе со нивните внучиња во Љубојно / Nada and Slave with their grandchildren in Ljubojno

ВОВЕД

ИСЕЛЕНИШТВОТО – ЖИВОТНА ОПРЕДЕЛБА НА СЛАВЕ КАТИН

Македонското иселеништво е алфа и омега во творештвото на Славе Катин. Се што напишал и објавил во неговите книги, патеписи, репортажи, прикази, белешки, е длабоко проникнато со животот и опстанокот на Македонците во светот. Тие се негова генетска преокупација, која го потврдува фактот дека е маѓепсан од феноменот на македонската голгота.

Македонското иселеништво е негова опсесија, од која нема да се раздели до крајот на својот живот. Зашто на овој свет дошол да трага по Македонците, по оние вистинските во земјата и во светот и со нив да го споделува и доброто и злото, давајќи се' од себе да го осветли нивниот живот, нивните победи и порази, во сите фази на нивната цивилизациска битка за одржување во планетарната орбита, како ѕвезда чиј сјај не потемнува.

Еден од добрите познавачи на неговото творештво, професор д-р Вера Стојчевска – Антиќ, во повеќе прилики по повод промоциите на делата на Славе Катин, ќе истакне: *„Да се зборува за македонското иселеништво во светот, значи да зборуваме самите за себе, за нашата историја, за нашата миграција, за нашата историско-општествена состојба во егзистенцијалниот континуитет. Кога го читаме она што Катин го напишал за нашите преселници, тоа значи дека со нескротлив интерес се само запознаваме. Зашто тие преселници се наши роднини, оние кои своите генеолошки гранки ги пресадуваат во некоја далечна земја, за нас позната преку прераскажувањата, а во која еве,продолжува семејниот растеж, честопати пренесен од кај Драгорот долж Аризона, од Треска кај Нијагарините Водопади, од Преспанското Езеро кај Цирикиите Езера, или крај бескрајните океани на Америка и Австралија.*

Чувството за македонското иселеништво е такво зашто нашите преселници се некогашните комшии со кои растевме и ги формиравме навиките во малата во кои живеевме, или тие се нашите сограѓани кои сега ги срекаваме наместо средсело или на плоштадите во Македонија, ширум светот, крај плажите на Лонг Бич во Лос Анѓелес, во Мајами Бич или сред Лозана и Фрајбург. Во тие моменти јас го наоѓав важниот сој на некогашниот заеднички живот, макар за еден ден или за неколку часови, кои живот значат“, нагласува Стојчевска – Антиќ и додава: *„Дружејќи се со нив, Катин ги запознал постепено и перманентно, со сите нивни преокупации, судбини,стории.Не може човек да го запознае менталитетот на нашиот преселник, без личните контакти со него, во сообразност со срединатa што ја одбрал за своја втора земја, по Татковината. Катин имал многу средби со нив, многу изминати денови со нив, како син на вредни преселници“.*

Педесет години Славе Николовски – Катин ја следи преселничката судбина на Македонците, нивната економска ситуација, културниот престиж, улогата на МПЦ во нивното мотивирање за реализација на бројни програми на медиумски, културно-уметнички, спортски и духовен план. Со фактографски материјали за состојбите на македонските преселници во светот, со афинитет да ги овековечи нивните судбини и со умешност и талент од секое пократко или подолго патување да подготви репортажа, патопис, скица или белешка. Со осет и љубов кон историјата

INTRODUCTION

THE EXPATRIATION – A LIFE DEFINITION OF SLAVÈ KATIN

The Macedonian diaspora is the alpha and omega in Slavè Katin's work. Everything he wrote and published in his books, travelogues, reports, accounts and notes is deeply permeated with the life and survival of Macedonian people all over the world. They are his genetic preoccupation, which confirms the fact that he is enchanted by the phenomenon of the Macedonian Golgotha.

The Macedonian expatriation is his obsession that he has no intention of parting with until the end of his life. Because he came to this world to search for the Macedonians, for the authentic ones in the country as well as in the world, and to share with them both the good and the bad, doing his best to highlight their lives, their miseries and defeats, in all phases of their civilizational battle to maintain themselves in planetary orbit, like a star whose brightness does not dim.

One of the good connoisseurs of his work, Professor Vera Stojchevska - Antic, PhD, on several occasions during the promotions of Slavè Katin's works, emphasizes: *"To talk about the Macedonian diaspora in the world means to talk about ourselves, about our history, about our migration, about our historical and social situation in the existential continuity. When we read what Katin wrote about our expatriates, it means that we are just getting to know each other with unbridled interest. Because those expatriates are our relatives, those who transplant their genealogical branches to some distant land, known to us through retellings, and in which, here, family growth continues, often transferred from Dragorot to Arizona, from Treska to Niagara Falls, from Lake Prespa to the Zurich Lakes, or by the endless oceans of America and Australia.*

These feelings about Macedonian emigration are such because our immigrants are the former neighbors whom we grew up with and created the habits and routines in the small town where we lived, or they are our fellow citizens whom, instead of the center of the village or in the squares in Macedonia, we now meet all around the world, by the beaches of Long Beach in Los Angeles, in Miami Beach or between Lausanne and Freiburg. In those moments, I found the important connection with the former common life, even it was just for a day or a few hours, which meant life," emphasizes Stojchevska-Antic and adds on: *"By hanging out with them, Katin got to know them gradually and permanently, with all their preoccupations, destinies and their stories.*

One cannot grasp the mentality of our expatriate, without personal contacts with him, in accordance with the environment he chose for his second country, after the Fatherland. Katin had many meetings with them, spent many days with them, as the son of hard-working emigrants."

For fifty years, Slavè Nikolovski-Katin has been following the emigrant fate of the Macedonians, their economic situation, cultural prestige, the role of the Macedonian Orthodox Church in motivating them to realize numerous programs in the media, cultural-artistic, sports and spiritual fields. With factual materials about the conditions of Macedonian expatriates around the world, with an affinity to immortalize their destinies and with skill and talent from every shorter or longer journey to prepare a report, travelogue, sketch or note. With a sense and love for the history of Macedonian emigration, Katin always gives each and every Macedonian a beautiful literature, through which he will experience his des-

на македонското печалбарство, Катин секогаш на секој Македонец му подарува убава литература, низ која ќе ја доживее својата судбина, не само во државата во која се преселил, туку и во својата Татковина. Се смета дека Славе Катин е еден од најдобрите познавачи на македонското иселеништво, кој со својата богата пишана продукција, со секој свој наслов ги збогатува хоризонтите на македонската вистина. Во нив тој ја открива болната трагедија на Македонците, подигната до ниво на една колективна национална судбина и историска категорија, исполнувајќи ја притоа општествената мисија во одржувањето и градењето на врските меѓу раселените Македонци и оние што живеат и создаваат во сопствената слободна и независна држава.

Сублимирајќи ја судбината на Македонците на Балканот со онаа на раселените, Катин остварува своевидна историска синтеза која овозможува автентичен поглед на македонската историја, создавана низ вековите, низ нивните буни и востанија против бројните освојувачи. Низ диоптријата на Катин секој Македонец ја согледува големината на просторот на неговата држава, која низ вековите доживувала трансформации во нејзиното распарчување, од нејзините соседи, кои и покрај жилавите напади и освојувања низ вековите, не можеа да ја освојат.

Преокупиран со македонската колективна судбина, Катин останува фанатично приврзан кон оваа важна национална тема. Тој ни ја открива најболната македонска трагедија, кревајќи ја и возвишувајќи ја на ниво на една колективна национална судбина и историска категорија, исполнувајќи ја, притоа, општествената мисија во одржувањето и градењето на врските меѓу раселените Македонци и оние кои живеат и создаваат во Република Македонија. Исто така, егејскиот, односно беломорскиот, пиринскиот и преспанскиот дел во Албанија, Катин ги оживува со цврста историска документираност и која потпира на потребната фактографска аргументираност, што на неговите дела на оваа тема им дава и еден мошне значаен историографски белег.

Катин е автор кој најимпресивно ги доловува талкањата на македонските економски емигранти по светот, односно нивното раселување, па и современото отселување, а низ тоа и нашето размакедончување, нашата најболна рана, која за жал и денес не стивнува. Поминувајќи од судбина до судбина, секоја различна по својот скитнички знак, Катин ефектно го прикажува духот и психата на тие несреќни луѓе, кои се уште не можат да ја прифатат својата судбина. Потврдувајќи се како автор со вистински афинитет кон оваа тема, Катин е нејзин верен и смел истражувач, нејзин страствен опсерватор и протагонист, нејзин очевидец и елоквентен сведок.

Неговите текстови не само што ги опишуваат средбите и настаните, туку предизвикуваат љубов и верност кон Татковината, а низ нив се сублимира и авторовата визија за македонството. Токму поради тоа,делата на Катин имаат и историски аспекти, хуманистички пораки, интимни исповеди, патриотски мечти, но и психолошки и социјални елементи.А најдрагоценото што го нудат, е сознанието дека сето тоа треба да се види со сопствени очи и да се доживее лично. Зашто тој, без предрасуди и хипотеки, едноставно и уверливо, документирано и емотивно, ја прикажува трагедијата и предизвиците на македонските иселеници,како своевиден водич на историската вистина и на македонските судбини низ светот.

Делата на Катин претставуваат илустративен пример за современиот миг на македонскиот државен и политички однос кон нашите иселеници и нивните културни, црковни и спортски друштва и клубови. Однос што отвора нови можности, содржини и перспективи за градење поблиски односи и врски со македонското иселеништво, по примерот на Италија, Грција, Полска и Хрватска. Колку ќе се успее во тоа, ќе покаже иднината. Зашто во минатото миграциони процеси во Македонија се одвивале паралелно со актуелните настани на Балканот, кога македонскиот народ влегувал во разни фази на туѓи влијанија. Во ситуациите кога запаѓал во нови зависни состојби, неговата економска состојба се влошувала. Не е случајно што македонскиот печалбарски бран

tiny, not only in the country he moved to, but also in his Homeland. Slavè Katin is considered one of the best experts on the Macedonian emigration, who with his rich written production, with every one of his titles enriches the horizons of Macedonian truth. In them, he reveals the painful tragedy of the Macedonian people, raised to the level of a collective national destiny and historical category, thereby fulfilling the social mission of maintaining and building the ties between the displaced Macedonians and those who live and create in their own free and independent state.

By sublimating the fate of the Macedonians in the Balkans with that of the displaced, Katin achieves a sort of historical synthesis that allows for an authentic view of Macedonian history, created over the centuries, through their rebellions and uprisings against numerous conquerors. Through Katin's lens, every Macedonian perceives the vastness of his country's space, which has experienced transformations in its dismemberment over the centuries by its neighbors, who, despite the tenacious attacks and conquests over the centuries, could not conquer it.

Preoccupied with the Macedonian collective destiny, Katin remains fanatically attached to this important national theme. He reveals to us the most painful Macedonian tragedy, raising and exalting it to the level of a collective national destiny and historical category, fulfilling, in doing so, the social mission in maintaining and building the ties between the displaced Macedonians and those who live and create in the Republic of Macedonia. Also, Katin brings the Aegean, i.e. the White Sea, Pirin and Prespa parts of Albania to life with solid historical documentation which relies on the necessary factual argumentation and gives his works on this topic a very significant historiographical mark.

Katin is an author who most impressively captures the wanderings of Macedonian economic emigrants around the world, i.e. their displacement, and even the modern emigration, and through that our de-Macedonianization, our most painful wound, which, unfortunately, does not subside even today. Passing from fate to fate, each different in its wandering sign, Katin effectively depicts the spirit and psyche of those unfortunate people, who are still unable to accept their fate. Confirming himself as an author with a true affinity for this topic, Katin is its faithful and courageous researcher, its passionate observer and protagonist, its beholder and eloquent witness.

His texts not only describe the meetings and events, but also evoke love and loyalty to the Fatherland, and through them the author's vision of Macedonian nationalism is sublimated. For this reason precisely, Katin's works have historical aspects, humanistic messages, intimate confessions, patriotic dreams, but also psychological and social elements. And the most precious thing they offer is the realization that all this should be seen with one's own eyes and experienced personally. Because he, without prejudices and assumptions, simply and convincingly, documented and emotionally, depicts the tragedy and challenges of Macedonian expatriates, as a kind of guide to the historical truth and the Macedonian destinies around the world.

Katin's works represent an illustrative example of the contemporary moment of the Macedonian state and political attitude towards our expatriates and their cultural, church and sports societies and clubs. A relationship that opens up new opportunities, content and perspectives for building closer relations and connections with the Macedonian diaspora, following the example of Italy, Greece, Poland and Croatia. How much this will be successful, only future will tell. Because in the past, migration processes in Macedonia took place in parallel with the current events in the Balkans, when the Macedonian people entered various phases of foreign influences. In situations when they fell into new dependent states, their economic situation deteriorated. It is no coincidence that the Macedonian wave of emigration began a long time ago. The end of the 19th century registered larger Macedonian emigrant groups, especially from the Bitola, Lerin and Prespa regions, to the USA, and after the First World War to Australia. After the Ilinden Uprising, emigra-

започнал многу одамна. Крајот на 19-от век регистрира поголеми македонски преселнички групи, особено од Битолско, Леринско и Преспа, во САД, а по Првата светска војна и во Австралија. По Илинденското востание печалбарството се засилило,а продолжило и по Балканските и Првата светска војна.

Иселувањето продолжило и меѓу двете светски војни, а особено по Втората светска војна, кога била поразена Демократската армија на Грција, во Граѓанската војна, на чија страна учествувале Македонците од егејскиот дел на Македонија, надевајќи се на дефинитивно стекнување со национални и социјални права.Наместо тоа, доаѓа до масовни преселби, особено од Леринскоко-костурскиот крај.Во фокусот на Катин се и други специфични периоди, кои довеле до преселби во други земји, а особено во САД и Канада.

Во обединувачкиот чин на Македонците во дијаспорта, посебно место и улога има Македонската православна црква, чие делување континуирано го следи перото на Катин. По обновувањето на Охридската архиепископија во 1958 година и по прогласувањето на автокефалноста во 1967 година, МПЦ направи силен пробив и во преку океанските и европските држави. До крајот на Народно-ослободителната војна Македонците во дијаспората се приклучувале кон други православни цркви, вршејќи ги православните обреди, не на македонски јазик и не во свои цркви.

Првата иницијатива за МПЦ се роди во Мелбурн, Австралија, во 1956 година. Новоизграденият храм „Свети Ѓорѓи" во Фицрој е првата МПЦ осветена од македонски владика во 1960 година. Веќе во 1962 година е поставен каментемелник на МПЦ „Свети Петар и Павле" во Гери – Индијана, а во 1964 година на црквата „Свети Климент Охридски" во Торонто. До Втората светска војна,бројот на Македонците во Австралија беше само неколку илјади. Меѓутоа, по војната овој број рапидно се зголемува, бидејќи, речиси цели села од егејскиот дел на Македонија, како и од Битолско, од Охридско, од Преспанско и од други делови на Македонија,се преселија во Австралија и Канада. И така, никнуваа македонските православни цркви во светот. Овој феномен станува посебна преокупација на Катин, кој на оваа тема дава посебно место во своите дела за дијаспората.

За егзодусот на Македонците, расеани на сите континенти и нивната вековна битка за опстанок и зачувување на својот национален идентитет, Катин продолжува да зборува и во неговото наредно дело *„Македонски иселенички џанопшикум"* (Друштво за наука и уметност, Битола, 1996, 1-296, на македонски јазик). Негова преокупација се пулсациите на нивниот ангажман во изградбата на новата и одржувањето на врските со старата татковина, со што во иселеничката галаксија вградува нови и привлечни cosвездија, со кои е автентичен и препознатлив, не само на нашите, туку и на други меѓународни простори, на кои е се' почесто присутен.

Очигледно е дека истражувачката трансферзала на Катин се движи во координати кои откриваат низа сличности во одот низ маките на македонскиот и еврејскиот народ во Европа и светот, правејќи ги комплементарни за проучување низ феноменот на миграциите во планетарни рамки, но и низ нивните генетски пориви и нивното влијание врз промените во државите во кои се стационирани на подолг рок.

Во делото *„Македонски иселенички џанопшикум"*, Катин, низ сите аспекти, тоа евидентно го покажува и докажува,откривајќи низа значајни визури од животот и дејствувањето на македонското иселеништво во развојот и унапредувањето на економските и културните процеси во тие држави, со што и ги збогатува општите сознанија за скромниот придонес на Македонците и на овој план.

Посебно место во ова значајно дело на Катин имаат процесите на сопственото организирање и функционирање на Македонците во новата средина, а во тие рамки и придонесот на Македонската православна црква, која не само што ги организира и координира, туку и успешно ги синхронизира иницијативите и активностите на Македонците, без оглед на нивната социјална структура. Причините за тоа, не се само во дис-

tion intensified, and continued after the Balkan and First World Wars.

The emigration continued between the two world wars, and especially after the Second World War, when the Democratic Army of Greece was defeated, in the Civil War, on whose side the Macedonians from the Aegean part of Macedonia participated, hoping for a definitive acquisition of national and social rights. Instead, there were mass migrations, especially from the Lerin-Kostur region. Katin's focus is also on other specific periods, which led to migrations to other countries, especially to the USA and Canada.

In the act of unifying Macedonians in the diaspora, Macedonian Orthodox Church has a special place and role, and its activities are continuously followed by Katin's pen. After the restoration of the Ohrid Archbishopric in 1958 and after the proclamation of autocephaly in 1967, the MOC made a solid breakthrough in overseas and European countries. Until the end of the National Liberation War, Macedonians in the diaspora joined other Orthodox churches, performing Orthodox rites, not in the Macedonian language and not in their own churches.

The first initiative for the Macedonian Orthodox Church was born in Melbourne, Australia, in 1956. The newly built church "St. George" in Fitzroy was the first Macedonian Orthodox Church consecrated by a Macedonian bishop in 1960. Already in 1962, the cornerstone of the Macedonian Orthodox Church "St. Peter and Paul" in Gary - Indiana was laid, and in 1964 of the church "St. Clement of Ohrid" in Toronto. Until the Second World War, the number of Macedonians in Australia was only a few thousand. However, after the war, this number increased rapidly, as almost entire villages from the Aegean part of Macedonia, as well as from the Bitola, Ohrid, Prespa and other parts of Macedonia, moved to Australia and Canada. And thus, Macedonian Orthodox churches sprang up around the world. This phenomenon became a special preoccupation of Katin, who gave this topic a special place in his works on the diaspora.

Katin continues to speak about the exodus of Macedonians, scattered across all continents, and their centuries-old battle for survival and preservation of their national identity in his next work, "Macedonian Emigrant Panopticon" (Society for Science and Art, Bitola, 1996, 1-296, in Macedonian). His preoccupation is the pulsations of their engagement in building the new and maintaining ties with the old homeland, thus incorporating new and attractive constellations into the emigrant galaxy, through which he is authentic and recognizable, not only in our country, but also in other international areas, where he is increasingly present.

It is obvious that Katin's research transfersal progresses in coordinates that reveal a series of similarities in the journey through the suffering of the Macedonian and Jewish people in Europe and the world, making them complementary for study through the phenomenon of migrations in planetary frameworks, but also through their genetic urges and their influence on changes in the countries in which they are stationed in the long term.

In the book "Macedonian emigrants panopticum", Katin, through all aspects, evidently shows and proves this, revealing a series of significant visions of the Macedonian emigration's life and work in the development and advancement of economic and cultural processes in those countries, thereby enriching the general knowledge about the modest contribution of the Macedonians in this regard.

A special place in this significant work of Katin is dedicated to the processes of the Macedonians' own organization and functioning in the new environment, and within that framework, the contribution of the Macedonian Orthodox Church, which not only organizes and coordinates, but also successfully synchronizes the initiatives and activities of the Macedonian people, regardless of their social structure. The reasons for this are not only in the distance from their homeland or in their nostalgia, but also in the sense of belonging to an old ethnic community, whose survival has depended and still depends on the functioning of the laws relevant to the "conquest" of space within other planetary spaces and civilizations. This is precisely why Katin's indications that Macedonia

танцата од родниот крај или во носталгијата за него, туку и во чувството за припадност на една стара етничка заедница, чиј опстанок зависел и зависи од функционирањето на законитостите релевантни за „освојување“ на просторот во рамките на други планетарни простори и цивилизации. Токму поради тоа и укажувањата на Катин дека Македонија како самостојна и независна држава треба посмело да ги користи светските искуства на нашите сонародници во САД, Канада, Австралија и Европа (Европската Унија), кои нам во овој поглед, очигледно ни недостасуваат.

Катин нуди една нова диоптрија за поинакво фокусирање на миграционите процеси меѓу Македонците. Таа е книга за едно пофундирано проучување на овој феномен, кој своите вистински димензии,значење и суштина,се повеќе ќе ги добива токму во оваа фаза од развојот на Македонија, како независна држава и рамноправен меѓународен субјект, прифатен и признат од светската заедница на народите, со своја историја и култура, без чии вредности не може да се замисли ризницата на светската култура.Дел од богатствата на македонскиот дух, преку фолклорот, музиката и песната, носијата, накитот и резбата, веќе се присутни на културните просто-ри на државите во кои Македонците се времено или трајно населени, како што е присутно и нивното книжевно творештво на својот мајчин или на јазикот на кој зборува македонскиот народ. Во сегашниот миг, а и во иднина ова дело, како и целокупниот опус на Катин, ќе претставува значајна и своевидна аргументација за одбраната на националното, духовното и културното битие на Македонецот во светот.

Еден од добрите познавачи на неговото творештво, митрополитот Кирил, во повеќе прилики по повод промоциите на делата на Катин, ќе истакне: *„Имам посебна чест и големо задоволство, пред сè, во квечериетo на големиот христијански празник Цветници, а особено во пресрет на празникот над празниците, Светото Христово Воскресение - Велигден, како и големите јубилејни чествувања: 100 години од Илинденското востание, 100 години од Македонското иселеништво и 40 години од евангелисувањето на првата Македонска православна црква „Свети Петар и Павле“ во градот Гери, Индијана, во САД, да бидам еден од учесниците на промоцијата на делото „Македонците во Соединетите Американски Држави и во Канада“.*

Како долгогодишен надлежен епархиски архијереј на Македонската православна црква за прекуокеанските земји, сакам за господиност Славе Катин да ви претставам дел од севкупното национално-духовно, црковно и културно-просветно опстојување на нашите по крв и вера браќа и сестри Македонци кои се определиле да живеат во демократските и од Бога благословени држави САД и Канада.

Мојот неколкудецениски драг пријател и истакнат оригинален хроничар на македонската иселеничка голгота и вознес во период од 4 децении, братот по Господа, Славе Николовски-Катин. Во оваа пригода сакам да нагласам дека познанството, соработката и другарувањето со господиност Катин трае од 1969 година, од времето на моето востоличување за надлежен архијереј на Американско-канадската македонска православна епархија, во црквата „Свети Климент Охридски“, во космополитскиот прекрасен град Торонто, Канада.

Оттогаш до денес со внимание ја следам неговата плодотворна и беријќетна творечка дејност, за која повеќепати сум се изјаснил. Еден од овие прекрасни мигови беше и промоцијата на монографијата за Македонската православна црква „Свети Климент Охридски“ од Торонто, којашто беше извршена во истоименатa црква во 1994 година. Еве и денес ја имам таа посебна чест и задоволство, драги браќа и сестри во Господа, да зборувам за уште едно негово животно дело насловено „Македонците во САД и во Канада“. Ова дело кон крајот на минатата година, поточно на патрониот празничен ден на свети Климент Охридски ја доживеа својата промоција во Торонто, а потоа и во Детроит, двата големи центра на македонската дијаспора на северноамериканскиот континент“, рече митрополитот Кирил.

Душан Ристевски – Македон

as an independent and sovereign state should more boldly use the world experiences of our compatriots in the USA, Canada, Australia and Europe (the European Union), which we clearly lack in this regard.

Katin offers a new lens for a different focus on the migration processes among Macedonians. It is a book for a more well-founded study of this phenomenon, which will increasingly gain its true dimensions, meaning and essence precisely in this phase of Macedonia's development, as an independent state and an equal international subject, accepted and recognized by the world community of nations, with its own history and culture, without whose values the treasury of world culture cannot be imagined. Part of the treasures of the Macedonian spirit, through folklore, music and song, costumes, jewelry and carving, are already present in the cultural spaces of the countries in which Macedonians are temporarily or permanently settled, as is their literary work in their native language or in the language spoken by the Macedonian people. At the present moment, and in the future, this work, as well as Katin's entire opus, will represent a significant and unique argument for the defense of the national, spiritual and cultural being of the Macedonian in the world.

One of the esteemed connoisseurs of his work, Metropolitan Kirill, on several occasions during Katin's book launches has often remarked: "*It is with a profound sense of privilege and great joy, especially on the eve of the solemn Christian celebration of Palm Sunday, and particularly the radiant Feast of the Holy Resurrection of Christ—Easter, in addition to the grand jubilee celebrations marking 100 years since the Ilinden Uprising, 100 years of Macedonian emigration, and 40 years of the evangelization of the first Macedonian Orthodox Church, St. Peter and Paul, in Gary, Indiana, USA, I am honored to take part in the book launch of "Macedonians in the United States of America and Canada."*

As a long-serving and respected diocesan hierarch of the Macedonian Orthodox Church overseeing the diaspora in the overseas countries, I would like to present, on behalf of Mr. Slavè Katin, a glimpse into the collective national-spiritual, ecclesiastical, and cultural-educational perseverance of our Macedonian brothers and sisters by blood and faith who have chosen to make their homes in the democratic and God-blessed nations of the United States and Canada.

My dear friend of many decades, and a distinguished and authentic chronicler of the Macedonian emigrant experience—its Golgotha and triumphs over the course of four decades—my brother in the Lord, Slavè Nikolovski-Katin. On this occasion, I would like to emphasize that my acquaintance, collaboration, and friendship with Mr. Katin began in 1969, during the time of my consecration as the responsible hierarch for the American-Canadian Macedonian Orthodox Diocese, at the Saint Clement of Ohrid Church in the cosmopolitan and beautiful city of Toronto, Canada.

Since that time, I have closely followed Mr. Katin's fruitful and significant creative endeavors, which I have always held in high regard. A particularly memorable moment in this shared history was the book launch of the monograph on the Macedonian Orthodox Church St. Clement of Ohrid in Toronto, a monumental event held in the church of the same name in 1994. It is with great honor and joy, dear brothers and sisters in Christ that I now speak to you of another of his life's works, titled The Macedonians in the USA and Canada. This work was first promoted last year on the patron saint's day of St. Clement of Ohrid, in Toronto, and then in Detroit—two of the most prominent centers of the Macedonian diaspora on the North American continent", said Metropolitan Kiril.

Dushan Ristevski - Makedon

ALEXANDER III THE MACEDONIAN (r.336-323 bc)
GREAT MACEDONIAN EMPIRE
(336 - 300 BC)

МАКЕДОНИЈА
МАКЕДОНИЈА

Србија
Софија
Косово
Бугарија
Куманово
Скопје
К. Паланка
Тетово
Република Македонија
Горна Џумаја
Велес
Штип
Пиринска Македонија
Дебар
Вардарска Македонија
Струмица
Прилеп
М А К Е Д О Н И Ј А
Струга
Охрид
Битола
Сер
Драма
Кавала
Кукуш
Гревена
Воден
Лерин
Пазар
Солун
Горица
Костур
Албанија
Бер
Егејска Македонија
Егејско (Бело) Море
Грција

MACEDONIA
MACEDONIA
MACEDONIA

ДЕЛ ЕДЕН

МАКЕДОНИЈА

МАКЕДОНИЈА – ЗЕМЈА НА НЕПОКОРОТ И ВЕЧНАТА ИДНИНА

ИСТОРИСКИОТ РАЗВОЈ НА ИСЕЛУВАЊЕТО ОД ПРЕСПА И ЕТНИЧКА МАКЕДОНИЈА

ДЕЛ ОД ИСТОРИЈАТА НА ДОЛНА ПРЕСПА

ВИНИЦА – МАКЕДОНСКО - АНТИЧКИ ЦЕНТАР

СКОПЈЕ – ГРАДОТ НА МОЈАТА МЛАДОСТ И СТАРОСТ

Не прашувај што сторила
Татковината за тебе
Туку што можеш ти
Да сториш за неа!

Џон Ф. Кенеди

PART ONE

MACEDONIA

MACEDONIA – LAND OF UNYIELDINGNESS AND ETERNAL FUTURE

THE HISTORICAL DEVELOPMENT OF THE EMIGRATION FROM PRESPA AND ETHNIC MACEDONIA

PART OF THE HISTORY OF DOLNA PRESPA

VINICA – MACEDONIAN - ANCIENT CENTER

SKOPJE – THE CITY OF MY YOUTH AND AUTUMN OF MY LIFE

Ask not what country
Can do for you
Ask what you can do
For your country

John F. Kennedy

Револуционерно Крушево / Revolutionary Krusevo

Гробот на Гоце Делчев / The grave of Goce Delchev

Споменикот АСНОМ во Скопје / The ASNOM monument in Skopje

Собранието на Република Македонија / The Parliament of the Republic of Macedonia

МАКЕДОНИЈА – ЗЕМЈА НА НЕПОКОРОТ И ВЕЧНАТА ИДНИНА

Целата историја на Европа е поврзана со Македонија. Европа ја подели Македонија во 1913 година, за време на Првата светска војна кога на македонска територија се водеа најголемите битки. Беа направени обиди за асимилација на Македонците, за среќа неуспешни. На крајот, во еден дел од Македонија, Македонците создадоа своја држава во рамките на Југославија.

Но, таквата причина ја исплаши Грција, па направи егзодус на Македонците. Македонците се потомци на Филип и Александар и имаат право да живеат во своја држава. Но, се плашам дека нивната богата историја во иднина ќе им донесе огромни проблеми кои Бугарија и Грција ќе им ги наметнат затоа што се плашат од постоењето на Македонија и Македонците.

Но, непобитен факт е дека Македонецот и покрај сите обиди и притисоци за негова асимилација, се задржа и преживеа. Тоа покажува дека овој народ како библиски народ успеал да се спротивстави и да ги издржи сите освојувања, угнетувања и негирања. Македонија е единствената земја со најдолга и најстара историја од која било друга земја во светот. Нејзините корени се античките Македонци, а водачи се Филип и Александар Македонски.

Од нивното време, преку владеењето на Рим и Византија, но и преку големите преселби на Словените на југ, потоа османлискиот и други периоди, Македонија отсекогаш била граница и раскрсница на различни цивилизации, култури, јазици и религии. Непобитен факт е дека кога Европа беше во темнина, само факелот на македонската култура ја осветлуваше. Меѓу другото, Охридскиот универзитет Свети Климент блесна како симбол на една од најстарите цивилизации на континентот.

Почнувајќи од IV век па наваму, на овие простори преовладувало христијанството како религија. Тоа го потврдуваат археолошките откритија и многубројните христијански цркви, епископските катедрали, базиликите, крстилниците и другите сакрални градби од големи размери, кои покажуваат дека христијанството пуштил длабоки корени и е добро организирано во Македонија од самиот почеток до денес.

Еден од најзначајните настани што се случиле во минатото во Македонија е првото писмо на Свети Кирил Солунски, кое има историско значење за сите словенски народи. Така, првите преводи на богослужбени книги на старословенски, или старомакедонски, го одбележале периодот кога покрај латинскиот, хеленскиот и хебрејскиот, тој го пронашол своето писмо меѓу владејачките јазици. Оттогаш, Господовото писмо почна да се шири и на нашиот јазик, а луѓето почнаа да пишуваат и читаат книги напишани на сесловенско-старомакедонска азбука и јазик.

Несомнено, овој настан е од епохално значење за македонскиот народ. Прво, затоа што браќата свети Кирил и Методиј биле од Солун, Македонија, и второ, затоа што првите книги напишани на старомакедонско-пансловенски јазик биле на јазикот на македонските Словени. Очигледно, светите Кирил и Методиј не можеле да користат друг јазик освен јазикот на Македонците, кои живееле во нивниот град - Солун и околните места.

MACEDONIA – LAND OF UNYIELDINGNESS AND ETERNAL FUTURE

The entire history of Europe is connected with Macedonia. Europe divided Macedonia in 1913, during the First World War when the biggest battles were fought on Macedonian territory. Attempts were made to assimilate the Macedonians, fortunately without success. In the end, in one part of Macedonia, the Macedonians created their own State within the framework of Yugoslavia.

However, such a reason made Greece fearful, so it made an exodus over Macedonians. The Macedonians are descendants of Philip and Alexander and have the right to live in their own country. But I am afraid that their very rich history will bring them too big problems in the future which will be imposed on them by Bulgaria and Greece because they are afraid of the existence of Macedonia and the Macedonians.

However, the fact is undeniable that the Macedonian, in spite of all the attempts and pressures for his assimilation, held his own and survived. It shows that this people, as biblical, managed to resist and endure all the conquests, oppressions and denials. Macedonia is the only country with the longest and oldest history of any other country in the world. Its roots are the ancient Macedonians, and its leaders Philip and Alexander the Great.

From their time, through the rule of Rome and Byzantium, but also through the great migrations of the Slavs to the south, then the Ottoman and other periods, Macedonia has always been a border and crossroads of different civilizations, cultures, languages and religions. The fact is undeniable that when Europe was in the dark, the torch of Macedonian culture was the only one that lit it up. Among other things, the Ohrid University of St. Klimenta radiated as a symbol of one of the oldest civilizations on the continent.

Starting from the 4th century onwards, Christianity prevailed as a religion in these areas. This is confirmed by archaeological discoveries and numerous Christian churches, episcopal cathedrals, basilicas, baptisteries and other sacred buildings of large dimensions, which show that Christianity was deeply rooted and well organized in Macedonia from the very beginning until today.

One of the biggest events that occurred in the past in Macedonia was the first alphabet of St. Cyril of Thessaloniki, which has historical significance for all Slavic peoples. Thus, the first translations of liturgical books into Old Slavic, that is, into Old Macedonian, marked the period when, in addition to Latin, Hellenic and Hebrew, he was found with his script among the ruling languages. Since then, the Lord's letter began to spread in our language, and people began to write and read books written in the all-Slavic-Old Macedonian alphabet and language.

Undoubtedly, this event is of epochal significance for the Macedonian people. Firstly, because the holy brothers Cyril and Methodius were from Thessaloniki, Macedonia, and secondly, because the first books written in the Old Macedonian-Slavonic language were in the language of the Macedonian Slavs. Obviously, Saints Cyril and Methodius could not use any other language than the language of the Macedonians, who lived in their city - Thessaloniki and the surrounding areas.

Another epochal event for the Macedonians happened at the beginning of the 11th century,

Уште еден епохален настан за Македонците се случил на почетокот на XI век, кога македонскиот цар Самуил ја преселил својата престолнина во Преспа, а потоа во Охрид. Остатоците од неговите тврдини што ги гледаме денес, како траен белег на нашето славно минато, се доказ за тоа.

Овде остана и седиштето на Охридската архиепископија, до нејзиното укинување во 1767 година. Инаку, со прогласувањето на Патријаршијата, цар Самуил, од првиот Охридски патријарх, не случајно бил прогласен за цар.

Османлиите не ја укинале веднаш автокефалноста на Охридската архиепископија, туку покажале толеранција кон христијанската вера.

По освојувањето на Охрид во 1408 година, цела Македонија се нашла под јаремот на Отоманската империја. Но и покрај тоа, Османлиите не само што не ја ограничиле независноста на Охридската архиепископија, туку и ја зголемиле нејзината моќ, за да ја ослабат Патријаршијата во Цариград. Меѓутоа, проширувањето на феудалниот систем во Турција, објективно значело слабеење на Охридската архиепископија.

Македонскиот народ и неговата црква, во тешката ситуација во која се нашле, биле под постојан притисок од Цариградската патријаршија и од католичката пропаганда во Рим. Патријаршијата применила различни методи за елинизација на македонскиот народ и уништување на неговата црква, во лицето на Охридската архиепископија. За таа цел не беа избрани средства и методи за наметнување на Патријаршијата на тогашните црковни власти. Така таа во 1767 година ја укина Охридската архиепископија со што му нанела големи штети на македонското христијанско население.

Иако Балканските војни (1912–1913) значеа своевидно ослободување на Македонија од отоманското ропство, тие всушност и донесоа ново потчинување. Следеше трагичната поделба на Македонија од Грција, Бугарија и Србија, а подоцна и од Албанија, што доведе до уште построги услови и дискриминација за македонскиот народ.

Не само што беше негирана македонската нација, туку беше забранета и употребата на македонскиот јазик, особено во Егејска Македонија, каде што беа применувани строги казни за оние кои се дрзнаа да зборуваат на македонскиот јазик. Во Србија, која подоцна прерасна во Кралство на Србите, Хрватите и Словенците, под југословенската монархија, Македонија беше колонизирана. На Македонците повторно им беше ускратен националниот идентитет, а нивниот јазик беше потиснат. Слична им беше судбината во Бугарија, во Пиринска Македонија.

Вековната борба на македонскиот народ за национална и социјална слобода, борбата за правда и вистина, особено неговото активно вклучување во антифашистичката коалиција, по Втората светска војна, му овозможи стекнување на суверена држава, национални институции и разновиден опсег на културна комуникација со светот. Македонскиот јазик стана официјален јазик на Република Македонија, познат и признат во светот.

Се изучува на повеќе универзитети на повеќе континенти и придонесува за ширење на вредностите на македонската култура и нивно вклучување во ризницата на светската култура. За жал, во деловите на Македонија, особено оние кои се' уште се дел од Грција, Бугарија и Албанија, продолжуваат со негативниот однос кон македонскиот идентитет.

По ослободувањето, цела Република Македонија доживеа силен подем во образованието, културата и градежништвото, како и во општествениот живот. Така, Македонија со референдумот од 8 септември (гроздобер) 1991 година беше конституирана како посебна, независна и суверена држава - Република Македонија. Тогаш, во тие ѕвездени моменти, Република Македонија стана членка на Обединетите нации и постојана членка на многу меѓународни организации.

when the Macedonian king Samuil moved his capital to Prespa, and then to Ohrid. Evidence of that is the remains of its fortresses that we see even today, as a permanent mark of our glorious past.

The seat of the Ohrid Archbishopric remained here, until its abolition in 1767. Otherwise, with the announcement of The Patriarchate, Tsar Samuil, from the first Ohrid Patriarch, was not accidentally proclaimed emperor. The Ottomans did not immediately abolish the autocephaly of the Ohrid Archbishopric, but showed tolerance towards the Christian faith.

After the conquest of Ohrid in 1408, all of Macedonia found itself under the yoke of the Ottoman Empire. But despite that, the Ottomans not only did not limit the independence of the Ohrid archbishopric, but also increased its power, in order to weaken the Patriarchate in Constantinople. However, the expansion of the feudal system in Turkey objectively meant the weakening of the Ohrid Archdiocese.

The Macedonian people and their church, in the difficult situation they found themselves in, were under constant pressure from the Patriarchate of Constantinople and from the Catholic propaganda in Rome. The Patriarchate applied various methods for the Hellenization of the Macedonian people and the destruction of their church, in the face of the Ohrid Archbishopric. For this purpose, no means and methods were chosen to impose the Patriarchate on the church authorities of that time. Thus, in 1767, it abolished the Ohrid archbishopric, which caused great damage to the Macedonian Christian population.

Although the Balkan Wars (1912–1913) meant a kind of liberation of Macedonia from Ottoman Slavery, they actually brought it a new subjugation. The tragic division of Macedonia by Greece, Bulgaria, and Serbia, and later by Albania followed, which led to even harsher conditions and discrimination for the Macedonian people.

Not only was the Macedonian nation denied, but the use of the Macedonian language was also prohibited, especially in Aegean Macedonia, where severe penalties were applied to those who dared to speak the Macedonian language. In Serbia, which later grew into the Kingdom of Serbs, Croats, and Slovenes, under the Yugoslav monarchy, Macedonia was colonized. The Macedonians were again denied their national identity, and their language was suppressed. Their fate was similar in Bulgaria, in Pirin Macedonia.

The centuries-old struggle of the Macedonian people for national and social freedom, struggle for justice and truth, especially their active involvement in the anti-fascist coalition, after the Second World War, enabled them to gain a sovereign state, national institutions and a diverse range of cultural communication with the world. The Macedonian language became the official language of the Republic of Macedonia, known and recognized worldwide.

It is studied at many universities on several continents and contributes to the spread of the values of Macedonian culture and their inclusion in the treasury of world culture. Unfortunately, in the parts of Macedonia, especially those that are still part of Greece, Bulgaria and Albania, the negative attitude towards the Macedonian identity continues.

After the liberation, the entire Republic of Macedonia experienced a strong rise in education, culture and construction, as well as in social life. Thus, Macedonia, with the Referendum of September 8 (grozdober – old Macedonian name for September) 1991, was constituted as a separate, independent and sovereign state - the Republic of Macedonia. Then, in those stellar moments, the Republic of Macedonia became a member of the United Nations and a permanent member of many international organizations.

ИСТОРИСКИОТ РАЗВОЈ НА ИСЕЛУВАЊЕТО ОД ПРЕСПА И ЕТНИЧКА МАКЕДОНИЈА

Развојниот пат на македонското иселеништво во основа се совпаѓа со развојот на настаните на Балканот и уште повеќе во зависност од тоа како се движеле настаните околу Македонија. Како резултат на тоа преселничките печалбарски движења на Македонците и нивниот интензитет биле условени, пред се`, од тешките економски услови за живеење и работа, а во многу помалку случаи и од причини што имаат национално-политички карактер. Тешките, лоши, често и невозможни услови за живеење и постојаната борба за опстанок присилиле голем број Македонци да се определат, покрај другото, и за печалбарството.

Затоа, печалбарството при крајот на 19-от и почетокот на 20-от век станало масовна појава и еден од најсилните докази за неподносливата состојба, особено во македонските села. Селаните масовно ја напуштале Македонија и оделе во Солун, Цариград, Смирна, Скадар и надвор од границите на Турција во соседните земји: Србија, Грција, Бугарија и Романија, а понекогаш и во Австро-Унгарија, Франција и Египет. Така, по неколку илјади од Леринско, Преспа и Костурско секоја година оделе во Цариград и Смирна; од Струшко и Битолско најчесто се упатувале за Скадар; од прилепските села и од градот оделе во Србија и Бугарија; од Охрид и околината оделе во Србија, Бугарија и Романија, а голем број печалбари имало од Велешко, Кичевско, Демирхисарско и Тетовско. По некое непишано правило, печалбарите се враќале дома по неколку години и со спечалените пари најчесто купувале имот.

Исто така, при крајот на 19-от век и на почетокот на 20-от век Македонците почнале да одат на печалба и во прекуокеанските земји, САД, Канада, Австралија и Јужна Америка (особено Аргентина). Така, се знае дека првите печалбари од Македонија пристигнале на северно-американскиот континент во 1885, а првата поголема група претежно од селото Буф, Леринско, во 1898 година. Во Австралија првите Македонци – печалбари пристигнале по Првата Светска Војна, а првите групи дошле во 1924 година, слично како и во Јужна Америка.

Печалбарството, односно преселувањето, пак, од Македонија во САД и Канада е карактеристично за традиционално иселеничките краишта: Леринско, Битолско, Преспанско, Костурско, Охридско, Воденско, Прилепско, Струшко, Солунско, Тетовско и други делови на Македонија. Иселеничките движења од овие краишта се засилиле по Илинденското востание во 1903 година, а особено иселувањето било изразено по Балканските војни и по Првата Светска Војна, кои наместо слобода од петвековното ропство, на Македонците им донеле тројна поделба, угнетување, асимилација, денационализација и физичко уништување, што ги спроведувале порано ослободените соседи, Бугарија, Кралска Југославија, Грција и Албанија.

Она што се случувало во минатото во периодот од неколку векови, по Првата Светска Војна, за релативно кусо време во одделни делови на Македонија настанале крупни миграциони движења и етнички измени кои имале катастрофални последици за македонското население.

Бранот на иселување од Македонија, главно, од традиционално иселеничките краишта се засили по Илинденското востание 1903 година,

THE HISTORICAL DEVELOPMENT OF THE EMIGRATION FROM PRESPA AND ETHNIC MACEDONIA

The development of Macedonian emigration largely coincided with the unfolding events in the Balkans, and even more so, with the developments around Macedonia itself. As a result, the migration patterns and movements of Macedonians, along with their intensity, were primarily driven by difficult economic conditions and, in fewer cases, by national-political reasons. The harsh, impoverished, and often unbearable living conditions, coupled with the constant struggle for survival, forced many Macedonians to seek work abroad.

Thus, migrant labor became a mass phenomenon at the end of the 19th and the beginning of the 20th century, serving as one of the strongest indicators of the dire situation, especially in the Macedonian villages. Peasants left Macedonia in large numbers, heading to Thessaloniki, Constantinople, Smyrna, Shkodra, and beyond the borders of Turkey to neighboring countries: Serbia, Greece, Bulgaria, and Romania, and sometimes even to Austria-Hungary, France, and Egypt. Every year, several thousand people from the Lerin, Prespa, and Kostur regions went to Constantinople and Smyrna; those from the Struga and Bitola regions most often traveled to Shkodra; people from the villages of Prilep and the city headed to Serbia and Bulgaria; from Ohrid and the surrounding areas, they traveled to Serbia, Bulgaria, and Romania, while a large number of migrant workers came from the Veles, Kichevo, Demirhisar, and Tetovo regions.

According to an unwritten custom, migrant workers typically returned home after a few years, and with the money they earned, they often bought property.

At the end of the 19th and the beginning of the 20th century, Macedonians began migrating to overseas countries such as the USA, Canada, Australia, and South America (particularly Argentina). The first Macedonian emigrants arrived on the North American continent in 1885, with the first larger group, mainly from the village of Buf in Lerin, arriving in 1898. In Australia, the first Macedonian emigrants arrived after World War I, with the first groups arriving in 1924, similarly to South America. Emigration from Macedonia to the USA and Canada was especially common in traditionally emigrant regions, including Lerin, Bitola, Prespa, Kostur, Ohrid, Voden, Prilep, Struga, Thessaloniki, Tetovo, and other parts of Macedonia. Emigration movements from these regions increased after the Ilinden Uprising in 1903 and were particularly pronounced after the Balkan Wars and World War I. Instead of bringing freedom from five centuries of slavery, these events led to the division, oppression, assimilation, denationalization, and physical destruction of the Macedonian people, perpetrated by the previously liberated neighbors: Bulgaria, Royal Yugoslavia, Greece, and Albania.

What had been happening over several centuries in the past took a dramatic turn after the First World War. In a relatively short period, massive migration movements and ethnic changes occurred in certain parts of Macedonia, with catastrophic consequences for the Macedonian population.

The wave of emigration from Macedonia, particularly from traditionally emigrant regions, intensified after the Ilinden Uprising in 1903. This was especially true after the partitions of Macedonia, during the Balkan Wars, and World War I. According to some data, 60 percent of the emi-

особено во периодот по делбите на Македонија, во текот на Балканските и Првата Светска Војна. Така, според некои податоци, од сите три дела на распарчена Македонија, 60 отсто од иселените Македонци биле од егејскиот, 25 отсто од вардарскиот и 15 отсто од пиринскиот дел.

Според Специјалната комисија на ОН за Балканот, пак, во извештајот од 13 мај 1949 година, од Егејска Македонија вкупно се иселени 232.000 Македонци, а на нивно место грчките власти доселија и ја колонизираа грчка Македонија со грчки бегалци од Мала Азија.

Исто така, иселувањата од сите делови на Македонија биле интензивни меѓу двете светски војни, а особено по светската криза. Иселувањето се засилило по Втората Светска Војна, посебно по поразот на Демократската армија на Грција во Граѓанската војна во Грција, на чија страна масовно учествуваше и македонското население од егејскиот дел на Македонија, со надеж дека конечно ќе ги добие своите национални и социјални права.

Поради репресалиите и другите смислени притисоци на грчките власти низ македонското население, во овој период огромен број Македонци и други националности беа присилно принудени на преселување и мораа да ги напуштат своите родни места. Ваквите појави беа особено изразени во Леринско и Костурско.

Карактеристичен е и периодот по 1960 година. Тогаш со отворањето на СФР Југославија спрема светот и со вклучувањето во меѓународната поделба на трудот, паралелно со создавањето на аграрно население во градовите и со либерализацијата на политиката за одење на работа во други земји, дојде до иселување на поголем број работници и интелектуалци од тогашна СР Македонија на северно-американскиот континент. Преселнички движења од Македонија кон светот се присутни и денес, меѓутоа нивниот интензитет е различен, зависно од економско-политичкиот момент во Македонија, на Балканот и во светот.

Поради миграционите движења, како и поради зголемувањето на наталитетот, бројот на македонските доселеници расте од година во година. Меѓутоа, не постојат целосни и попрецизни податоци за бројот на македонските иселеници во прекуокеанските и во западноевропските, како и во некои соседни земји. Некои пореални проценки зборуваат дека од средината на 19 век до денес од сите делови на Македонија, во разни земји во светот се преселиле од 600 до 700 илјади Македонци.

Во отсуство на целосни статистички и други податоци, мошне тешко е реално да се утврди точниот број, меѓутоа, се проценува дека во САД, Канада и во Австралија живеат околу 500 илјади македонски доселеници, од кои околу 150.000 во САД, приближно 1500.000 во Канада, и над 200.000 во Австралија и Нов Зеланд, од кои поголемиот број се од Егејска Македонија, а потоа од Република Македонија и мал број од македонскиот дел во Бугарија и во Албанија. Се проценува дека во Европа и во други земји живеат околу 100.000 македонски иселеници. Постои одреден број доселеници од македонско потекло коишто живеат во Јужна Америка, Египет, Велика Британија, Јужна Африка и во источноевропските земји, како и во Турција, каде има голем број Македонци - муслимани и етнички Турци од Македонија.

Современата економска емиграција голем интензитет забележа во деведесеттите години од минатиот век, кога Македонија ја напуштија над 100 илјади нејзини граѓани (вклучително Македонци, етнички Албанци и други). Тоа го потврдуваат расположливите податоци од последниот попис на населението на Република Македонија.

Во рамките на Пописот 2021 беше овозможено македонските државјани кои живеат и престојуваат во странство повеќе од една година да се самопопишат преку веб-апликација која беше достапна на веб-страницата за Попис. Оваа можност ја искористија 258 932 наши сонародници од кои 24.55 % се изјасниа како Македонци, 66.42 % како Албанци, 4.78 % како Турци и др. Оваа категорија граѓани не влегува во вкупното резидентно население на Република Македонија.

grant Macedonians came from the Aegean part of Macedonia, 25 percent from the Vardar part, and 15 percent from the Pirin part.

According to the UN Special Commission for the Balkans, in its report of May 13, 1949, a total of 232,000 Macedonians were deported from Aegean Macedonia. In their place, the Greek authorities settled Greek refugees from Asia Minor in Greek Macedonia.

Emigration from all parts of Macedonia was intense between the two World Wars, particularly after the global economic crisis. Emigration continued to intensify after the Second World War, especially after the defeat of the Democratic Army of Greece in the Greek Civil War, in which the Macedonian population of the Aegean part of Macedonia participated en masse, hoping to finally gain their national and social rights.

Due to reprisals and other deliberate pressures from the Greek authorities on the Macedonian population, a vast number of Macedonians and other ethnic groups were forcibly relocated and had to leave their homeland. This was especially pronounced in the Lerin and Kostur regions.

The period after 1960 is also significant. With the opening of the Socialist Federal Republic of Yugoslavia (SFRY) to the world and its inclusion in the international division of labor, alongside the growth of the agrarian population in cities and the liberalization of policies regarding work abroad, a large number of workers and intellectuals from the then Socialist Republic of Macedonia emigrated to North America. Migration movements from Macedonia to the world continue to this day, although their intensity varies depending on the economic and political situation in Macedonia, the Balkans, and the world.

Due to migration movements and an increase in the birth rate, the number of Macedonian immigrants continues to grow each year. However, there is a lack of complete and more precise data on the number of Macedonian emigrants in overseas and Western European countries, as well as in some neighboring countries. Some estimates suggest that, from the mid-19th century to the present day, between 600,000 and 700,000 Macedonians have migrated from all parts of Macedonia to various countries around the world.

In the absence of complete statistical data, it is difficult to determine the exact number of emigrants. However, it is estimated that about 500,000 Macedonian immigrants live in the United States, Canada, and Australia. Of these, approximately 150,000 reside in the United States, around 200,000 in Australia and New Zealand, and about 150,000 in Canada. The majority of these immigrants come from Aegean Macedonia, followed by the Republic of Macedonia, with a smaller number from the Macedonian regions of Bulgaria and Albania. It is also estimated that around 100,000 Macedonian emigrants live in Europe and other countries.

Additionally, there are significant numbers of Macedonian-origin immigrants living in South America, Egypt, Great Britain, South Africa, and Eastern European countries, as well as in Turkey, where many Macedonians—both Muslim and ethnic Turks—are settled.

Modern economic emigration peaked in the 1990s, when over 100,000 citizens (including Macedonians, ethnic Albanians, and others) left Macedonia. This is supported by data from the last population census of the Republic of Macedonia.

As part of the 2021 Census, Macedonian citizens living abroad for more than a year were able to self-enumerate via a web application available on the Census website. A total of 258,932 of our compatriots participated in this process. Of these, 24.55% identified as Macedonians, 66.42% as Albanians, 4.78% as Turks, and others. This group of citizens is not included in the total resident population of the Republic of Macedonia.

ДЕЛ ОД ИСТОРИЈАТА НА ДОЛНА ПРЕСПА

СЛАВЕ НИКОЛОВСКИ – КАТИН, кој е познат само како Славе Катин е голем вљубеник во својата родна Преспа, во етничка Македонија и македонскиот народ, како и во Македонската православна црква - Охридска архиепископија и во Македонците насекаде во светот. Тој и' е познат на македонската и на меѓународната јавност по неговите бројни публикации, новинарски и научни трудови кои се посветени, главно, на етничка Македонија и на животот на Македонците во дијаспората.

Славе Катин не припаѓа на политичка партија, бидејќи тој е припадник на етничка Македонија, на Македонците во дијаспората и на Македонската православна црква-Охридска архиепископија (МПЦ-ОА), која како институција игра значајна улога во опфаќањето и сплотеноста на Македонците надвор од Македонија, особено во прекуокеанските земји и насекаде во светот.

Разновидната палета на Катин за реализација на стратешките цели на ова поле опфаќа бројни напори, од кои дел веќе функционираат. Покрај релативно честите посети на трите континенти и неговите приватни средби со мигрантите, преку неговите монографски публикации за најуспешните од нив, Катин, исто така, се обидува да предизвика интерес кај државните лидери во земјата за соработка со дијаспората. Ова особено се очекува со објавување на неговата 55 книга Израел и Македонија (на англиски,македонски и хебрејски).

Катин е роден на 19 август 1941 година во Долна Преспа, во куќа која во тој период ја заплискувале брановите на Преспанското Езеро, во непосредна близина на старата населба Наколец. Тој е роден точно на почетокот на Втората светска војна, кога Хитлеровска Германија, опијанета од идеологијата на фашизмот, се крена против целиот свет, верувајќи дека има сили да завладее со него.

Во неговата биографија е забележано дека извесен период по неговото раѓање, семејството се преселува во Љубојно, од каде е неговата мајка Сандра. До завршувањето на осумгодишното училиште во Љубојно и средното училиште во Скопје го носи презимето на мајка му – Грежловски, а потоа на факултет во Белград продолжува со презимето на неговиот биолошки тако Ристо (Барџевски) – Николовски. Во Љубојно Славе го минува поголемиот дел од детството, од младоста, а се навраќа во него скоро цел живот. Катин таму има библиотека со околу 4.000 книги Таму од мали нозе го почувствувал тешкиот печалбарски живот на луѓето од Преспа, особено преку печалбарската сага на дедо му Алексо (Алек) Ристов – Грежлов во Детроит, мајка му Сандра и очихот Јосиф Ничевски во Торонто

Основното и осумгодишното училиште (со мала матура) го завршува во училиштето „Димитар Влахов" во Љубојно, а Средно техничкото училиште геодетски отсек во училиштето „Здравко Цветковски" во Скопје. Студирал две години Геодезија на Вишата геодетска школа во Белград. се школувал и во Торонто,а дипломирал на Катедрата за англиски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Катин е роден на 19 август 1941 година во Долна Преспа, во куќа која во тој период ја заплискувале брановите на Преспанското Езеро, во непосредна близина на старата населба Наколец. Тој е роден точно на почетокот на Втората светска војна, кога Хитлеровска Германија, опијанета од идеологијата на фашизмот, се крена против целиот свет, верувајќи дека има сили да завладее со него.

Во големата светска катаклизма, во семејството на Сандра и Ристо Николовски (Барџевски кој во 1944 ја напушти Македонија и го заврши бурниот живот во Рио де Жанеито,во Бразил) се родил си-

PART OF THE HISTORY OF DOLNA PRESPA

SLAVE' NIKOLOVSKI – KATIN, who is known only as Slavè Katin, is a great lover of his native Prespa, of Macedonia, ethnic Macedonians, as well as of the Macedoniaj Orthodox Churvh-Ohrid Arcbisopric and the Macedonian Diaspora. He is known to the Macedonian and international community for his numerous publications, journalistic and scientific papers devoted mainly to the ethnic Macedonia and the Macedonians in the world.

Slavè Katin does not belong to any political party, because he belongs to the Ethnic Macedonia, to the Macedonians in the Diaspora and to the Macedonian Orthodox Church-Ohrid Archbishopric, which as an institution plays an important role in gathering of the Macedonians outside Macedonia, especially in the overseas countries and all over the world.

Katin's diverse palette for realization of the strategic objectives in this field covers numerous endeavors, part of which is already functioning. In addition to his relatively frequent visits to the three continents and his private meetings with the migrants, through his monographic publications about the most successful of them Katin also tries to arouse interest among state leaders in the country for collaboration with the Diaspora. This is especially expected by publishing of his 55 book Israel and Macedonia (in English Macedonian and Hebrew).

He was born on August 19, 1941, in Dolna Prespa in a house which the waves of Lake Prespa used to splash at that time, near the old settlement Nakolec. He was born at the start of World War II when Hitler's Germany, opiated by fascist ideology, rose against the entire world believing it had the power to seize it all.

His biography tells us that several months after he was born his family moved to Ljubojno, where his mother Sandra came from. Until he finished the Primary school in Ljubojno and the Technical school in Skopje, he carried the family name of his mother Sandra – Grezhlovski, then at the Faculty in Belgrade continued with the family name of his biological father Risto (Bardxevski)– Nikolovski. Slavè spent most of his childhood and early years in Ljubojno, where he has a library of about 4.000 book, and has continued to return to it almost his entire life. Thus, from a very young age he felt the hard migrant life of the people from Prespa, particularly through the migrant saga of his grandfather, Alekso (Alec) Ristov-Grezhlov in Detroit, USA, his mother Sandra and his stepfather Josif Nichevski in Toronto, Canada

Slavè completed eight years of primary school in the school "Dimitar Vlahov" in Ljubojno gaining his certificate, and learned Geodesy at the Secondary Technical School "Zdravko TSvetkovski" in Skopje. He studied at the Geodesy Department of the University of Belgrade, then he continued his education in Toronto, but graduated from the Department of English Language and Literature at the Faculty of Philology "Blazhe Koneski" at the University of St. Cyril and Methodij in Skopje.

Katin was born on August 19, 1941 in Lower Prespa, in a house that at that time was splashed by the waves of Lake Prespa, in the immediate vicinity of the old settlement of Nakolec. He was born right at the beginning of World War II, when Hitler's Germany, intoxicated by the ideology of fascism, rose up against the whole world, believing that it had the strength to rule it. In the great world cataclysm, in the family of Sandra and Risto Nikolovski (Bardzhevski who left Macedonia in 1944 and ended his turbulent life in Rio de Janeiro, Brazil) a son Slave was born who would continue the family line. And not only that, they seemed to have a premonition that their first and only child would become a well-known and rec-

нот Славе кој ќе ја продолжи семејната лоза. И не само тоа, тие како да претчувствувале дека нивното прво и единствено чедо, ќе стане познато и признато име, не само во Преспа, туку и во Македонија и надвор од неа ширум светот.

Едно од езерските населби во Преспа е, секако, селото Наколец. Тоа е дел од Долна Преспа и е сместено на источниот брег на Преспанското Езеро. Наколец се наоѓа на неколку километри од границата на македонската земја, на два километри на запад од Љубојно и на север од Долно Дупени, на надморска височина како и Езерото во минатото, од околу 850 метри. Тоа е типично езерско, преспанско село.

Името го добило по тоа што во минатото, кога нивото на водата на Преспанското Езерото рапидно се зголемило, селото било изградено на колци. Иако жителите немале можност да ја видат населбата на колци над вода, се сеќаваат дека до пред педесеттина години езерската македонската православна црква „Св. Никола" се наоѓала во вода. Од ѕидот на црквата се скокало во водите на Преспанското Езеро.

Затоа остана раскажувањето дека Наколец во минатото било македонска Венеција. Подолг период плажите вдолж брегот на Преспанското Езеро кај Наколец биле едни од најпесокливите и најатрактивните и собиралиште на бројни капачи од Преспа, Битола и пошироко

Ова го кажува легендата, а денес селото е оддалечено од езерото, каде пораснала корија од дрва и трски. Инаку, во селото живеат Македонци, Албанци и Роми. Жителите во ова населено место отсекогаш биле пример за добар соживот, бидејќи тие заедно оделе и на свадба и на погреб, и на риби и на ниви и заедно делат и добро и зло.

Во Наколец има основно училиште во кое се одржувала настава до четврто оддеделение, има амбуланта, продавници и услужни објекти за градежен материјал, железо и земјоделски препарати. Порано селото било средно по големина, а со иселувањето на жителите во странство и по македонските градови, значително се намалил бројот на жителите.

Според преданието, селото трипати било преместувано додека не ја заземало денешната местоположба што се потврдува со следниве факти. Кога езерото било повлечено слично на денешната положба, населбата постоела на околу 400 метри подолу, кон езерото од денешната местоположба. Тоа се потврдува со откриените остатоци по опаѓањето на нивото на водата, што следи во периодот од 1987 година до денес, со тенденција на натамошно повлекување.

Притоа, покрај темелите на езерската црква „Свети Никола", која била преместувана кон крајбрежјето и остатоците од живеалиштата, беа откриени два бунара: едниот сосидан со камен, другиот плетен со фоини прачки, како и многу керамички предмети. Но, најинтересно е тоа што повлеченото Преспанско Езеро зад себе оставило траги од некогашни живеалишта на колци, според кои се зачувал топонимот, односно името на селото Наколец, што означува живеалиште на колци.

Во Наколец постојат три македонски православни цркви и тоа: „Свети Никола", лоцирана во центарот на селото каде се и селските гробишта, која е изградена во 1884 година, потоа црквата „Свети Атанас", подигната меѓу двете светски војни и уште езерската црква „Свети Никола", подигната на самиот брег на Преспанското Езерото, изградена во 1921 година на стари темели.

Во Наколец постои џамија, која, веројатно, била изградена во XIX век, реновирана е во 1995 година, а во неа постојат гробишта со арапско писмо. Таа им служи на муслиманите во селото. Исто така, во Наколец има и Теќе кое е реновирано во 2003 година, лоцирано на самиот влез во селото. И покрај тоа што сите верници од муслиманска вероисповед во селото одат во џамијата, постоењето на Теќето укажува на постоење на муслиманска дервишка секта – бектеши во овој дел на Преспа.

Затоа со право се вели дека ова село во Долна Преспа, на брегот на Преспанското Езеро е расадник на голем број интелектуалци, село на рибите, јаболката и заедничкото живеење на Македонците, македонските Албанците и Ромите

Со своја прва училишна зграда селото се стекнало во годините на Првата светска војна, од кога, всушност, и почнале образовните процеси во овој крај. Затоа селото е познато по одреден број интелектуалци, меѓу кои се: д-р Ратко Наумовски, Милица Диневска, д-р Борче Наумовски, д-р Васа Наумовска, проф д-р Ибраим Камбери, проф. д-р Бедри Камбери, проф д-р Дервиш Камбери, Реџеп Реџепи, потоа бизнисмените Васил Јанкуловски, Атанас Гаџовски, д-р Асиме Османи, Коле Николовски и други.

ognized name, not only in Prespa, but also in Macedonia and beyond, all over the world.

One of the lake settlements in Prespa is, of course, the village of Nakolets. It is part of Lower Prespa and is located on the east shore of Lake Prespa. Nakolets is located a few kilometers from the border of the Macedonian land, two kilometers west of Ljubojno and north of Dolno Dupeni, at an altitude like the Lake in the past, of about 850 meters. It is a typical lake, Prespa village.

It was named in the past when the water level of the lake increased rapidly and therefore the village had to be built on poles. Although the residents did not have the opportunity to see the settlement on poles above the water, they remember that until about fifty years ago, the lakeside Macedonian Orthodox Church St. Nikola was in the water. People jumped from the wall of the church into the waters of Lake Prespa.

That is why the story remained that Nakolets was the Macedonian Venice in the past. For a long time, the beaches along the shore of Lake Prespa near Nakolets were some of the sandiest and most attractive and a gathering place for numerous swimmers from Prespa, Bitola and beyond.

This is what the legend says, and today the village is far from the lake, where a grove of trees and reeds has grown. Otherwise, Macedonians, Albanians and Roma live in the village. The residents of this settlement have always been an example of good co-habitation, because they went together to weddings and funerals, fishing and ploughing, together sharing both good and evil.

Nakolets is home to a primary school to the fourth grade, a clinic, shops and service facilities for construction material, iron and agricultural preparations. The village was of a medium-size in the past, but as a result of imigration abroad by the villagers and to towns in Macedonia, its population has decreased significantly.

According to legend, the village was dislocated three times, confirmed by the following facts. When the lake was drawn, the settlement existed around 300 metres closer to the present location of the Lake. This was confirmed by remains discovered after the water level receded, which took place in the period from 1987 until today, with the tendency for further withdrawal.

On that occasion, in addition to the foundations of the St. Nikola Church, which was dislocated towards the coast, and the remains of dwellings, two wells were also discovered: one constructed with stone, the other knitted with wicker, as well as many ceramic items. But most interesting is that the shrunken lake left behind traces of former habitat poles, according to which its toponym is kept, i.e. the name of the village Nakolets, which indicates settlement on poles.

There are three important localities in Nakolec: Leska, Metilaec and Lapata. There are three Macedonian Orthodox churches: St. Nikola built in 1884 in the centre of the village where the village cemetery is located, St. Atanas Church, built between the two world wars and the St. Nikola Church, on the very shore of the lake, which was built in 1921 upon the old foundations.

The mosque in Nakolets, which was probably built in the 19th century, was renovated in 1995 and it is home to graves with Arabic script. It is used for religious services for Muslims of the village. In addition, there is a tekke which was renovated in 2003, located at the entrance to the village. Despite the fact that all believers of the Muslim religion in the village go to the mosque, the existence of the tekke indicates the existence of a Muslim dervish sect - bektesh.

Thus, it can rightly be said that this village in Lower Prespa, on the shores of Lake Prespa, is a nursery for a large number of intellectuals, a village of fish, apples and the mutual life of Macedonians, Macedonian Albanians and Roma. The village acquired its first school building during the years of World War I, when education started in this region. Therefore it is known by a number of intellectuals, including: Dr. Ratko Naumovski, Milica Dinevska, Dr. Borche Naumovski, Stevo Dinevski, Dr. Vasa Naumovska, Prof. Dr. Ibraim Kamberi, Prof Dr. Dervish Kamberi, Redjep Redjepi, then businessmen Vasil Jankulovski, Atanas Gadzovski, Vlado Dimovski, Dobre Nikolovski, Vlado Cvetkovski, Zdravko Nikolovski, Vasil Makarovski, Kole Nikolovski, Dr. Asime Osmani, Kole Nikolovski and others.

Во иселеништвото, пак, меѓу другите се познати: Ристо Василевски, писател и надворешен член на МАНУ, кој живее и твори во Србија, потоа д-р Васил Богоевски, бизнисменот Јоле (Џо) Наумовски, м-р Ристо Грпчевски, Владо Стерјовски, Славе Јанкулов-Грпчевски, Наум Наумовски, Јонче Барџевски и други.

Во Наколец сум роден и јас, Славе Николовски-Катин, авторот на овој текст. Јас сум по татко Ристо Барџевски (Николовски), кој како политички емигрант живееше и почина во Бразил. Роден сум во плевната која во тој период ја заплискувале брановите на Преспанското Езеро, во трската, во непосредна близина на куќата на Барџевци. Меѓутоа, после кус период заедно со мајка ми се преселивме во Љуобјно, од каде ми се корените по мајками Сандра Грежловска, а прекарот „Катин" го добив по баба ми Ката Грпчевска-Грежловска, родена во Наколец, а мажена за дедо Алексо Грежлов (Ристов) во Љуболно, додека мојата прабаба Кира била од селото Нивици.

Меѓутоа, јас сум израснат во најголемото село во Долна Преспа - Љубојно. Тоа е дел од вистината за Македонија, за печалбарството, за минатото, за сегашноста и за иднината. Љубојно се наоѓа во Долна Преспа, во пазувите на Баба Планина недалеку од Преспанското Езеро, на македонска земја, а само неколку километри северно од границата на истата земја меѓу Република Македонија и јужниот сосед, на местото викано „Маркова Нога"

Љубојно, моето место на мојот живот пак, има рамничарско-ридска положба, се наоѓа на надморска височина од околу 920 метри и зафаќа простор од околу 13 километри квадратни. Љубојно е оддалечено околу 28 километри од општинскиот центар Ресен, а по шеесетина километри од Битола и од Охрид.

Селото Љубојно за првпат се споменува во еден запис на Сливничкиот манастир во 1607 година како поголема македонска населба. Затоа со право се вели дека ова е село со долга и бурна историја. Сведоци на таа македонска историја се низа оставнини како што се нивните стари куќи, бројните македонски православни цркви и манастири и други објекти кои ја чуваат вистината и тајната за Љубојно, за љубанци, за Долна Преспа, за Македонија и за целиот македонски народ.

Љубојно е едно од најкарактеристичните места во Преспа и пошироко. Долго време претставуваше општински, образовен, културен и здравствен центар за Долна Преспа и пошироко. Тоа е едно од најубавите села кое пленува со своите архитектонски градби, со стилот на старите куќи, сокаците и дворовите, како и со иновациите во начинот на живеење што бројните печалбари ги пренеле од светот во својот роден крај.

Тоа, како и многу македонски села, е село од збиен тип; со тесни калдрмисани улици, стари македонски куќи изѕидани со камен и на кои се впечатливи пространи балкони, како и со дворови заградени со авлии што се резултат на пограничната местоположба.

Еден од првите членови на Националниот комитет за ослободување од ропството, штипјанецот Славејко Арсов од 1901 година кога се одвивале подготовките за почеток на востанието, па сè до завршувањето на востанието, честопати бил присутен во Љубојно, организирајќи револуционерни комитети. За тогашните настани е сведок спомен-куќата на Калајџиовци во која се криеле, меѓу другите, кривенскиот војвода дедо Геро и во која загинал комитата Ристо Бузако од Арвати.

За овие настани од времето на Илинденското востание на куќата на Калајџиовци е поставена спомен-плоча како потсетник која ги потсетува денешните генерации, кои секоја година им оддаваат достојна почит на сите илинденци токму пред куќата на Калајџиовци и токму на денот на востанието, односно на 2 август, на Илинден.

Според историските податоци, периодот од Илинденското востание па сè до Втората светска војна е карактеристичен по тоа што во 1919 година била отворена (пренесена од Наколец) првата општина во Љубојно, а во 1927 година била изградена новата општинска зграда, која денес е преадаптирана во полициски станови. Потоа, во 1922 година била отворена џандармериската станица, која и денес постои како зграда.

Веднаш до неа, во 1937 година била изградена Царинарницата. Војничката зграда, позната кај љубанци под името Штаб, пак, е изградена во 1932 година, а во 1936 година во Љубојно започнала со работа Поштата, која ги задоволувала потребите на целата љубанска општина. Меѓутоа, веднаш по Народноослободителната војна во Љубојно во 1946 година била отворена сегашната Македонска пошта.

In the diaspora, however, the following distinguished compatriots are well-known: Risto Vasilevski, a writer and an external member of MASA, who lives and works in Serbia, Dr. Vasil Bogoevski, businessman Yole (Joe) Naumovski, MA Risto Grpchevski, Vlado Sterjovski, Slave Jankulov-Grpchevski, Naum Naumovski, Jonche Bardzevski and others.

I, Slavè Nikolovski-Katin, the author of this text, was also born in Nakolets. My father is Risto Bardzevski (Nikolovski), who lived and died in Brazil as a political emigrant. I was born in the barn that at that time was splashed by the waves of Lake Prespa, in the reeds, in the immediate vicinity of the Bardzevci house. However, after a short period of time, together with my mother, we moved to Ljubojno, where my roots are from, according to my mother Sandra Grezhlovska, and I got the nickname "Katin" after my grandmother Kata Grpcevska-Grezhlovska, born in Nakolets, and married to grandfather Alekso Grezhlov (Ristov) in Ljubojno, while my great-grandmother Kira was from the village of Nivici.

However, I was raised in the largest village in Lower Prespa - Ljubojno. It is a part of the truth about Macedonia, about migrant workers, about the past, the present and the future. Ljubojno is located in Prespa within the bosom of Baba Mountain, not far from Lake Prespa, on Macedonian land only a few kilometres north of the Republic of Macedonia's border with its southern neighbor, at a place called "Markova Noga".

Ljubojno, the place of my life, on the other hand, has a flat, hilly position with an altitude of about 920 metres and covers an area of about 13 square kilometres. Ljubojno is about 28 km from the municipal centre Resen, and about 60 km from Bitola and Ohrid.

The village of Ljubojno was first mentioned in a Slivnica Monastery record in 1607 as a larger Macedonian settlement. Therefore, it is rightly said that this is a village with a long and turbulent history. Witnesses to that Macedonian history are a series of relics such as their old houses, the numerous Macedonian Orthodox churches and monasteries and other buildings that keep the truth and the secret about Ljubojno, about Ljubanci, about Lower Prespa, about Macedonia and the entire Macedonian people.

Ljubojno is one of the most characteristic places in the Lake Prespa region and beyond. For a long time it was a municipal, educational, cultural and health centre for Lower Prespa and beyond. Now it is one of the most beautiful villages which enchants with its architectural buildings, its old-styled houses, as well as with innovations of lifestyle that many expatriates have introduced into their birthplace.

Ljubojno, like many other Macedonian villages, is compact with narrow cobbled walkways, old Macedonian houses built of stone with impressive spacious balconies and courtyards enclosed by gates as a result of its location near the border.

One of the first members of the National Committee for liberation from slavery, Slavejko Arsov from Shtip came to Ljubojno to organize revolutionary committees in 1901 when preparations for the start of the Uprising commenced until it ended. Then witness to those remarkable events is the house of the Kalajdzhiovcis in which, among others, voyvoda from Kriveni, known as grandfather, Gero hid and in which revolutionary Risto Buzako from Arvati was killed.

Therefore a commemorative plaque was put up on the house of the Kalajdzhiovci in honour of those events from the time of the Ilinden Uprising. Tribute is paid to all Ilinden revolutionaries every year in front of this house on the Day of the Uprising that is, on August 2, Ilinden.

According to historical data, the period between the Ilinden Uprising and World War II is special in that the first municipality was established in Ljubojno in 1919 (i.e. moved from Nakolec) to the house of Kole Bubutiov and in 1927 a new municipal building was built, which today is used as a residential police building. Then in 1922 a gendarmerie was opened, which still exists today serving as a police station.

Next to it a customs unit was built in 1937. The military building, known by the name of Staff in Ljubojno, was built in 1932, and in 1936 the Post Office was put into operation to satisfy the needs of the entire Ljubojno municipality. However, the current Macedonian post office building was

Периодот меѓу двете светски војни за Љубојно е карактеристично и по тоа што во 1931 година на гласањето за пратеник во Ресен, меѓу четирите кандидати, најмногу гласови добил д-р Михајло Попов од Љубојно. И д-р Владо Туџаров бил избран за околиски лекар, а бил и претседател на фудбалскиот клуб во Ресен во 1938 година.

Монографите „Љубојно-љубов наша“ од Стојан Лембо, е издадено на „Друштвото за наука и уметност“, Битола, 1996, на 350 страници (на македонски), како и публикацијата „ Илинден во Љубојно и Преспа“, чиј автори се Славе Николовски-Катин, Бошко Рајчовски-Пелистерски, а во издание на „Македонска искра“ од Скопје и Македонско друштво „Љубојно“ од Детроит, САД, издадена во 2013, на 320 страници (на македонски и англиски) се прекрасни, вечни и значајни изданија за Љубојно.

Инаку, Љубојно било под многу окупации: српска, бугарска, италијанска, германска и албанска окупација, но секогаш било и база на преспанските движења за ослободување на македонскиот народ. Така, во Втората светска војна кога на 9 септември 1943 година во Љубојно, со околните села: Брајчино, Наколец, Долно Дупени, Штрбово, Крани, Арвати и Сливница, што ги опфаќало како општина, била создадена слободна територија, прва во Преспа. За жал, таа слобода траела само до 6 ноември 1943 година, кога Љубојно било окупирано од бугарските фашистички војски и останало под нивна окупација сè до целосното ослободување, до 5 септември 1944 година.

Кога се зборува за борбената Преспа, за местото каде што владеел првиот македонски цар, Самоил, важно е да се спомене дека во Љубојно на 8 и 9 септември 1943 година била формирана првата слободна територија во Преспа, за подоцна во текот на 1944 година Љубојно целосно да биде засекогаш ослободена од бројните непријатели.

Дел од Наколец / Part of Nakolec

opened in Ljubojno immediately after the liberation war, in 1946.

The period between the two world wars was also characteristic for Ljubojno in that at the 1931 election for delegates in Resen most votes were for Dr. Michael Popov from Ljubojno, among four other candidates. In addition Dr. Vlado Tudzharov was elected district doctor and he was also president of the football club of Resen in 1938.

The monographs "Ljubojno-ljubov nasha" by Stojan Lembo, published by the "Society for Science and Art", Bitola, 1996, on 350 pages (in Macedonian), as well as the publication "Ilinden in Ljubojno and Prespa", whose authors are Slavè Nikolovski-Katin, Boshko Rajchovski-Pelisterski, and published by "Makedonska iskra" from Skopje and the Macedonian Society "Ljubojno" from Detroit, USA, published in 2013, on 320 pages (in Macedonian and English) are wonderful, eternal and significant publications about Ljubojno.

Ljubojno was under many occupations: Serbian, Bulgarian, Italian, German and Albanian, but it always was a base for Prespa liberation movements in all those fights and efforts of the Macedonian people. This was the case in World War II when, on September 9, 1943, a free territory in Ljubojno covering the surrounding villages was created, the first one in Prespa. Unfortunately, this freedom lasted only for two months (until November 6, 1943) when Ljubojno was occupied by Bulgarian forces and remained occupied until its full liberation on September 5, 1944.

When talking about the battle-scarred Prespa, the place where the first Macedonian Tsar, Samoil, ruled, it is important to mention that in Ljubojno on September 8 and 9, 1943, the first free territory in Prespa was formed, and later in 1944 Ljubojno was completely and forever liberated from its numerous enemies.

Центароѿ (Поленаѿа) на Љубојно / The Center (Polenata) of Ljubojno

Етничка Преспа / Ethnic Prespa

Сарајот во Ресен / The Saray in Resen

Македонски иѓраорци / Macedonian dancers

Центарот на Виница / The center of Vinica



Панорана на Виница / Panorama of Vinica

Гимназијата "Ванчо Прке" во Виница / The Highschool "Vancho Prke" in Vinica

Теракотни икони од Виничкото Кале / Terracotta icons from the Vinica Fortress

ВИНИЦА – МАКЕДОНСКО – АНТИЧКИ ЦЕНТАР

Во сестраниот развој на Република Македонија, и градот и Општината Виница по ослободувањето, бележат видни резултати во својата иднина. Во минатото, од исклучително земјоделско подрачје, со мали заостанати земјоделски поседи и нешто ситно занаетчиство, без други индустриски објекти, освен две мали погони за лупење на ориз во Виница и Блатец, беше без работничка класа и интелигенција, денес на територијата на Општината постојат и дејствуваат бројни работни општествени стопански, образовни, религиозни и други организации.

Виница е град во кој е родена мојата сопруга Нада и каде го добила нејзиното основно и средно образование. Градот Виница се наоѓа во источниот дел на Македонија, сместен во југоисточниот дел на Кочанската-виничката Котлина и е центар на Општината Виница. За името на Виница има повеќе народни и научни претпоставки. Ненавлегувајќи во научните тврдења, ќе го прифатам народното тврдење. Така според локалната легенда името „Виница" настанало во период од неколкуте сушни години кога наместо со вода, куќите биле градени со вино.

Инаку Виница се наоѓа во подножјето на планината Плачковица, помеѓу планините Голак и Обозна, на реките Обозна и Брегалница, на околу 400 метри надморска височина. Градот е оддалечен околу 11 километри југоисточно од најблискиот град Кочани, на четиресетина километри југозападно од Делчево, 40 километри североисточно од Штип и четириесетина километри северозападно од Берово. Низ градот течат и повеќе помали реки, меѓу нив и реките Виничка и Градечка. Градот Виница е најпознат по историското римско наоѓалиште „Виничката тврдина" (Калето), која се наоѓа на ридот над градот. Во неа се пронајдени познатите во светот - ранохристијанските теракотни икони.

Според историските документи, подрачјето на Виница било населено во времето на неолитскиот период (од 12 до 6 век п.н.е), според пронајдените материјали од Виничкото Кале и околните археолошки наоѓалишта. Сегашна Виница потекнува од Виничката тврдина, која била центар на производство со вино. Лозовите насади на виничкиот рид биле напуштени во почетокот на дваесеттиот век кога поактивно започнале археолошките истражувања.

Според историските документи, во османлиските даночни регистри на немуслиманското население во вилаетот Кратово 1618 – 1619 година, е забележано како село *Виниче* со 55 домаќинства. Во списокот на селата на немуслиманските домаќинства во истиот вилает од 1637 година, регистрирани се 31 домаќинство.

Евлија Челебија, пак, во втората половина на 17 век, за ова мало место забележал: *„Патувајќи четири часа низ гори и планини, пристигнав во Виница, познато место по големиот пазар на земјоделско-сточарски производи. Местото го викаат Јени-пазар (Нов-пазар)".* Поради овој голем и богат пазар со стока, кој инаку се одржувал секоја недела, Виница подолг период била именувана токму во белешките на Челебија.

Треба да се спомене дека Виница како поголема селска населба се развила во XIX век кога била формирана чаршијата и кога станала трговски и пазарен центар за селата од левата страна на Брегалница. Богатиот сточен пазар и одржувањето на два панаѓури годишно овозможило во населбата да постојат покрај повеќето трговски и занаетчиски дуќани и 10 анови. Како резултат на економскиот подем во 1858 година во Виница била изградена голема и убава црква посветена на св. Арахангел Михаил. Во 1870 година, Виница имала 200 куќи со околу илјада жители.

VINICA – MACEDONIAN – ANCIENT CENTER

Both the town and the Municipality of Vinica have seen noticeable outcomes in the post-liberation ubiquitos development of the Republic of Macedonia. In the past, the area was predominantly agricultural, characterized by small, underdeveloped farms and minor crafts, with limited industrial activity aside from two small rice husking plants in Vinica and Blatec. There was no working class or intellectual community. Today, however, the municipality hosts a wide range of social, economic, educational, religious, and other organizations actively contributing to its development.

I lived with my mother and stepfather Josif in Resen for several years, working as a surveyor at the Municipal Assembly and later overseeing the irrigation network for the Water Community in Prespa.

Geodesy was a respected and well-paying field, and being an expert and a field worker I earned well and my work earned me a solid reputation. My good earnings made me popular among the youth, especially girls, who nicknamed me Alain Delon—both for my appearance and my demeanor, which resembled the famous actor.

With my racing bike, which was practically a substitute for a "Ford Escort" at the time, I left an impression even the "toughest" girls couldn't resist—especially those from the sports world. I was a "star" in that sphere, particularly in marathon swimming, winning several awards, the most cherished being second place in Pretor. I soon began training for the Ohrid Marathon but realized that this demanding sport required sacrifices, especially from the "sweet life." Reluctantly, I abandoned that ambitious pursuit.

Following the Skopje earthquake in 1963, I served in the Yugoslav People's Army in Novo Mesto, Slovenia, as a self-propelled gun counter in artillery units.

Admittedly, I was not a good soldier and struggled through military service. However, my time in the army also had a positive side, after the turbulent life before that, to calm down and stabilize myself and it taught me a valuable lesson: life isn't just carefree enjoyment but requires hard work, something I had to learn to endure the burden of the years ahead of me.

After returning from the army, I enrolled in the Higher Geodetic School at the University of Belgrade.

Despite studying for two years, I failed several exams and hastily transferred to the Faculty of Geodetic Studies. Realizing my mistake upon enrolling and setting foot there, I decided to leave for Canada. Before that, I navigated Belgrade's vibrant nightlife scene with great success, thanks to my "Prespa College" experience. Seeking stability, I returned to Ljubojno, where I prepared for my greatest adventure—flying across the Atlantic.

МОЈАТА ФАМИЛИЈАРНА СТОРИЈА

Мојата мајка Сандра потекнуваше од Љубојно, а се омажила за Ристо Николовски (Барџевски), од Наколец, од каде беше нејзината мајка Ката. И двајцата по професија беа шивачи, што за тоа време било голема предност во бракот, зашто го сочинувале вистински професионалци. Тој бил висок по раст, убав маж и надарен со знаења. Мојата мајка, пак, и за семејството и за родниците и поширокатa околина, била мудра и благородна жена, која уживала големо внимание и почит. Но, во животот, таквите личности често се и несреќни, особено ако сопругот, наместо со своите квалитети и' возврати со своите пороци, каков што е боемскиот живот. Обидите на Сандра да му помогне на својот избраник да се сврти кон семејните обврски биле без успех и тој заминал по свој пат.

Судбината на Ристо Николовски, набрзо по разделбата со мајка ми добива неочекувани пресврти на негова штета. Постојат повеќе контраверзи. Според една, дека бил вработен во ЈНА (Југословенската Народна Армија) како офицер, со добри изгледи за успешна кариера. Но, ѓаволот ни ора ни копа, така што и овојпат, веројатно си го продолжил животот на свој начин, дури и во војничките околности. Според други кажувања, што не значи дека се точни, по некаква пресметка со офицер од неговата единица, која веројатно завршила со тешки последици, со цел да го избегне апсењето во Штип, побегнал од градот, а потоа ја напуштил и Македонија и емигрирал во Грција. Извесно време бил во логорот Лаврион, каде што, според некои извори, бил користен како информатор од некои и западни тајни служби, кои иегално го уфрлувале во Македонија со некакви задачи. Но, тоа веројатно не му била целта, па решил да побегне и од Грција. Според некои извори, првин во Англија, каде и не бил прифатен, па затоа заминал за САД, а оттаму во Јужна Америка, во Уругвај, Парагвај, Аргентина, за конечно да се насели во Бразил, првин во Рио де Жанеиро, а потоа во градот Јагуажа, каде што формирал семејство. Се оженил со Португалка по струка наставничка, со која има две ќерки. Со нив остварив само телефонски контакт за време на мојот престој во Рио де Женеиро, а потоа и писмени врски. Поради големата оддалеченост од Рио де Жанеиро, каде учествував на симпозиум за религијата и градот Јагуажа, кој е на јужно западната страна на Бразил, не успеав да го посетам неговиот вечен дом, кој остана далеку од Македонија.

Сепак, со помош на високи претставници на Ватикан и на една протестантска црква од Рио де Жанеиро,, со посетата на богатиот дом на сестрата на мојата примајка, што се наоѓаше недалеку од стадионот „Маракана", добив информации за неговиот вечен дом во Јагуажа. За жал, заради кусото време на престојот и оддалеченоста на Јагуажа, не бев во можност да му запалам свеќа на неговиот гроб. Но, потоа имав коресподенција со неговата ќерка, која била факултетски образована и знаеше англиски јазик, а во исто време религиозна. Меѓутоа, кај нив се појави сомнеж во врска со оставнината на таткоми, и покрај тоа што јас ги информирав дека во Рио сум гостин на Ватикан и сум на симпозиум и дека немам никакви намери да се мешам во имотно-правната положба на татко ми. Тоа беше крај на нашата коресподенција.

MY FAMILY STORY

My mother, Sandra, was from Ljubojno and married Risto Nikolovski (Bardzevski) from Nakolets, the same village as her mother, Kata. Both were skilled tailors, a valuable profession which was a great advantage in marriage and that strengthened their union. Risto was tall, handsome, and intellectually gifted, while my mother was wise and noble, cherished by her family, relatives, and a wider circle who held her in high regard. However, life often brings unhappiness to such remarkable individuals. Despite her efforts, Sandra couldn't steer her husband toward family responsibilities, as he chose to indulge in a bohemian lifestyle, prioritizing his vices over his virtues.

After separating from my mother, Risto Nikolovski's life took unexpected and unfavorable turns. Several controversial stories circulate about his fate. One claims he was an officer in the Yugoslav People's Army (JNA) with promising career prospects but do not give the devil a foothold as he likely continued living his unconventional way, even in the military.

Another version, although it may not be correct, suggests he fled Shtip following a confrontation with an officer, possibly with serious consequences, to avoid arrest. He reportedly left Macedonia and immigrated to Greece. For a while he spent time in the Lavrion camp, where some say he was recruited by Western intelligence services and sent back to Macedonia for missions.

This, however, was likely not his intention, as he soon fled Greece. Some sources indicate he went to England but was not accepted, eventually traveling to the United States and then to South America, living in Uruguay, Paraguay, and Argentina before settling in Brazil. First in Rio de Janeiro and later in Jaguaja, where he built a new life, marrying a Portuguese teacher and having two daughters. We maintained telephone and written contact during my time in Rio, where I attended a religious symposium. Unfortunately, due to the great distance between Rio and Jaguaja, which is located on Brazil's southwestern side, I could not visit his final resting place, which remains far from Macedonia.

However, with the help of high-ranking representatives of the Vatican and a Protestant church from Rio de Janeiro, by visiting the wealthy home of my stepmother's sister, which was located not far from the "Maracana" stadium, I received information about his eternal resting place in Jaguaja. Unfortunately, due to the short time of my stay and the distance from Jaguaja, I was not able to light a candle on his grave. I later corresponded with my father's daughter, who was a university graduate, fluent in English, and religious.

Despite my assurances that I had no interest in my father's property or legal matters and was merely in Rio as a guest of the Vatican for a symposium, they remained doubtful about my intentions. That marked the end of our correspondence.

I received first detailed information about my father from his close friend, Ljuben Topchev from New York, a member of the MPO leadership in New York. He, along with Ljube Boshkovski's uncle, Mr. Dimkov—a businessman who passed away in Sao Paulo and his remains were buried in this South American country — had been one of three

Инаку, првите изворни информации за мојот татко ги добив од неговиот голем пријател Љубен Топчев од Њујорк, член на раководството на МПО, кои биле тројка избеглици во Грција и во светот, заедно со вујкото на Љубе Бошковски, господинот Димков, бизнисмен во Саоло Паоло, кој ги оставил коските во оваа јужно американска земја. Сторијата Љубен Топчев, кој беше гостин на судијата Ѓорѓи Наумов, наредниот потпретседател на Комисијата за односи со верските заедни, ја посети Македонија во 1998 година. Бидејќи читал мои книги и дознал дека јас сум од Долна Преспа, чекајќи го Наумов ми ја раскажа прикаската за неговиот другар Ристо Николовски, со желба да одиме во Преспа и да го најдеме синот на Ристо, незнаејќи дека потпретседателот на Комисијата за односи со верските заедници, Славе Катин кој седи спроти него дека тој е синот на Ристо. Затоа изненадувањето и возбудата беше двострана. Тоа беше повод нашето пријателство да трае до неговата смрт.

Неговите раскажувања за Ристо беа искрени, но контроверзни. Човек одвај да поверува во нивната вистинитост, според тоа, каков бил и неговиот живот во Македонија до емигрирањето. Неговото црно досие во УДБА, за жал, како и за многумина што емигрираа во тие години, било причина во педесеттите години мајка ми Сандра и јас, за малку да бидеме интернирани во друго место во земјата. Тој чин го одбегнавме благодарение на околностите во кои се најдовме пред неговото реализирање. Имено, човекот што во УДБА ја сослушувал маками и кој требало да ја соопшти казната на која е осудена поради „антидржавните постапки" на нејзиниот венчан сопруг (иако со него по физичката разделба немала никакви контакти) таа го препозна како пријател и соработник на Ристо. По нејзините упорни молби да не не казнува, се согласи да нѐ помилува.

Мајка ми, всушност, својот венчан маж го чекаше да се врати цели петнаесет години по разделбата од него, зашто бракот не бил судски разведен. Кога виде дека нејзините надежи тој да се врати беа попусти, а во интерес на моето одгледување и развој, во колку-толку, нормални околности, реши да се премажи, односно да стапи во брак со Јосиф Ничевски, мојот очув, во кого видела сериозен и домакин човек. Сандра потекнува од побогато семејство, чиј татко беше во Америка и беше добро ситуирана. За среќа, бракот со Јосиф беше успешен и материјално консолидиран, што овозможило јас да ја почувствувам родителската грижа, внимание и љубов и да бидам добар ученик.

Поддршка на овој план ја имав и од мојот вујко Васил, шест години постар од мене (сега починат) но кој, во лицето на внукот имаше и другар, брат и пријател. Во семејниот албум се и четирите тетки, односно сестри на мојата мајка: Менка, Доста, Спаса и Велика. Велика ја чувствува како сестра и пријателка со која живеев во слога и разбирање, заради што ја прифатив како советник, заштитник и чувар на моите тајни. За жал, ја загубив млада на 53 години, така што редовно го посетувам нејзиниот гроб и гробот на вујко ми Васил, во Охрид. Тетками Спаса живееше во Љубојно, тетките Менка и Доста во Битола.

Вујкото Васил беше светла точка во моите спомени. Особено заради блискоста со него и тетин ми Димче, сопругот на тетка Велика, во Охрид. Тој беше од детство другар со Петре М. Андреевски, денес еден од најголемите македонски романсиери и со Наум Манивилов - Преспански, поет и новинар во „Нова Македонија', прерано починат. Нив ги поврзуваше и добрата свирка и песна, по која во младите години јас бев познат не само во Преспанско-охридскиот регион, туку и во круговите на скопските тинејџери, на чии игранки настапував со своите забавни мелодии. Јас бев член на ученичкиот оркестар на мојот кум Јане Коџобашија, чија кариера како директор на Центарот за култура и информации и на касетномузичката продукција на Македонската радиотелевизија,заврши со неговото пензионирање. Неговиот син Никола по студиите во Лондон е надежно име на македонската класична музика.

Од страната на татко ми Ристо, имав двајца чичковци: Петре Николовски, поранешен ко-

refugees in Greece and later scattered across the world.

Ljuben Topchev, who visited Macedonia in 1998 as a guest of Judge Gjorgji Naumov, would later become vice-president of the Commission for Relations with Religious Communities. While waiting for Naumov, Ljuben, who had read my books and knew I was from Lower Prespa, shared the story of his friend Risto, expressing a wish to visit Prespa and meet Risto's son—unaware that I, sitting opposite him as the vice-president of the Commission, was that very son. The revelation sparked mutual surprise and excitement, forming a friendship that lasted until his passing. The story of Ljuben Topchev, who was a guest of Judge Gjorgji Naumov, the next vice-president of the Commission for Relations with Religious Communities, visited Macedonia in 1998. Since he had read my books and learned that I was from Lower Prespa, while waiting for Naumov, he told me the story of his friend Risto Nikolovski, with the desire to go to Prespa and find Risto's son, not knowing that the vice-president of the Commission for Relations with Religious Communities, Slavè Katin, who was sitting opposite him, knew that he was Risto's son. As a result, both parties experienced surprise and excitement. Our friendship lasted until his passing because of that.

His stories about Risto were sincere, but controversial. One could hardly believe in their truthfulness, therefore, what his life in Macedonia was like before emigrating. Unfortunately, like many others who left during that time, his UDBA record was the reason my mother Sandra and I nearly faced internment in another country in the 1950s. We avoided that fate due to unexpected circumstances. The man assigned by UDBA to interrogate Makami and announce her sentence for the "anti-state actions" of her estranged husband (with whom she had no contact after their separation) turned out to be a friend and collaborator of Risto. After her persistent pleas for mercy, he agreed to pardon us, sparing us from punishment.

My mother, in fact, had been waiting for her estranged husband to return for fifteen years after their separation, because the marriage had not been legally dissolved. Realizing that hopes for Risto's return were fading and wanting to ensure my upbringing in stable circumstances, my mother, Sandra, decided to remarry. She chose Josif Nichevski, a serious and hospitable man, seeing him as a suitable partner. Coming from a wealthy family, with a father who had prospered in America, Sandra's marriage to Josif proved successful and financially secure, allowing me to experience parental care, attention, and love, which contributed to my success as a student.

I also had support in this regard from my uncle Vasil, six years my senior (now deceased), who was not only a mentor but also a comrade, brother, and friend. The family album also includes my mother's four aunts, or sisters: Menka, Dosta, Spasa, and Velika. I shared a special bond with Velika, who was like a sister and confidante, offering guidance and protection. Her untimely passing at 53 was a profound loss, and I regularly visit her grave along with my uncle Vasil's in Ohrid. Aunt Spasa lived in Ljubojno, while Menka and Dosta resided in Bitola.

Uncle Vasil stands as a bright spot in my memories, especially due to the close bond I shared with him and my uncle Dimche, Aunt Velika's husband, in Ohrid.

He was a childhood friend of Petre M. Andreevski, now one of Macedonia's greatest novelists, and Naum Manivilov - Prespanski, a poet and journalist for "Nova Makedonija" who passed away too soon. Their friendship was also rooted in their musical talents, which influenced my early years when I became known for performing at dances in the Prespa-Ohrid region and among Skopje's youth. I was part of the student orchestra led by my godfather Jane Kodzobashija, whose career culminated as director of the Center for Culture and Information a cassette music production for Macedonian Radio and Television. His son Nikola, after his studies in London, is a rising figure in Macedonian classical music.

On my father Risto's side, I had two uncles: Petre Nikolovski, a former police commander in Struga, and Mile Cvetkovski, a renowned bus driver for Ohrid's "Galeb," three years my senior, with whom I had frequent contact in Ohrid and Nakolets, where

мандир во полицијата, кој живееше во Струга и Миле Цветковски, познат возач на автобус во охридски „Галеб", три години постар од мене, со кого имав чести контакти во Охрид и Наколец, каде што тој живееше. Јас имам стан во Охрид во кој често отседнувам, работејќи на своите дела за иселеништвото. Освен браќата, татко ми имаше и сестра по име Севда, која живееше во Бистрица, Битолско. Од страната на очувот Јосиф, пак, ја имав присестрата Мирослава и внуките Жаклина и Елена, кои живеат во Канада, потоа чичкото Крстин, брат на Јосиф и сестрата Ника. Семејството на Крстин е во Америка и во Белгија, а на Ника во Наколец и во Битола.

Мајка ми Сандра, иако поголемиот дел од животот го мина во Торонто, Канада, по пензионирањето се врати во Татковината, меѓу синот, снаата и внуците, што е сон на секој наш иселеник. Радоста што ја внесе во семејството, а особено меѓу внуците, беше неизмерна, зашто баба Сандра знаеше и умееше да го разубави секој миг од животот во потесното семејство и да создаде пријатна и срдечна атмосфера во комунакцијата со другите луѓе. Оваа умна, милозлива и искусна жена, со постојана насмевка на лицето (што мене ми ја подарила), ќе му остане во трајно сеќавање во иселеништвото и во Македонија.

Родителската светлина што зрачеше од неа (како, впрочем и од секоја друга мајка, што ги сака своите чеда и ги почитува другите луѓе) придонесуваше таа секогаш да биде во фокусот на вниманието, зашто нејзините совети и мислења за разни ситуации и проблеми, беа ретко издржани кажувања кои вредеа суво злато. Иако не напушти и почива во мир во своето родно Љубојно, вечно ќе остане во нашите сеќавања како мајка, баба, тетка и стрина, со големо срце во кое, освен за синот, снаата и прекрасните внуци - Александар и Дафинка, за сите имаше место. Таква ја знаат и таква ќе остане и за сите во Македонија и за Македонците во Канада: честита, трудољубива, со неисцрпна љубов кон семејството, Татковината и се' што е македонско. Посебно за сите членови на МПЦ „Свети Климент Охридски " и „Св.Илија", на кои им ја посвети својата скромна, но неисцрпна енергија, како член на женските секции и на друштвата „Љубојно", „Преспа" и „Охрид", во Торонто.

Писмото на Сандра и Јосиф од Торонто, Канада, објавено во ревијата „Македонија" во 1979 година, најдобро го илустрира нивниот однос кон својата родна земја. Под наслов „Мислиме за враќање", тие, меѓу другото истакнуваат: *„Пред три години го посетивме родниот крај и не можеме да ви опишеме колку убави спомени имаме од тој престој. Толку многу убаво си поминавме, прошетавме низ цела Македонија, видовме се' што посакувавме сите овие години, го посетивме славното Крушево и отседнавме кај нашиот син Славе Николовски во Охрид, каде се извидовме со снаата Нада и со внучињата Александар и Дафинка и уште тогаш веќе решивме да правиме планови за година-две да си дојдеме во родниот крај, во нашата Македонија.*

Нашето родно село Љубојно посебно не импресионира: патот, направен, отворени продавници, се црвенеат нови покриви, се шаренеат јаболкови цветови... Разбравме за „Илинднскиот собир" во ова наше село и многу се гордееме што на тој ден, Илинден, се собирале повеќе од 4.000 луѓе, што покажува дека славното историско минато и револуционерниот дух на жителите на старо Љубојно, не се заборавени, туку напротив, живеат во духот и срцата на младите генерации".

Мајка ми беше среќна што моето семејството израсна и се афирмира во македонска парадигма која монсуните на добрината, благодарноста и љубовта кон Татковината ги растури меѓу Македонците во светот, зацврстувајќи ги нивните врски со нивната матична држава - Република Македонија, а поттикнувајќи извесен дел од нив и за враќање на дедовското огниште.

Тоа е мојата семејна трансферзала, по која членовите на моето семејство допрва ќе се искачуваат, стимулирани од стремежите да придонесат за нивната реализација во животот, како Македонци во чии срца пулсираат цивилизациските потреби на нацијата да оди во чекор со дострелите на развиениот демократски свет. До кои височини ќе се искачат тие, ќе покаже иднината и вистината.

he lived. I own an apartment in Ohrid, where I frequently stay while working on writings about emigration. My father also had a sister, Sevda, who lived in Bistrica in the Bitola region. On my stepfather Josif's side, I have my half-sister Miroslava and nieces Jacqueline and Elena, who live in Canada, as well as my uncle Krstin, Josif's brother, and my sister Nika. Krstin's family resides in America and Belgium, while Nika's family lives in Nakolets and Bitola.

My mother Sandra, although she spent most of her life in Toronto, Canada, returned to her homeland after retirement, among her son, daughter-in-law and grandchildren, which is the dream of every emigrant. The joy she brought to the family, and especially among the grandchildren, was immeasurable, because Grandma Sandra knew and was able to brighten up every moment of life in the immediate family and create a pleasant and cordial atmosphere in communication with other people. This intelligent, kind and experienced woman, with a constant smile on her face (which she gifted to me), will remain a permanent memory in the diaspora and in Macedonia.

The parental light that radiated from her (as, indeed, from every other mother, who loves her children and respects other people) contributed to her always being the focus of attention, because her advice and opinions on various situations and problems were rarely sustained sayings that were worth their weight in gold. Although she left us and rests in peace in her native Ljubojno, she will forever remain in our memories as a mother, grandmother, aunt and great-aunt, with a big heart in which, except for her son, daughter-in-law and beautiful grandchildren - Aleksandar and Dafinka, there was room for everyone. She is recognized and will always be remembered in Macedonia and among Macedonians in Canada for her cheerful spirit, hard work, and boundless love for her family, homeland, and all things Macedonian. Her dedication was particularly evident among the members of the MOC "St. Kliment Ohridski" and "St. Ilija," where she devoted her humble yet tireless energy as an active member of the women's sections and the "Ljubojno," "Prespa," and "Ohrid" societies in Toronto.

The letter of Sandra and Josif from Toronto, Canada, published in the magazine "Macedonia" in 1979, best illustrates their attitude towards their native country. Under the title "We are thinking about returning", they, among other things, emphasize: *"Three years ago we visited our native land and we cannot describe to you how many beautiful memories we have from that stay.*

We had such a great time, we walked all over Macedonia, we saw everything we had wanted all these years, we visited the famous Krushevo and stayed with our son Slavè Nikolovski in Ohrid, where we explored with our daughter-in-law Nada and grandchildren Aleksandar and Dafinka and even then we decided to make plans in a year or two to come back to our native land, to our Macedonia.

Our native village of Ljubojno does particularly impress us: the road has been built, shops have opened, new roofs are turning red, and apple blossoms are colorful... We learned about the "Ilinden Gathering" in this village of ours and we are very proud that on that day, Ilinden, more than 4,000 people gathered, which shows that the glorious historical past and the revolutionary spirit of the residents in old Ljubojno, are not forgotten, but on the contrary, live in the spirit and hearts of the younger generations."

My mother was happy that my family grew up and affirmed itself in a Macedonian paradigm that spread the monsoons of kindness, gratitude and love for the homeland among Macedonians in the world, strengthening their ties with their home country - the Republic of Macedonia, and encouraging a certain part of them to return to their ancestral hearth.

This is the path of my family's journey, one that future generations will continue to follow, driven by aspirations to realize their potential and contribute meaningfully to life as proud Macedonians. Their hearts beat in tune with the nation's desire to keep pace with the advancements of the developed democratic world. Time and truth will reveal the heights they are destined to reach.

Сандра и синоѓ Славе како дете / Mother Sandra and son Slave as a child

Родителиѓе Нада и Славе / Parents Nada and Slave

Александар, Радмила, Дафинка и Џампаоло / Александар, Радмила, Дафинка и Џонпаоло

Цртеж за 80 годишнината на дедо Славе до внучињата / Grandpa Slave's 80th birthday drawing for his grandchildren

МОЈОТ ПРЕСТОЈ ВО КАНАДА

По пристигнувањето во Канада кај моите родители, главна преокупација ми беше завршување на високото образование, односно здобивање со факултетска диплома. Англискиот јазик започнав да го учам во специјалното училиште на Владата, а по една година и на Институтот „Раерсон" во Торонто, по чие завршување се стекнав со диплома за англиски јазик и литература. Во меѓувреме активно соработував со Македонската заедница во Канада, а особено со списанието „Духовна искра", со организацијата „Обединети Македонци", како втор нејзин секретар и со црквата „Свети Климент Охридски", во почетокот како член на управата, а потоа во 1968 година и како нејзин генерален секретар. Меѓутоа, моите ангажмани не изостанаа и во организирањето на библиотеката, фолклорот, издавачката дејност и на други бројни културни манифестации во македонската колонија во Торонто.

Во тој период не заборавив и на мојата основна професија - геодезијата. Како геодет се вработив во една фирма на американски Евреи. Теренската работа ми овозможи да ја прокрстарам цела Канада, од Онтарио до Северната Територија и Јукон, а еден ден и Алјаска. Овој ангажман ми овозможи да живеам на „висока нога", бидејќи добро заработував. Покрај стотиците куќи кои како геодет ги снимив, што за западните стандарди претставува голем успех, од газдите на фирмата бев подготвуван за уште поголеми зафати. Овојпат ме подготвуваа да заминам за Кувајт, со цел да снимам една американска база. Подготовките за овој проект беа завршени, па дури ми беше исплатен и авансот за мојот пат во оваа земја на Средниот Исток, кога неочекувано се' беше стопирано. Причина: во мојата биографијата биле пронајдени податоци што не се вклопуваа во нивната идеолошка матрица! Тоа, се разбира не ми беше соопштено, но жалењето за одлагањето на моето патување беше посебно нагласено.

Во 1969 година, на 28-годишна возраст, по препорака на тогашниот југословенски амбасадор во Канада, Митко Чаловски се вратив во Македонија, со стипендија од Матицата на иселениците од Македонија и со третман како и сите други странски студенти во нашата земја: (Палестинци, Африканци и други од светот на неврзаните со кои тогашна Југославија одржуваше пријателски односи, како нивни лидер. Во аналите е забележано дека јас бев еден од првите Македонци дојден на студии во Татковината и еден од првте од сите странски студенти од Канада во Македонија кои навреме ги завршиле студиите. Планрав да студирам македонски јазик, право, историја или некоја друга гранка од природните науки, но одненадеж се определив за англискиот јазик, со македонски и германски јазик, со цел побрзо да го завршам факултетот. Тоа и се случи, веројатно затоа што во меѓувреме ја запознав мојата сакана Нада, со која и се оженив, затворајќи една бурна и динамична фаза од својот живот и подготвувајќи се за својата историска мисија - иселеништвото.

Како студент и стипендист на Матицата бев мошне респектиран и почитуван, како меѓу колегите на Факултвтот, така и меѓу вработените во Матицата. Во тој период започнав да ја формирам и својата визија за иднината. Пресудно беше моето одење во Охрид, градот во кој мечтаев да живеам. Сакав да се занимавам со наука,

MY STAY IN CANADA

Upon arriving in Canada with my parents, my primary focus was completing higher education and earning a university degree. I began by studying English at a government-run school and later attended the Ryerson Institute in Toronto, where I earned a diploma in English language and literature. During this time, I was actively involved with the Macedonian community in Canada, contributing to the magazine *Duhovna Iskra*, serving as the second secretary of the organization "United Macedonians," and holding roles at the church "St. Clement of Ohrid," first as a board member and later, in 1968, as its general secretary. My engagements extended to organizing the library, folklore events, publishing activities, and numerous cultural initiatives within the Macedonian diaspora in Toronto.

Despite these cultural and community activities, I did not neglect my main profession—geodesy. I secured a job as a surveyor at a firm run by American Jews. The nature of the fieldwork allowed me to travel extensively across Canada, from Ontario to the Northern Territories, Yukon, and even Alaska. This role provided a lucrative income, enabling me to live comfortably. Having surveyed hundreds of homes, which was considered a significant accomplishment by Western standards, I was being prepared by the company for larger projects. One notable assignment was a survey project at an American base in Kuwait. Preparations were completed, and I even received an advance payment for the trip. However, the project was unexpectedly halted when information on my background was deemed ideologically incompatible. Though the reason was not explicitly shared, the expressed regret for the cancellation was clear. Of course, this was not communicated to me, but the regret for the postponement of my trip was especially emphasized.

In 1969, at the age of 28, on the recommendation of the then Yugoslav ambassador to Canada, Mitko Chalovski, I returned to Macedonia, with a scholarship from the Macedonian Emigrants' Association and with treatment like all other foreign students in our country (Palestinians, Africans and others from the world of non-aligned countries with whom the then Yugoslavia maintained friendly relations, as their leaders). The records show that I was among the first Macedonians to return to the homeland for studies and one of the earliest foreign students from Canada in Macedonia to complete my degree on time. Initially, I considered pursuing Macedonian, law, history, or a branch of natural sciences but ultimately chose English, with Macedonian and German, to expedite my graduation. This decision was likely influenced by meeting my beloved Nada, whom I married, marking the end of a turbulent and dynamic chapter in my life and preparing me for my historical mission in emigration.

As a student and scholarship recipient from Matica, I enjoyed great respect and recognition from both my faculty peers and Matica staff. It was during this time that I began shaping my vision for the future. Moving to Ohrid, the city I had always dreamed of living in, proved pivotal. I aspired to engage in scientific research, study social conditions, and leverage my English skills to translate scientific and literary works by domestic and international authors, along with pursuing creative and informational activities.

со истражување на општествените состојби, со користење на англискиот јазик за преводи на научна и друга уметничка литература од домашни и странски автори, со информативна работа и воопшто со креативни активности.

Во почетокот по доселувањето во Охрид, првата работа за која се зафатив беше функцијата на професионален туристички водич за Охрид и Македонија. Мои клиенти беа речиси сите туристички групи што доаѓаа во македонскиот Ерусалим, од Израел, Англија и други земји.

Целодневните ангажмани на овој план ми овозможија добро да заработувам и полека да ги разрешувам проблемите што ми ги наметна брачната заедница со мојата Нада, почнувајќи од станбениот проблем до сите други потреби што ми ги диктираше среќниот живот со мојата животна сопатничка, која за возврат ми подари две прекрасни деца, синот Александар и ќерката Дафинка. Возбуден од скапиот дар на саканата, почнав да пишувам поезија, што е типично за емотивните творци, на кои им припаѓав и јас.

Ориентацијата кон културното творештво, а особено кон материјалната култура што ја сочинуваат културно-историските споменици, ми овозможи да станам, речиси, експерт за нив и почнувајќи од црквите, кои ми останаа во срцето, се свртив кон иселеништвото, кон Македонците во дијаспората, и кон лексикографијата и комуникацијата со нашите луѓе во светот. Како резулат на тоа, денес располагам со една од најбогатите библиотеки, со каква што ретко можат да се пофалат дури и некои научни работници. По престојот во Охрид и ангажманот во Хидробиолошкиот звод, се вратив во Скопје, каде што започнав нова фаза во мојата кариера: прво во Матицата на иселениците од Македонија, потоа во РК ССРНМ, во Републичката комисија за односи со верските заедници и пак во Агенцијата за иселеништво, кога одлучив да се повлечам и да му се посветам целосно на научноистражувачката работа околу македонското иселеништво во светот.

Од тој период за мене се карактеристични неколку епизоди, малку познати во јавноста, а кои имале пресвртничко влијание во формирањето на одделни односи на релацијата држава-црква, а врз кои свое влијание имав и јас лично. Така, првите честитки од поглаварот на МПЦ г.г.Гаврил до православните верници во Македонија, за прв пат беа јавно објавени по мое барање, кога бев на функција секретар на Комисијата на РК ССРНМ за односи со верските заедници. Јас бев присутен и на средбата на која г.г. Гаврил го стави својот потпис под оставката со која се откажува од позицијата поглавар на МПЦ, од здравствени причини. На средбата биле присутни Киро Глигоров, д-р Блаже Ристовски, д-р Никола Кљусев и Стојан Андов, од една и г.г.Гаврил и јас, од друга страна. Собрани во Калиште, Струшко, расправавме за повеќе работи, битни за односите меѓу државата и црквата, извлекувајќи, притоа, неповолни оценки за развојот на таквите односи, заради што и дојде до повлекување на г.г. Гаврил одтронот на оставката, во таа прилика, јас го подготвив.

Свое влијание имав и во изборот на новиот поглавар на МПЦ г.г. Михаил, кого посебно го почитував и имав високо мислење за неговите духовни и интелектуални квалитети. Нашата соработка беше широка и продуктивна, како во земјата, така и надвор од неа, за време посетите на македонските верници во иселеништвото. Го ценев како поглавар со големо животно искуство, умен и начитан човек, кој преку него остварив богата комуникација со државата, придонесувајќи тие односи постојано да јакнат и да се развиваат, во насока на афирмација на Република Македонија во Европа и светот, но и меѓу иселеништвото на сите континенти.

Исто така, по моја иницијатива во 1993 година претседателот на Република Македонија, господинот Киро Глигоров за прв пат присуствуваше на Божикната литургија во Соборниот храм „Свети Климент Охридски" во Скопје. Тоа е случај за прв пат претседател на државата да влезе официјално во македонски храм. Јас бев „заслужен" и за неизборот на митрополитот г. Кирил за поглавар на МПЦ, бидејќи неговиот предлог дојде во време кога владејачката гарнитура ги започна своите манипулации со МПЦ и форсирањето на антимакедонските влијанија во земјата. Како резултат на таквите околности и Кирил и јас бевме прогласени за „жртвени јарци". Кирил не стана поглавар, а јас морав да заминам од Комисијата за односи со верските заедници

In the beginning, after moving to Ohrid, the first job I took on was the function of a professional tourist guide for Ohrid and Macedonia. My clients were almost all the tourist groups that came to Macedonian Jerusalem, from Israel, England and other countries.

Full-time engagements in this area allowed me to earn well and slowly solve the problems that the marital union with my Nada imposed on me, starting from the housing problem to all other needs that a happy life with my life partner dictated to me, who in return gave me two beautiful children, son Aleksandar and daughter Dafinka. Excited by the expensive gift from my beloved, I began to write poetry, which is typical of emotional erudites and creators, to which I belonged.

The orientation towards cultural creation, and especially towards the material culture that cultural and historical monuments constitute, allowed me to become, almost, an expert on them and starting from the churches, which remained in my heart, I turned to emigration, to Macedonians in the diaspora, and to lexicography and communication with our people in the world. As a result, today I have one of the richest libraries, which even some scientists can rarely boast of. After my stay in Ohrid and my engagement in the Hydrobiological Unit, I returned to Skopje, where I began a new phase in my career: first in the Registry of Emigrants from Macedonia, then in the RC SSRNM, in the Republican Commission for Relations with Religious Communities and again in the Agency for Emigration, when I decided to retire and devote myself entirely to scientific research work on Macedonian emigration in the world.

From that time, several episodes stand out for me, relatively unknown to the public, that marked a pivotal change in the development of specific relations between the state and the church, and in which I played a personal role. Therefore, the initial congratulations from the leader of the MOC, His Holiness Gavril, to the Orthodox believers in Macedonia, were publicly communicated at my request when I served as secretary of the Commission of the RC SS-RNM for relations with religious communities. I was also present during the meeting where His Holiness Gavril signed his resignation letter, in which he abdicated his role as head of the MOC due to health issues. Kiro Gligorov, Dr. Blazhe Ristovski, Dr. Nikola Kljusev, and Stojan Andov attended the meeting, while on the opposite side were His Holiness Gavril and I. Meeting in Kalisz, Struga, we examined various matters significant to the relationship between the state and the church, arriving at negative evaluations regarding the progress of this relationship, which resulted in the retraction of the resignation letter of His Holiness Gavril, which I had drafted for that event.

I also played a role in the election of the new leader of the MOC, His Holiness Mihail, whom I greatly respected and held in high regard for his spiritual and intellectual attributes. Our collaboration was extensive and fruitful, both locally and internationally, during the trips of Macedonian believers in the diaspora. I valued him as a leader with extensive life experience, an intelligent and knowledgeable person, through whom I fostered meaningful communication with the state, aiding in the ongoing enhancement and growth of these relations, aimed at affirming the Republic of Macedonia in Europe and globally, as well as among the diaspora across all continents.

Also, at my initiative in 1993, the President of the Republic of Macedonia, Mr. Kiro Glirorov, attended the Christmas liturgy for the first time in the Cathedral Church "St. Clement of Ohrid" in Skopje. This was the first time that a president of the state officially entered a Macedonian church. I was also "deserved" for the non-election of Metropolitan Kiril as the head of the Macedonian Orthodox Church, because his proposal came at a time when the ruling party began its manipulations with the Macedonian Orthodox Church and the forcing of anti-Macedonian influences in the country. As a result of such circumstances, both Cyril and I were declared "scapegoats." Cyril did not become the head, and I had to leave the Commission for Relations with Religious Communities.

ПОРТРЕТ НА СЕМЕЈСТВО НА СОПРУГАТА НАДА

Нада Николовска, родена Иванова е позната во образовниот систем на нашата земја како советник и инспектор по македонски јазик за основното образование. Близу триесет години работеше во Бирото за развој на образованието при Министерството за образование. Нада Николовска–Катин, како што е уште позната меѓу наставниците, е автор на дваесетина учебници и друга дидактичка литература по македонски јазик, кои значат голем придонес во наставниот процес во училиштата во Македонија. Нејзините дела, во исто време се и афирматори и бранители на македонскиот јазик и литературата во земјата и светот.

Нада Николовска е родена на 7 ноември 1949 година во Виница, град со околу единаесет илјади жители според пописот во 2002 година. Тој се наоѓа во источниот дел на Македонија и е центар на Општина Виница. Виница е распространета во подножјето на планината Плачковица, помеѓу планините Голак и Обозна, во југоисточниот дел на Кочанско-виничката Котлина на северниот брег на реката Брегалница.

Нада Иванова го завршила основното и гимназиското образование во Виница, со одличен успех, а продолжила да се школува на Филозовскиот факултет, група книжевност на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје. До тогаш беше виничанка, а во 1973 година се мажи за Славе Катин, кога и постанува голем поддржувач и вљубеник на Преспа, каде во куќата во Љубојно има македонска соба со народни носии и други преспански и македонски старини.

По завршувањето на факултетската наобразба во 1976 година се вработува како наставник по македонски јазик и литература во ОУ „Братство-единство“ во Охрид, каде останува три години. Потоа, три години беше наставник по македонски јазик и литература во ОУ „Коле Неделковски“ во Скопје. Од 1985 година до пензионирањето во 2011 година, била на повеќе функции во Министерството за образование на Република Македонија и тоа: пет години била педагошки советник за македонски јазик и литература во Заводот за унапредување на образованието и воспитанието на град Скопје; девет години била самостоен педагошки советник за македонски јазик и литература; две години била советник за македонски јазик и литература во Министерството за образование и наука во Бирото за развој на образованието; од 2005 година има статус државен службеник во Бирото за развој на образованието-Скопје.

Со ваквото професионално искуство, Нада Николовска од 1981 година навлегува во сферата на истражувањата и проучувањата на актуелните образовни проблеми. На Конгресот во Нови Сад во 1988 година учествува со темата „Литературно-теоретските поими во наставата по македонски јазик”; во 1991 година во Загреб со реферат на тема: „Народното творештво во наставата по македонски јазик”; во 1995 годи на во Скопје и во Битола со истражувачкиот проект „Македонскиот јазик за учениците во основното образование со специјални потреби”. Нада е автор на девет учебници, пет книги, осум тетратки за лектири по македонски јазик и три работни тетратки кои се помагала на учебниците што претставува ретко завиден биланс на успешен професионалец во системот на образованието во Република Македонија, на почетокот на Третиот милениум.

Ако кон овој значително богат пакет на учебници за основното и средното образование, за еден релативно кус период од педагошката работа на Нада, се додадат и преку 80 стручни и научни трудови, проучувања, истражувања, концепции,

PORTRAIT OF MY WIFE NADA'S FAMILY

Nada Nikolovska, née Ivanova, is highly regarded in Macedonia's educational system as an advisor and inspector of the Macedonian language for primary education. She spent nearly thirty years at the Bureau for the Development of Education within the Ministry of Education. Known to teachers as Nada Nikolovska-Katin, is the author of twenty textbooks and other didactic literature in the Macedonian language, which represent a great contribution to the teaching process in schools in Macedonia Her works advocate for and protect the Macedonian language and literature both in Macedonia and the world.

Nada Nikolovska was born on November 7, 1949, in Vinica, a small city with around eleven thousand residents, according to the 2002 census. Located in eastern Macedonia, Vinica is the administrative center of the Municipality of Vinica. The city lies at the base of Plachkovica Mountain, nestled between the Golak and Obozna mountains, in the southeastern part of the Kochani-Vinica Valley, on the northern bank of the Bregalnica River.

Nada Ivanova completed her primary and secondary education in Vinica, with excellent results, and continued her education at the Faculty of Philosophy, Literature Group of the University "Saints Cyril and Methodius" in Skopje. Until then, she was a resident of Vinica, and in 1973 she married Slavè Katin, when she became a great supporter and lover of Prespa, where in the house in Ljubojno there is a Macedonian room with folk costumes and other Prespa and Macedonian antiquities.

After completing her university education in 1976, she was employed as a teacher of Macedonian language and literature at the "Bratstvo-edinstvo" elementary school in Ohrid, where she stayed for three years. Then, for three years, she was a teacher of Macedonian language and literature at the "Kole Nedelkovski" elementary school in Skopje. From 1985 until her retirement in 2011, she held several positions in the Ministry of Education of the Republic of Macedonia, including: for five years she was a pedagogical advisor for Macedonian language and literature at the Institute for the Advancement of Education and Upbringing of the City of Skopje; for nine years she was an independent pedagogical advisor for Macedonian language and literature; for two years she was an advisor for Macedonian language and literature at the Ministry of Education and Science at the Bureau for the Development of Education; since 2005 she has had the status of a civil servant at the Bureau for the Development of Education-Skopje.

With such professional experience, Nada Nikolovska has been entering the field of research and studies of current educational problems since 1981. At the Congress in Novi Sad in 1988 she participated with the topic "Literary and theoretical concepts in the teaching of the Macedonian language"; in 1991 in Zagreb with a paper on the topic: "Folk art in the teaching of the Macedonian language"; in 1995 in Skopje and Bitola with the research project "The Macedonian language for students in primary education with special needs". Nada is an author of nine textbooks, five books, eight notebooks for readings in Macedonian language and three workbooks that help with the textbooks, which represents a rarely enviable balance of a successful professional in the education system in the Republic of Macedonia, at the beginning of the Third Millennium.

In addition to her extensive collection of textbooks for primary and secondary education, Nada

апликативни проекти, наставни програми, методолошки инструменти, анализи, упатства, информации, извештаи, рецензии, редакциии и други публикации, со задоволство може да се констатира дека јас во ликот на мојата сопруга имам партнер, кој, ако не може да ми конкурира, барем ефектно ме стимулира за нови подвизи во мојата планетарна работа. Се разбира, мојот реванш за таквиот придонес на мојата сопруга не изостанува: со неа ја прокрстарив Австралија, Европа, Израел, Бразил, САД, Канада и Куба, каде имала шанса да види како функционира нејзиниот сопруг во неговите – „Катинови епархии". И со каков респект и почит е дочекуван од македонското иселеништво.

Но, од сите патувања по светот, имам чувство дека најголемо задоволство ми причинува патувањето во Виница Македонска, градот на мојата сакана, што е доказ за мојата неизмерна љубов кон неа и нејзиното семејство.

Родители на Нада беа Димитар и Лујза (Иванови). Димитар, Митко (1921 - 1993), беше роден во Виница и почина во родниот град, каде и му се наоѓа неговиот вечен дом. Во биографијата на Димитар е забележано дека уште како дете на пет години останал без двајцата родители, со што му се отежнало детството. Но неговата упорност и љубов кон иднината на човека победиле. Имено, во тие немирни времиња, бидејќи, Димитар бил без родители и имал тежок живот, но имал силна љубов за учење и го започнал своето основно образование. Меѓутоа, Втората светска војна и окупациите оставиле траги во неговиот живот.

Во периодот по ослободувањето на Македонија, Димитар го завршил своето средно образование. Како и многумина во тој повоен период се вклучил во новиот систем на државата и си го нашол своето место под сонцето и станал верен, честит и почитуван службеник на новото социјалистичко општество.

Завршил Виша управна школа и Правем факултет и како правник во тој период подолго време бил вклучен во општествено политичкиот живот на Општината Виница, извршувајќи повеќе општински и државни функции. Најдолго се задржал како директор на Цигланата во Виница и како секретар на Општинскиот комитет на Комунистичката партија на Македонија, за општина Виница.

Инаку Димитар, Митко беше надарен, интелегентен, начитан, чесен, и посветен на работата и своето семејство. Тој беше човек кој беше достоен да извршува високи функци во Општината и на ниво на државата. Во исто време, тој беше народен хуман човек и беше подготвен да помогне на секој што ќе му побараше помош.

Мајка и' на Нада, Лујза Иванова (1922-2009), пак, беше една од најчеститите и најдомаќински жени и мајки во Виница. Таа немаше можности да се школува, но со својот однос, воспитание и љубов кон семејството: Верка (1947), која е во брак со Ристо Попов и со кого ги имаат децата Иван и Гоце, Нада (1949) со Славе Катин ги имаат Александар и Дафинка, а Љупчо (1953) е во брак со Лидија и ги имаат децата Иван и Виктор ија. За сите нив Лујза и Митко оставиле силни родителски позитивни спомени, за кои често сите се сеќаваат и ги споменуваат.

Затоа мојот магнетизам кон Виница е предизвик на кој не можам да се спротивставам, не знам од кои причини, но најверојатно, поради фактот што единствено таму во семејството на сопругата Нада може да ја најдам топлината на семејниот дом, која секогаш толку многу ми неодстигаше, особено кога отсуствував од земјата. А можеби тајната на мојот сентиментален однос кон убавиот и сончев македонски југ, лежи и во феноменалните способности на Нада во кулинарството, во специјалитетите кои ретко можат да се најдат и во кујните на хотелите од висока категорија. Тоа и не е случајно, енергијата што ја трошам безмерно, мора брзо и квалитетно да се надомести и да нема застој во мојата незапирлива публицистичка продукција, со која во минатото се претставив во Канада, САД, Австралија и Европската Унија.

Исто така, ќе нагласам дека Нада е вљубеник во моето Љубојно. Често ми кажува дека е возбудена кога ќе дојдеме во Преспа, особено кај Претор и одиме кон Љубојно. И покрај денешните услови кои владеат во Љубојно со седење дома. Таа таму е презадоволна и постојано си наоѓа некоја занимација. Така, благодарение на Нада имаме реновирана куќа со сите нишани и во Љубојно имаме библиотека од околу 4.000 книги. Исто така, таа направи мал македонски музеј во нејзината македонска соба, во која има македонски носии, старини и голем број предмети кои зборуваат за минатото на нашето семејство, на Преспа, на етничка Македонија.

has also authored over 80 professional and scientific works, including papers, studies, research, projects, curricula, methodological tools, analyses, reports, reviews, editorials, and other publications in a relatively short time. I can proudly say that in my wife, I have a partner who, while perhaps not competing with me, certainly motivates me to achieve new milestones in my global work. Of course, my "revenge" for her incredible contribution is not without merit: together, we've traveled to Australia, Europe, Israel, Brazil, the USA, Canada, and Cuba, where she witnessed firsthand how her husband operates in his "Katyn dioceses" and the great respect and esteem with which he is greeted by the Macedonian diaspora.

But of all the trips around the world, I feel that the trip to Vinica Makedonska, the city of my beloved, gives me the greatest pleasure, which is proof of my immense love for her and her family.

Nada's parents were Dimitar and Lujza (Ivanovi). Dimitar, Mitko (1921-1993), was born in Vinica and died in his hometown, where his eternal resting place is located. Dimitar's biography notes that at the age of five, he lost both parents, which made his childhood difficult. But his perseverance and love for the future of man won. Namely, in those turbulent times, despite Dimitar being without parents and having a difficult life, he had a strong love for learning and began his primary education. However, World War II and the occupations made considerable impact on his life.

In the period after the liberation of Macedonia, Dimitar completed his secondary education. Like many in that post-war period, he joined the new system of the state and found his place under the sun and became a faithful, honest and respected servant of the new socialist society.

He graduated from the Higher School of Administration and the Faculty of Law and as a lawyer during that period he was involved in the socio-political life of the Municipality of Vinica for a long time, performing several municipal and state functions. He stayed the longest as the director of the Brickworks in Vinica and as the secretary of the Municipal Committee of the Communist Party of Macedonia, for the Municipality of Vinica.

Otherwise, Dimitar, Mitko was gifted, intelligent, well-read, honest, and dedicated to his work and his family. He was a man who was worthy of performing high functions in the Municipality and at the state level. At the same time, he was a people's humane man and was ready to help anyone who asked for help.

Nada's mother, Lujza Ivanova (1922-2009), was one of the most common and most homely women and mothers in Vinica. She did not have the opportunity to be educated, but with her attitude, upbringing and love for her family: Verka (1947), who is married to Risto Popov and with whom she has children Ivan and Goce, Nada (1949) with Slavè Katin has Aleksandar and Dafinka, and Ljupcho (1953) is married to Lidija and has children Ivan and Viktorija. For all of them, Lujza and Mitko left strong positive parental memories, which everyone often remembers and mentions.

Therefore, my magnetism towards Vinica is a challenge that I cannot resist, I do not know for what reasons, but most likely due to the fact that only there, in the family of my wife Nada, can I find the warmth of the family home, which I have always missed so much, especially when I was absent from the country. And perhaps the secret of my sentimental attitude towards the beautiful and sunny Macedonian south lies in Nada's phenomenal culinary abilities, in the specialties that can rarely be found even in the kitchens of high-class hotels. This is no coincidence, the energy that I spend immeasurably must be quickly and qualitatively compensated for and there must be no slowdown in my unstoppable journalistic production, with which I have presented myself in Canada, the USA, Australia and the European Union in the past.

I must also emphasize that Nada has a deep affection for my Ljubojno. She often shares how thrilled she feels when we visit Prespa, especially when we head towards Ljubojno, despite the current conditions there, with much time spent indoors. She's always happiest there, constantly finding new things to do. Thanks to Nada, our house is beautifully renovated with all the modern amenities, and in Ljubojno, we have a library containing around 4,000 books. She also created a small Macedonian museum within her Macedonian room, featuring folk costumes, antiques, and numerous items that reflect the history of our family, Prespa, and ethnic Macedonia.

Дедо Митко и Баба Луjза / Grandpa Mitko and Grandma Louise

Нада со родителите Митко и Луjза / Nada with her parents Mitko and Lujza

На регистрацијата на Нада и Славе/ At the registration of Nada and Slave

Семејствата на Верка и Ристо и на Нада и Славе / The families of Verka and Risto and Nada and Slave

АКТИВНОСТИ НА НАШЕТО СЕМЕЈСТВО

Нашите деца Александар и Дафинка се воспитани и школувани во духот на професионалната ориентација и креативните македонски ангажмани на нашите семејства, особено на нас родителите Нада и Славе.

Синот Александар (Алек), е роден на 10 април 1974 година во Скопје, по завршувањето на основото училиште „Коле Неделковски", образованието го продолжи во средното медицинско училиште „Д-р Панче Караѓозов", за набрзо потоа да се префрли во средното ветеринарно училиште „Браќа Миладиновци".

Ветеринарниот факултет го завршува во 1999 година,а потоа стажира во Ветеринарната болница во Скопје. По завршувањето на стажот поминува на работа во Одделението за легислатива при Управата за ветеринарство на Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство, со договор за дело. По запишувањето на постдипломските студии на Институтот за социолошки, правни и политички науки, во отсекот за менаџмент, во 2000 година стапува во брак со својата сопруга Радмила Чрчева

Александар располага и со работно искуство остварено во Канада во 1996 година, во одделението за месо и млечни производи на фирмата „Knob Hill Farms" во Торонто, потоа една година како доктор по ветеринарна медицина во Ветеринарната болница во Скопје. Во 2015 година Алек и Радмила се преселија во Торонто, Канада, каде Александар се вработи во Министерство за храна, а Радмила оди и се враќа секоја година, особено после нејзиното докторирање и добивање звање професор на Ветеринарниот факултет.

Инаку, Александар учествувал на семинарот за *„Организација и искоренување на болести"*, одржан во Сараево, Б и Х и на семинарот за *„Развој на стратегијата за прехранбената индустрија во Република Македонија"*, одржан во ноември 2002 година. Одличното познавање на англискиот, како и работата со сите офиси на Мајкрософт, на Александар му овозможи да ги совлада организациските и комуникациските вештини и активно да се бави со преводи од англиски на македонски и обратно, но и со терапијата, профилаксата, хирургијата и репродукцијата на големите и малите животни.

Своето образование, специјализација и дообучување од областа на безбедноста на храната и ветеринарството, како и Европските политики и внатрешната ревизија, Александар ги продолжува на повеќе престижни школи и универзитети во Европа и Северна Америка, и тоа на: универзитетите во Гвелф, Онтарио, Бруж, Белгија, Вагенинген, Холандија, Бирминген, Британија, како и на Националната школа за висока администрација во Стразбург, Франција. Во Македонија работел во Секретаријатот за европски прашања, од 2004 до 2014 година, а во Агенцијата за храна и ветринарство до 2016 година. Потоа заминува за Торонто, Канада, каде работи во Министерството за земјоделие на Онтарио, како инспектор. Сега тој е магистер на ветеринарните науки.

Снаата, пак, Радмила Чрчева е родена на 31. 07. 1974 година во Гостивар. Основно и средно образование завршила во Скопје во учебната 1995/96 година, а во 1999 година го завршува Факултет за ветеринарна медицина, на Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје кога се

OUR FAMILY ACTIVITIES

Our children Aleksandar and Dafinka have been raised and educated in the spirit of the professional orientation and creative Macedonian engagements of our families, especially us parents Nada and Slavè.

The son Aleksandar (Alek), was born on April 10, 1974 in Skopje, after finishing the primary school "Kole Nedelkovski", he continued his education at the secondary medical school "Dr. Pance Karagjozov", and soon after transferred to the secondary veterinary school "Brakja Miladinovci".

He graduated from the Faculty of Veterinary Medicine in 1999, and then did an internship at the Veterinary Hospital in Skopje. After completing his internship, he went to work in the Department of Legislation at the Veterinary Administration of the Ministry of Agriculture, Forestry and Water Management, with a contract for work. After enrolling in postgraduate studies at the Institute of Sociological, Legal and Political Sciences, in the Department of Management, in 2000 he married his wife Radmila Chrceva.

Aleksandar also has work experience gained in Canada in 1996, in the meat and dairy products department of the company "Knob Hill Farms" in Toronto, then for a year as a Doctor of Veterinary Medicine at the Veterinary Hospital in Skopje. In 2015, Alek and Radmila moved to Toronto, Canada, where Aleksandar got a job at the Ministry of Food, and Radmila goes and returns every year, especially after her doctorate and obtaining the title of professor at the Faculty of Veterinary Medicine.

Otherwise, Aleksandar participated in the seminar on "Organization and Eradication of Diseases", held in Sarajevo, Bosnia and Herzegovina and in the seminar on "Development of the Strategy for the Food Industry in the Republic of Macedonia", held in November 2002.

Excellent knowledge of English, as well as working with all Microsoft offices, allowed Aleksandar to master organizational and communication skills and to actively engage in translations from English to Macedonian and vice versa, as well as in therapy, prophylaxis, surgery and reproduction of large and small animals.

Aleksandar continued his education, specialization and further training in the field of food safety and veterinary medicine, as well as European policies and internal audit at several prestigious schools and universities in Europe and North America, including: the universities of Guelph, Ontario, Bruges, Belgium, Wageningen, Netherlands, Birmingham, UK, as well as the National School of Higher Administration in Strasbourg, France. In Macedonia, he worked at the Secretariat for European Affairs from 2004 to 2014, and at the Food and Veterinary Agency until 2016.

Then he left for Toronto, Canada, where he works at the Ontario Ministry of Agriculture, as an inspector. Now he is a master of the veterinarian sciences.

Our daughter-in-law, Radmila Chrceva, was born on 31. 07. 1974 in Gostivar. She completed her primary and secondary education in Skopje in the 1995/96 academic year, and in 1999 she graduated from the Faculty of Veterinary Medicine at the University "Ss. Cyril and Methodius" in Skopje

здоби со звање - Доктор по ветеринарна медицина.

Во 2009 година Радмила ги заврши постдипломски студии во траење од 4 семестри на катедрата Исхрана на домашни животни, на Факултет за ветеринарна медицина на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, кога ја одбрани магистерската тема: *"Ефектот на антидијабетична диета врз биохемиски профил кај лабораториски стаорци со индуциран диабет"* и станала Магистер на ветеринарни науки од областа на клиничка физиологија, биохемија и патофизиологија".

Радмила стана доктор на науки од научната област *„Ветеринарна медицина, исхрана на домашните животни"*. Докторската дисертација на тема: *„Типизација на анимални протеини во храна и добиточна храна и компарација на различни методи за нивна детекција"*, ја одбрани во 2015 година.

Во нејзината кариера е забележано дека во 2006 година добила звање помлад асистент, потоа, асистент и научен соработник, за во 2020 година да биде избрана за вонреден професор на Факултетот за ветеринарна медицина на Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, каде е вработена во Ветеринарниот институт. Радмила учествувала на голем број научни собири во земјата и странство каде презентирала научни трудови од областа на ветеринарните науки. Автор и коавтор е на неколку научни публикации.

Нашата ќерка Дафинка, пак, е родена во Штип (19 јули 1975). Во Скопје го завршува Филолошки факултет на Катедрат за англиски јазик и книжевност на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј" и после кој ќе започне да работи за УНИЦЕФ, Скопје. Но, нејзината потреба за промени и патувања ќе ја збогатат со пет земји, кои во последниве 24 години ги нарекува дома.

Годината помината во Њу Јорк и едно мало градче блиску до Бостон, во Америка ќе и ја зацрвстат љубовта кон англискиот јазик и англиска книжевност. Животот во Паплона, Шпанија, во градот на Хемингвеј каде таа учи шпански јазик и политички науки ќе и отворат нови хоризонти и согледувања за богатата шпанска култура.

Инаку, од 1995 до 1997 година Дафинка беше вклучена како активен преведувач на семинарот на УНИЦЕФ, кој во овој период се одржуваше во Линколн, Англија, во Охрид, Струга, Крушево и во Скопје, во рамките на проектот за интерактивно учење и предавање во основното образование, потоа на Семинарот на СОРОС за советници во училиштата, одржан во 1997 година во Охрид, како и преведувач на семинарот на ЦРС (Catholic Relief Service), во рамките на Проектот „Граѓанско образование".

Потоа заминува за Лондон каде остана четирите години и каде работи во канцеларија за надворешни работи и комонвелт (Foreign and Commonwealth Office) како симултан и консекутивен преведуч, и како професор по македонски јазик и култура за идните британски амбасадори и НАТО службеници за Македонија. Таа исто така ја добива дипломата СЕЛТА (CELTA) во Оксфорд која е светски призната квалификација за предавање англиски како странски јазик.

Во нејзиниот престој во Англија се здоби со лиценца за професор по англиски јазик, со стандарди за негово изучување на било кој образовен степен во светот. На 4 јануари 2003 година во Лондон се регистрира за Џампаоло Скатоца, Италијанец, по професија професор по џез музика.

Од Лондон заминува за Торонто, Канада каде покрај оформувањето на четиричлено семејство, го развива својот интерес и пасија кон преводот и издаваштвото. Имено, започнува да работи како преведувач за над 12 агенции вклучително Одборот за имиграција и бегалци на Канада. Но во исто време предава симултан и консекутивен превод во програмата на MCIS Language Solutions на групи со повеќе од 40 јазици.

Таа паралено на ова се запишува на Ryerson University во Торонто каде две години посветува на студии за издаваштво и шест месеци стажира во феминистичката издавачка куќа Sumach Press. Последната година, пред да се пресели во Рим, Италија, таа работи како координатор на преведувачкиот оддел за петте централни болници во Торонто.

when she received the title - Doctor of Veterinary Medicine.

In 2009, Radmila completed her postgraduate studies lasting 4 semesters at the Department of Domestic Animal Nutrition, at the Faculty of Veterinary Medicine at the University "Ss. Cyril and Methodius" in Skopje, when she defended her master's thesis: "The effect of an antidiabetic diet on the biochemical profile in laboratory rats with induced diabetes" and became a Master of Veterinary Sciences in the field of clinical physiology, biochemistry and pathophysiology.

Radmila became a Doctor of Science in the scientific field of "Veterinary Medicine, Domestic Animal Nutrition". She defended her doctoral dissertation on the topic: "Typization of Animal Proteins in Food and Feed and Comparison of Different Methods for Their Detection", in 2015.

In her career, it is noted that in 2006 she received the title of Junior Assistant, then Assistant and Research Associate, and in 2020 she was elected Associate Professor at the Faculty of Veterinary Medicine of the University "Ss.

Cyril and Methodius" in Skopje, where she is employed at the Veterinary Institute. Radmila participated in a large number of scientific meetings in the country and abroad where she presented scientific papers in the field of veterinary sciences. She is the author and co-author of several scientific publications.

Our daughter Dafinka, on the other hand, was born in Shtip (July 19, 1975). In Skopje, she graduated from the Faculty of Philology at the Department of English Language and Literature at the University of "Saints Cyril and Methodius" and after that she started working for UNICEF, Skopje.

Her desire for change and travel has led her to live in five different countries over the past 24 years. Her time in New York and a small town near Boston deepened her love for the English language and literature. Living in Pamplona, Spain, in Hemingway's city, where she studied Spanish and political science, expanded her understanding of Spanish culture.

From 1995 to 1997, Dafinka actively participated as a translator at several key seminars.

These included the UNICEF seminar in Lincoln, England, Ohrid, Struga, Krusevo, and Skopje, focused on interactive learning in primary education, as well as the 1997 SOROS Seminar for School Counselors in Ohrid.

She also worked as a translator at the CRS (Catholic Relief Service) seminar within the framework of the "Civic Education" Project.

She then moved to London, where she lived for four years, working at the Foreign and Commonwealth Office as both a simultaneous and consecutive interpreter, and a professor of Macedonian language and culture for future British ambassadors and NATO officials. During this time, she earned the CELTA diploma from Oxford, a prestigious qualification for teaching English as a foreign language.

While in England, she also obtained a teaching license for English, meeting international standards for teaching the language at any educational level. On January 4, 2003, she was married in London with Giampaolo Scatozza, an Italian jazz music professor.

From London, she moved to Toronto, Canada, where, alongside raising her family of four, she pursued her passion for translation and publishing.

She worked as a translator for over 12 agencies, including the Immigration and Refugee Board of Canada, while also teaching simultaneous and consecutive translation in the MCIS Language Solutions program, which included over 40 languages.

Simultaneously, she enrolled at Ryerson University in Toronto, where she spent two years studying publishing and completed a six-month internship at the feminist publishing house Sumach Press. In her final year before moving to Rome, Italy, she worked as the translation department coordinator for five major hospitals in Toronto.

Dafinka's strong command of English and Macedonian allowed her to develop a variety of skills,

Одличното познавање на англикиот и македонскиот јазик, на Дафинка и овозможи совладување на повеќе вештини, организациски и комуникациски, преводи од англиски на македонски и обратно, но и работа со сите офиси на Мајкрософт. Дафинка заврши шестмесечни студии на Универзитетот „Торонто" во Торонто и се здоби со дозвола за наставник по англиски јазик.

Зетот Џампаоло Скатоца е роден на 19 ноември 1971 година во Рим, како втор син на Умберто и Лаура Скатоца, (таткото адвокат, а мајката учителка) која била целосно посветена на сликарството. Нивниот син од шест години почнал да учи клавир, но љубовта кон тапаните била посилна. Тој подарок го добил од мајка му на седмиот роденден и од тогаш е неразделен од него, иако понекогаш посегнува и по гитарата, со која настапувал како дете во оркестарот на црквата на неговите родитнли.

До својата дванаесета година Џампаоло посетувал католичко, а потоа две години и државно училиште, кои ги завршил со одличен успех. По уписот во средното училиште посетува и часови по компонирање музика и свирење на тапани, кои ќе се најдат во неговиот животен фокус, бидејќи џез музиката му станува опсесија. Тоа е неговиот вирус од детството, кој во младоста конечно го заробува како клин на повеќе музички групи.

По завршувањето на средното училиште, се запишува на студии по филозофија, но само по една година ги напушта за целосно да и се посвети на музиката. Се запишал на факултетот за музика, на отсекот за тапанарство, кој го завршува само за три години, со одличен успех, иако студиите траеле пет години. Тоа му овозможува во наредните две години да настапува како член на различни музички групи и да замине на турнеи низ цела Италија. Настапувал и за РАИ УНО, во две познати емисии.

Во 1 997 година Џампаоло заминува за Лондон да ја испроба срекаата во музичкиот свет и да научи англиски јазик. Во тоа и успеал бидејќи тој беше пет години во Лондон, настапувајќи со светски познати имиња, како што се: BBC Orcestra, (класична музика), Paul Young; Dez Ree; Ruby Turner, Mariah Jones; Byork; Trevor Watts; групата Still; Gilard Atzmon, и многу други. Сепак најголем успех му е настапот кај Дафинка која целосно го освојува.

На брачниот чин во Лондон, на 4 јануари 2003 година, кој имаше своја македонска премиера и во Скопје, беа присутни татковците и браќата на Дафинка и на Џампаоло (Славе и Александа и Умберто и Стефано).

Лондон за Џампаоле е градот кој ќе го бутка постојано да се бори, да работи, да учи и секогаш да трага по начини да се усовршува. Така, во 1998 завшува постипломски студии на Голд Смит Колеџот (Goldsmith College) во Лондон и исто така оди во Хавана, Куба каде останува 6 месеци да се усовршува под закрилото на историскиот Енрике Пла (Enrique Pla) од групата Иракере (Irakere). Во Лондон, Џампаоло е целосно внесен во музичката сцена и свири како сесиски бубњар за уметници како Том Џонс (Tom Jones), Пол Јанг (Paul Young), Грув Армада (Groove Armada), и огромен број други имиња. Сепак, најголемото влијание го добива во работата со саксофонистот Тревор Вотс (Trevor Watts).

Од Англија, патот го води во Торонто, Канада каде покрај музиките настапите со Келили Еванс (Kellylee Evans), 480 Еаст (Four Eighty East), Шантал Чамберлејн (Chantal Chamberlain) тој предава бубњеви и етномузикологија на Хамбер Колеџ (Humber College), Мохак Колеџ (Mohawk College), и Кралскиот Музички Конзерваториум на Торонто (Royal Conservatory of Music).

Досега, Џампаоло е дел од над 50 албуми со музичари од сите страни на светот има настапувано на над 60 светски музички фестивали. Во изминатите 7 години има издадено 5 независни музички албуми, а последниот е посветен на кого ако не на неговата Дафинка. Џампаоло Скатоца заедно со неговото семејство живее и работи во родниот град Рим

including organizational and communication expertise, translation work between English and Macedonian, and proficiency in all Microsoft Office programs.

She also completed six months of studies at the University of Toronto, earning an English language teacher's license.

Our son-in-law, Giampaolo Scatozza, was born on November 19, 1971, in Rome, to Umberto and Laura Scatozza (his father a lawyer and his mother a teacher).

Fully immersed in music, his parents encouraged his artistic talents. Giampaolo began learning piano at the age of six, but his passion for drums surpassed it. He received his first drum set for his seventh birthday and has been inseparable from it ever since, occasionally playing the guitar, which he also used to perform as a child in his parents' church orchestra.

Giampaolo attended a private Catholic school until the age of twelve, followed by two years at a public school, where he excelled academically. However, his family experienced turmoil when his parents' marriage ended, which he found deeply painful.

To cope, he immersed himself in football and volleyball, while also taking music composition and drumming lessons, which would eventually become his passion. Jazz music became an obsession for him, a childhood love that led him to join several musical groups during his youth.

After high school, he began studying philosophy but left after a year to fully dedicate himself to music. He enrolled in the Faculty of Music, specializing in drumming, and completed his degree in just four years, despite the program being five years long. This achievement allowed him to perform with various musical groups, touring Italy for the next two years. He also appeared on RAI UNO in two popular shows.

In 1997, Giampaolo left for London to try his luck in the music world and learn English. He succeeded in this because he spent five years in London, performing with world-famous names, such as: BBC Augusta (classical music), Paul Young; Dez Ree; Ruby Tugper, Mariah Carey; Vuogk; Trevor Watts; the group Still; Gilard Atzmo, and many others. However, his greatest success was his performance with Dafinka, who completely conquered him.

At the wedding ceremony in London, on January 4, 2003, which had its Macedonian premiere in Skopje as well, the father and brother of Dafinka and Giampaolo (Slavè and Aleksanda and Umberto and Stefano) were present.

For Giampaolo, London became the city that pushed him to constantly strive, work, learn, and seek ways to improve.

In 1998, he completed his postgraduate studies at Goldsmiths College in London and then traveled to Havana, Cuba, where he spent six months studying under the guidance of the legendary Enrique Pla of the Irakere group. In London, Giampaolo immersed himself in the music scene, working as a session drummer for artists like Tom Jones, Paul Young, Groove Armada, and many others. However, it was his collaboration with saxophonist Trevor Watts that had the most significant impact on his work.

From England, Giampaolo moved to Toronto, Canada, where he not only performed with Kellylee Evans, 480 East, and Chantal Chamberlain, but also taught drums and ethnomusicology at Humber College, Mohawk College, and the Royal Conservatory of Music.

To date, Giampaolo has contributed to over 50 albums with musicians from around the globe and performed at more than 60 world music festivals.

Over the past seven years, he has released five independent albums, the most recent of which is dedicated to his wife, Daphne. Giampaolo Scatozza now lives and works in Rome with his family.

Дафинка и Александар / Dafinka and Aleksandar

Радмила и Алек / Radmila and Alek

Дафинка и Џампаоло / Dafinka and Janpaolo

ДЕЛ ТРИ

ДЕЛ ОД СЕМЕЈНОТО ПЕЧАЛБАРСТВО

ИСЕЛУВАЊЕТО - МАКЕДОНСКА СУДБИНА

ПЕЧАЛБАРСКАТА СУДБИНА ЗА ДЕДО МИ АЛЕКСО И БАБА МИ КАТА

ПЕЧАЛБАРСКИОТ КОПНЕЖ НА МАЈКА МИ САНДРА

НАДА НИКОЛОВСКА – ЧУВАР НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

ТРИЈАЗИЧНАТА СТИХОЗБИРКАТА „ДОЖДОТ“ НА ИЗАБЕЛ И МОНОГРАФИИТЕ НА ВНУЧИЊАТА

Едно име имаме
Во душата го носиме
За тебе живот даваме
О, Македонијо

Народна песна

PART THREE

PART OF THE FAMILY MIGRATION

EMIGRATION – THE FATE OF MACEDONIA

THE EMIGRANT FATE OF MY GRANDFATHER ALEKSO AND GRANDMOTHER KATA

MY MOTHER SANDRA'S MIGRATION YEARNING

NADA NIKOLOVSKA – GUARDIAN OF THE MACEDONIAN LANGUAGE

ISABEL'S TRILINGUAL POETRY COLLECTION "RAIN" AND THE GRANDCHILDREN MONOGRAPHS

We have got only one name
We keep it in our souls
We give ourlifes for you
O, Macedonia

Folk songs



Во Витлеем – родното место на Исус Христос / In Bethlehem – the birthplace of Jesus Christ

Прием кај претседателот Глигоров / A reception with the President Gligorov

ИСЕЛУВАЊЕТО – МАКЕДОНСКА СУДБИНА

Македонија е библиска, света земја. Таа со својата древност и милениумска вековитост е гордост, радост и тага, сон и јаве за секој Македонец. Нејзината географска положба ја прави крстосница на различни цивилизации, религии, традиции и обичаи. И денес Македонија сè уште во себе крие многу тајни од минатото, кои, веројатно ќе бидат предизвик за наредните генерации.

Често се вели дека Македонија е земја на премрежија, но и земја на убавини, земја на мистерии и опстојувања, каде што силните луѓе преживеале војни, глад, освојувачи, навреди, империи, притоа зачувувајќи ја волшебноста на своето име. Од величествените времиња на Филип и Александар Македонски, преку римските и византиските владеења, преку миграциите на Словените на југ и потпаѓањето под Отоманската Империја.

Низ овој долг и богат временски период само два народа го избрале името Македонија на оваа земја за нераздвоен дел на својот идентитет – древните Македонци и Македонците денес, а тоа претставува силна врска која датира од пред милениуми, укажувајќи на посветувањето на овие народи на својата библиска земја

Инаку, развојниот пат на македонското иселеништво во основа се совпаѓал со развојот на настаните на Балканот и уште повеќе во зависност од тоа како се движеле настаните околу Македонија. Како резултат на тоа преселничките печалбарски движења на Македонците и нивниот интензитет биле условени, пред сè, од тешките економски услови за живеење и работа, а во многу помалку случаи и од причини што имаат национално-политички карактер. Тешките, лоши, често и невозможни услови за живеење и постојаната борба за опстанок присилиле голем број Македонци да се определат, покрај другото, и за печалбарството.

Затоа, печалбарството при крајот на 19-от и почетокот на 20-от век станало масовна појава и еден од најсилните докази за неподносливата состојба, особено во македонските села. Селаните ја напуштале Македонија и оделе во Солун, Цариград, Смирна, Скадар и надвор од границите на Турција во соседните земји: Србија, Грција, Бугарија и Романија, а понекогаш и во Австро-Унгарија, Франција и Египет.

При крајот на 19-от век и на почетокот на 20-от век Македонците почнале да одат на печалба и во прекуокеанските земји, САД, Канада, Австралија и Јужна Америка (особено Аргентина).

Карактеристичен бил и периодот по 1960 година. Тогаш со отворањето на СФР Југославија спрема светот и со вклучувањето во меѓународната поделба на трудот, паралелно со создавањето на аграрно население во градовите и со либерализацијата на политиката за одење на работа во други земји, дошло до привремено иселување на поголем број работници и интелектуалци од тогашна СР Македонија на северно-американскиот континент. Преселнички движења од Македонија кон светот се присутни и денес, меѓутоа нивниот интензитет е различен, зависно од економско-политичкиот момент во Македонија, на Балканот и во светот.

Поради миграционите движења, како и поради зголемувањето на наталитетот, бројот на македонските доселеници расте од година во година. Меѓутоа, не постојат целосни и попрецизни податоци за бројот на македонските иселеници во прекуокеанските земји и во Европската Унија, како и во некои соседни земји.

Раселувањето на емигрантите од логорите во Грција, Италија и Австрија, пак, започнало 1951 година, главно, во Австралија, Нов Зеланд и Јужна Америка (Бразил и Аргентина), од 1957 година во Белгија, 1958 и 1961/62 во скандинавските земји, а потоа и во САД, Канада и други држави. Исто така, според неофицијални податоци има и десетици илјади Македонци од Беломорска Македонија, потоа од Пиринска Македонија, од Албанија и Гора во Србија.

Уште со доаѓањето во новите средини во повоениот период, Македонците во новите средини правеле обиди да се организираат. Во почетокот иницијатори биле поединци-емигранти декларирани како антикомунисти во прифатните лого-

EMIGRATION – THE FATE OF MACEDONIA

Macedonia is a land with deep biblical significance and a rich history that stretches back millennia. It is a source of immense pride, joy, and sorrow for every Macedonian, embodying both dreams and reality. Its strategic location has made it a meeting point for various civilizations, religions, and cultures. Even today, Macedonia holds countless secrets from its past, which will likely remain a mystery for future generations.

Macedonia is often described as a land of transitions, full of beauty, mysteries, and resilience, where its people have survived wars, famine, conquerors, insults, and empires, all while preserving the magic of their name. From the glorious era of Philip and Alexander the Great, through Roman and Byzantine rule, to the arrival of the Slavs and the Ottoman Empire's dominance, the land has witnessed a rich and turbulent history.

Throughout this long and rich historical period, only two groups have embraced the name Macedonia for this land as an inseparable part of their identity – the ancient Macedonians and the Macedonians of today, which represents a strong connection that dates back millennia, pointing to the dedication of these peoples to their sacred land.

The history of Macedonian emigration aligns closely with the historical events in the Balkans and was largely influenced by the changing circumstances around Macedonia. The decision to emigrate was driven mostly by harsh economic conditions, with fewer instances linked to political or national factors. The difficult living conditions and the ongoing fight for survival forced many Macedonians to seek better opportunities elsewhere.

By the end of the 19th and the beginning of the 20th century, emigration became a widespread phenomenon, reflecting the unbearable conditions in rural Macedonia. Many villagers left for cities like Thessaloniki, Constantinople, Smyrna, and Skadar, while others went beyond the Ottoman Empire's borders to neighboring countries like Serbia, Greece, Bulgaria, and Romania, and even to far-off places like Austria-Hungary, France, and Egypt.

At the end of the 19th century and the beginning of the 20th century, Macedonians began immigrating to overseas countries such as the USA, Canada, Australia, and South America (especially Argentina).

Emigration from Macedonia to the USA and Canada was most characteristic of traditionally emigrant regions such as Lerin, Bitola, Prespa, Kostur, Ohrid, Voden, Prilep, Struga, Thessaloniki, Tetovo, and other parts of Macedonia. Migration from these regions intensified after the Ilinden Uprising in 1903, with emigration becoming particularly pronounced after the Balkan Wars and World War I.

The period after 1960 was also significant. During this time, with the opening of the Socialist Federal Republic of Yugoslavia to the world and its integration into the international division of labor, coupled with the creation of an agrarian population in the cities and the liberalization of policies allowing workers to go abroad, there was a temporary wave of emigration from the former SR Macedonia to North America, consisting of both workers and intellectuals.

Emigration from Macedonia to the world is still ongoing today, although its intensity fluctuates depending on the economic and political situation in Macedonia, the Balkans, and the world.

Due to migration movements and an increasing birth rate, the number of Macedonian emigrants continues to grow year by year. However, there are no complete or precise data on the exact number of Macedonian emigrants in overseas countries, the European Union, or in neighboring countries. The resettlement of emigrants from camps in Greece, Italy, and Austria began in 1951, mainly in Australia, New Zealand, and South America (Brazil and Argentina). From 1957, resettlement also began in Belgium, in 1958 and 1961/62 in the Scandinavian countries, and later in the USA, Canada, and other countries.

Additionally, according to unofficial data, tens of thousands of Macedonians from the White Sea region,

ри. Оние, пак, емигранти во грчките логори кои изјавиле дека се Македонци биле изложени на посебен режим на измачување. Тие биле, главно, членови на Македонскиот национален комитет (МНК), подоцна преименуван во Ослободителен комитет на Македонија (ОКМ), на Движењето за ослободување и обединување на Македонија (ДООМ), на Народноослободителниот фронт на Македонија (НОФМ) и други организации. Особено Македонците во западно-европските земји, покрај тоа што се организирале во политички партии, обично се групирале и печателе информативни гласила, преку кои ја изразувале својата политичка и национална определба. Меѓутоа, најсилно влијание имала, има и ќе има Македонската православаавна црква-Охридскаа архиепископија

Исто така, значајно поглавје во историскиот развој на Македонците во иселеништвото е и прашањето со Македонците со муслиманска вероисповед. Нив ги има неколку стотици илјади во Истанбул, Измир, Бурса и во други градови во Турција, како и во европските и во прекуокеанските земји. Тие се дојдени претежно од Дебарско, Реканскиот крај, с. Горно Врановци, Велешко, Скопско, Тетовско, Гора (во Србија и Црна Гора, односно Косово) и од други места. Карактеристично за оваа македонска популација е тоа што ја примила муслиманската вера, а ги задржала: македонскиот јазик, културните вредности, обичаите и традициите донесени од Македонија.

Инаку, во минатото македонските печалбари, а потоа и иселениците биле претежно од селските средини, во потешка економска состојба, со понизок степен на образование и со ниски стручни квалификации, за разлика од денешните доселеници кои, претежно, се со високо образование и стручно оспособени. Оттука, главната цел на иселувањето била обезбедување на основната егзистенција и создавање материјални резерви за семејството.

Мал број иселеници го напуштиле родниот крај поради политички причини, како и од традицијата за одење во друга земја. Меѓутоа, кај последните неколку генерации, како и кај доселениците од поново време, особено од Република Македонија, се јавува иселување на лица со високо образовно, И со повисоко културно и социјално ниво, што условува нов структурален степен во македонското иселеништво. Така, меѓу нив има интелектуалци од различни сфери на различни области кои се афирмирани не само во македонски туку и во светски рамки.

Промените во економската, социјалната, образовната и квалификационата структура, паралелно со остварениот материјален потенцијал, условуваат и делумна трансформација на животните навики на македонските иселеници во светот. Притоа, голем број од нив, особено од егејскиот дел на Македонија се пробиле во повисокото општество во кое живеат.

Меѓутоа, во политичкиот живот во новите средини и општества, македонските доселеници осетно заостануваат зад другите етнички групи, а тоа е случај и со другите иселеници од балканските земји. Сепак, нивните постигнувања на економски, духовен, образовен, културен и спортски план, сè повеќе придонесуваат тие да не бидат третирани како граѓани од втор ред, туку како интегрален и важен фактор во новите средини во иселеништвото, особено во мултиетничките општества.

И покрај разликите што иселениците од македонско потекло во иселеништвото, ги поседуваат во социјалната структура, а кои се резултат на различните нивоа на образование и материјална состојба, за нив се карактеристични некои заеднички обележја во социјалниот живот. Така, голем број од доселениците од Македонија, на одредн начин, се асимилирани или се наоѓаат "зовриени' во котелот на асимилирањето.

Поголемиот дел од македонските доселеници, пак, само привидно ја прифаќа интеграцијата во тамошното општество, а му останува верен на традиционалниот начин на живеење. Тие и понатаму се тесно врзани со семејството, во суштина засновано и одржувано во традиционален и патријархален дух. Обезбедувањето и комплетирањето на семејството, претставува еден од приоритетните животни цели на македонските иселеници во новата средина.

Затоа и нивниот најголем дел од општествениот живот се одвива, главно, во рамките на македонските етнички заедници и во Македонските православни цркви и манастири. Во исто време, дел од нив пружаат извесен отпор на настојувањата на новата средина и тешко се вклопуваат во новиот начин на живеење, плашејќи се дека ќе го загубат личниот и националниот идентитет. Затоа, поголемиот број македонски доселеници ја продолжуваат поврзаноста и се групираат во македонските етнички заедници лоцирани, главно, во поголемите индустриски центри, каде и го започнале првиот организиран живот во иселеништвото.

as well as from Pirin Macedonia, Albania, and Gora in Serbia, are included in these migration movements.

Since arriving in their new environments in the post-war period, Macedonians have made efforts to organize themselves. Initially, the driving force behind these efforts were individual emigrants, many of whom were declared anti-communists in the reception camps. Those emigrants in the Greek camps who identified as Macedonians were subjected to a special regime of torture. They were primarily members of the Macedonian National Committee (MNK), later renamed the Liberation Committee of Macedonia (OKM), the Movement for the Liberation and Unification of Macedonia (DOOM), the People's Liberation Front of Macedonia (NOFM), and other organizations.

Macedonians in Western European countries, in particular, not only organized into political parties but also formed groups that published informative media to express their political and national determination. However, the Macedonian Orthodox Church – the Ohrid Archbishopric – has had the strongest influence, which continues to this day.

Another important chapter in the history of the Macedonian diaspora is the issue of Macedonians who follow the Muslim faith. There are several hundred thousand such individuals in cities like Istanbul, Izmir, and Bursa, as well as in European and overseas countries. They primarily come from the Debar region, the Reka region, the village of Gorno Vranovci, the Veles region, the Skopje region, Tetovo region, and Gora (in Serbia, Montenegro, and Kosovo), among other places. A key characteristic of this Macedonian population is that, despite adopting Islam, they retained the Macedonian language, cultural values, customs, and traditions brought from Macedonia.

Historically, Macedonian migrant workers and emigrants were mostly from rural areas, often in difficult economic situations, with lower levels of education and professional qualifications. In contrast, today's immigrants are generally highly educated and professionally trained. As a result, the main goal of earlier emigration was to secure basic subsistence and create material reserves for the family.

Only a small number of emigrants left their homeland for political reasons, or due to the tradition of seeking opportunities in other countries. However, in recent generations, particularly among recent immigrants from the Republic of Macedonia, there has been a shift. These emigrants tend to be highly educated, with a higher cultural and social level, which has led to a new structural dynamic within the Macedonian diaspora. Among them are intellectuals from various fields who have gained recognition not only in Macedonia but also internationally.

Changes in the economic, social, educational, and professional structure, along with the material success many have achieved, have led to a transformation in the living habits of Macedonian emigrants worldwide. A significant number of them, especially those from the Aegean part of Macedonia, have successfully integrated into the higher echelons of society in their new countries of residence.

However, in the political life of their new environments and societies, Macedonian immigrants noticeably lag behind other ethnic groups, which is also the case with other immigrants from Balkan countries. Nevertheless, their achievements in the economic, spiritual, educational, cultural, and sports fields increasingly contribute to them being treated not as second-class citizens, but as an integral and important factor in their new environments, especially in multiethnic societies.

Despite the differences that immigrants of Macedonian descent possess in social structure—resulting from different levels of education and material conditions—there are certain common characteristics in their social life. Thus, many immigrants from Macedonia are, in a way, assimilated or are "stirred" in the melting pot of assimilation.

The majority of Macedonian immigrants, however, only seemingly accept integration into the host society, remaining loyal to their traditional way of life. They continue to maintain close ties with their families, essentially rooted in and sustained by traditional and patriarchal values. Securing and completing the family unit remains one of the top life goals for Macedonian immigrants in their new environment.

Therefore, most of their social life takes place mainly within Macedonian ethnic communities and the Macedonian Orthodox churches and monasteries. At the same time, some of them resist the efforts of the new environment to integrate them and struggle to adapt to the new way of life, fearing that they will lose their personal and national identity. As a result, most Macedonian immigrants continue their connections and group together in Macedonian ethnic communities, mainly located in larger industrial centers, where they first began their organized life in the diaspora.



USA &
CANADA
POLITICAL MAP

Brazil
Peru
Bolivia
Chile
Argentina
Pacific Ocean
Atlantic Ocean

Auckland

NORWAY
SWEDEN
FINLAND
UNITED KINGDOM
GERMANY
POLAND
BELARUS
UKRAINE
FRANCE
ROMANIA
ITALY
PORTUGAL
SPAIN
GREECE
TURKEY

ПЕЧАЛБАРСКАТА СУДБИНА ЗА ДЕДО МИ АЛЕКСО И БАБА МИ КАТА

Печалбарската сторија за мојот доблесен дедо, иселеникот Алексо (Алек) Ристов (Грежлов) од Љубојно, Преспа е само дел од големата македонска печалбарска сага. Таа е тесно поврзана со историскиот и општествениот развој на Македонија и македонскиот народ во целина. Во таквите услови, особено судбината на печалбарските краишта била сурова и оставила вековни последици и лузни врз животот на печалбарите.

Таквата судбина беше сурова и за дедо Алексо Грежлов, Алек Трајков, како што беше регистриран пред американските власти, а кој беше дедо по мајка ми Сандра. Тој беше честит и доблесен Македонец со педесет годишно државјанство од САД, но по род, од Љубојно, од питомиот крај до Преспанското Езерото. Дедо Алексо беше најмалиот меѓу браќата: Ефтим, Петре и Крстин, а беше роден во 1898 година во Љубојно, од татко Ристо и мајка Дафина Грежлови. Тој беше човекот кој го сакаше семејството, својот народ, својата татковина Македонија. Дедо Алексо беше многу праведен, искрен, честит и човекољубив, како и добар сопруг, родител и старател кој беше многу поврзан и почитуван од својата фамилија, од соседите од соселаните од печалбарите, од сите луѓе кои го познаваа.

Инаку, родното место на Алексо Р. Грежлов - Љубојно се наоѓа во пазувите на Баба Планина, недалеку од Преспанското Езеро, на македонска земја, а само неколку километри северно од границата. Тоа е типично македонско, преспанско, печалбарско место од кое, како и од голем број села под Пелистер и од кај Преспанското Езеро многумина заминале од своите родни дедовски огништа и се задомиле на сите континенти во светот.

Печалбарството за Љубојно, а и за цела Преспа е и среќа и судбина. Тоа е река што не сопира и процес кој продолжува со векови. А судбината била сурова и, меѓу другите, го однела на печалба и Алексо Грежлов, кој во тој период бил млад црномурест со дамки и благ израз на лицето и со среден раст. Како четврто машко дете во семејството на Ристо Грежлов, во споредба со другите браќа кои биле најсилни мажи во Љубојно, тој бил физички послаб, но многу вреден и послушен, бил скромен, трудољубив и писмен. Но, се чини, најважно од сè е тоа што тој бил честит граѓанин, пријатен соговорник, гостопримлив, со американски манири и навики, а сепак вљубеник во сè што е македонско.

Еден пролетен ден во 1924 година, како и на неговите браќа и многумина од тој печалбарски крај, му ја подготвиле торбата со понови алишта, му тутнале некоја пара во џебот, му го покажале пратот преку граница и го турнале во белиот свет да ја бара среќата, како што водата во реката го бара својот тек, го пратиле на печалба во далечната "ветена земја"- Америка.

На новиот континент, заедно со уште поголема група патувале со брод од Франција до Америка. Прво пристигнале во Њујорк на Елис островот, а оттаму заминале за Детроит, каде што веќе живееле и работеле голем број Преспанчани и други Македонци од етничка Македонија. Во тоа време, всушност Детроит била последната дестинација на најголемиот број печалбари од Македонија, кои живееле во групи според местото од каде пристигнале и работеле

THE EMIGRANT FATE OF MY GRANDFATHER ALEKSO AND GRANDMOTHER KATA

The tale of my noble grandfather, the emigrant Alekso (Alek) Ristov (Grezhlov) from Ljubojno, Prespa, is merely a chapter in the extensive Macedonian migration narrative. It is intimately linked to the historical and social evolution of Macedonia and its people collectively. Under these circumstances, the fate of the migrant regions was particularly harsh, leaving behind centuries-old effects and marks on the lives of migrant laborers.

My grandfather, Alekso Grezhlov, also known as Alek Trajkov as he was registered with American authorities, also experienced such a harsh fate, and he was also my mother Sandra's maternal grandfather. A man of great integrity and virtue, Alekso spent fifty years as a US citizen but was originally from Ljubojno, near the tame region of Lake Prespa in Macedonia. Born in 1898 in Ljubojno, to Risto and Dafina Grezhlov, he was the youngest of his brothers: Eftim, Petre, and Krstin. Alekso was deeply devoted to his family, people, and homeland Macedonia. He was fair, honest, honorable, philanthropic, and a loving husband, parent, and guardian, highly respected by his family, neighbors, fellow villagers, migrant workers and basically by all the people who had known him.

Ljubojno, the birthplace of Alekso R. Grezhlov, is nestled in the foothills of Baba Planina, not far from Lake Prespa in Macedonia, just a few kilometers north from the border. This village, typical of the Prespa region in Macedonia, was home to many migrant workers who left their ancestral homes to settle across the world, much like others from nearby villages under Pelister and around Lake Prespa.

The mining industry for Ljubojno, and for the whole of Prespa, is both luck and destiny. It is a river that does not stop and a process that continues for centuries. Fate was harsh, and among its trials, it led Alekso Grezhlov into the mining industry. At the time, he was a young man with black hair, freckles, gentle expression on his face, and of medium height. As the fourth son in Risto Grezhlov's family, compared to his other brothers, who were the strongest men in Ljubojno, Alekso was physically weaker. Despite this, he was hardworking, obedient, modest, and literate. Most importantly, Alekso was an honorable citizen, an engaging conversationalist, hospitable, and possessed American manners and habits, yet always held a deep love for everything Macedonian.

One spring day in 1924, like his brothers and many others from that migrant area, they prepared a bag of new clothes for him, stuffed some money into his pocket, showed him the way across the border and pushed him into the white world to seek his fortune, just as the water in the river seeks its course, they sent him to work in the distant "promised land" - America.

On the new continent, together with an even larger group, they travelled by ship from France to America. First, they arrived in New York at Ellis Island, and from there they left for Detroit, where a large number of Prespans and other Macedonians from ethnic Macedonia already lived and worked. During that period, Detroit became the primary destination for the largest number of Macedonian migrant workers. They tended to live in communities based on their hometowns and mostly worked on the railway, specifically on the tunnel connect-

претежно на железницата, на тунелот меѓу Детроит, САД и Виндзор, Канада, или по фабриките, особено за автомобилска индустрија.

На печалба во Америка на дедо Алексо не му било лесно. Тој бил одделен од семејството, далеку од родната земја, во нова средина и со непознавање на англискиот јазик, затоа животот му бил со многу предизвици. Меѓутоа, со трудољубивост, тешката физичка работа и домаќинско штедење некако се снаоѓал и, како и голем број печалбари, одел и се враќал во родното место со многу заштедени пари. Работел со една поголема група од Преспа, во „Форд", фабрика за автомобили, добро заработувал, но најважно било што бил домаќин и ги чувал заработените пари.

Првото враќање на дедо Алексо во родниот крај донело неизмерна радост во семејството, па и во селото. Сите се радувале. За многумина радоста преминала во плач, искажувајќи ја тагата што со години се собирала. Дошол ред и неговата сопруга, Ката, срамежливо да го гушне својот домаќин, како бродоломничко парче штица која нуди надеж за постоење. По кратка пауза, некој почнал да пее. Преку песната се изразувало задоволството и радоста што тој пак е меѓу своите, што од печалба дошол жив и здрав, донел добри вести за семејствата и на другите печалбари од селото.

Инаку, дедо Алексо се оженил за Ката Грпчева, една од најубавите и стројни чупи од езерското село Наколец во 1919 година. По две години заедничко семејно живеење на брачната двојка Алексо и Ката им се родила ќерката Сандра (1921 – 1998), мојата мајка, која како прво дете претставувала неизмерна радост на родителите и пошироко. Потоа им се родиле уште пет деца, четири девојки и едно момче.

Разделбата, како и секоја разделба, била тажна и тегобна за сите присутни. Сите плачеле, како и оној ден кога дедо Алексо се вратил од печалба, но, овој пат, во плачот немало радост, туку само тага. Тој повторно заминал на печалба. Не бил ниту прв, ниту последен печалбар од крајот крај Езерото кој безброј пати длабоко ги чувствувал средбите и разделбите. Тоа повторно одење на печалба за него било едно од десетте заминувања и враќања во родниот крај. Сите негови заминувања беа исполнети со горчина, но во исто време и со радост и среќа. Тука се измешала носталгијата, среќата, парите и тагата за да може судбината да си поигра со него и со голем број Македонски.

Секое враќање во татковината за него претставуваше ново доживување и среќа, особено враќањата по Втората светска војна кога неговото семејство беше многу поголемо и имаше среќен и среден живот. Меѓутоа, последното враќање за дедо Алексо во 1959 година беше исполнето со особена радост и задоволство, кое значеше и збогување со неговата втора татковина - Америка и печалбарството. Како американски пензионер, со висока заработена пензија пет години го уживаше убавиот живот со семејството во својата родна земја. Почина во својата татковина Македонија во 1964 година, за што имаше оставено аманет да биде погребан во родното место, во Љубојно.

Дедо Алексо го помина својот најубав дел од животот во Детроит, во Хемтремик. Тоа беше еден долг период, за кој со задоволство се сеќаваше и за кој честопати раскажуваше за згодите и незгодите. Тоа беше период кога спечали доволно пари, направи убави куќи и купи доста земја во селото, го зголеми семејството, се порадува неколку години како американски пензионер и на крајот виде дека животот му помина во заминувања, враќања, средби и разделби – во печалбарството. Дедо Алексо почина во својата куќа во Љубојно во 1964 година, каде и е погребан.

И неговата сопруга Ката која беше родена во 1900 година во Наколец на брегот на Преспанското Езеро, отиде во Америка во 1963 година, да ги види патиштата и да ја почувствува и среќата и тагата на својот сопруг и да го види својот брат Иван, кој ги остави коските во Америка. Баба Ката, која авторот на овој текст ја викаше мајко и по која го доби прекарот Катин, беше со убави црти на лицето, висока, претставителна, природно надарена и благородна. Животот ја натера да ги врши и машките и женските работи во семеј-

ing Detroit, USA, and Windsor, Canada, or in factories, particularly within the automotive industry.

Working in America for grandfather Alekso was not easy. He was separated from his family, far from his homeland, in a new environment and with no knowledge of the English language, so his life was full of challenges. However, through diligence, hard physical work, and household savings, he somehow managed and, like many migrant workers, went back and forth to his hometown with a lot of saved money. He worked with a large group from Prespa, at the Ford car factory, earning well, but most importantly, he was penny wise and saved the money he earned.

Grandpa Alekso's first return to his hometown filled the family, and even the village, with great joy. Everyone celebrated and rejoyced. For many, this happiness turned to tears, reflecting the years of building longing and sadness. His wife, Kata, shyly embraced him, like a piece of driftwood offering hope to a shipwrecked soul. After a brief silence, someone began to sing. The song expressed the joy and relief that he was among his people again, that he had returned safely from work, alive and well, bringing good news for the families and other migrant workers in the village.

By the way, grandfather Alekso married Kata Grpcheva, one of the most beautiful and graceful maids from the lakeside village of Nakolets in 1919. After two years of living together as a family, the couple Alekso and Kata had a daughter, Sandra (1921 – 1998), my mother, who as their first child was an immense joy to their parents and beyond. Later, five more children were born to them, four girls and one boy.

The separation, like every separation, was sad and painful for everyone present. Everyone cried, just like the day when grandfather Alekso returned from working abroad, but this time, there was no joy in the crying, only sadness. He left for work again. He was neither the first nor the last migrant worker from the area near the lake who deeply felt the meetings and partings countless times. That return to work was for him one of ten departures and returns to his native land. All his departures were filled with bitterness, but at the same time with joy and happiness. Here nostalgia, happiness, money and sadness mixed so that fate could play with him and with a large number of Macedonians.

Each return to his homeland represented a new experience and happiness for him, especially the returns after World War II when his family was much larger and had a happy and middle-class life. However, the last return for Grandpa Alekso in 1959 was filled with particular joy and satisfaction, which also meant saying goodbye to his second homeland - America and his migrant work. As an American pensioner, with a high-earned pension, he enjoyed the beautiful life with his family in his native country for five years. He passed away in his homeland of Macedonia in 1964, leaving a will requesting to be buried in his birthplace, Ljubojno.

Grandpa Alekso spent much of his life in Detroit, specifically in Hamtramck. It was a long time he fondly remembered and often shared stories about, reflecting on the highs and lows. During that period, they earned well, built beautiful homes, bought plenty of land in the village, expanded their family, and enjoyed a few years as American retirees. In the end, however, he realized that his life had been marked by departures, returns, reunions, and farewells—typical of the migrant work life. Grandpa Alekso passed away in his home in Ljubojno in 1964, where he is buried.

His wife Kata, who was born in 1900 in Nakolets on the shores of Lake Prespa, also went to America in 1963, to witness the roads and experience both the joy and sorrow of her husband, and to see her brother Ivan, who left his remains in America. Grandma Kata, whom the author of this text called mother and after whom he received the nickname Katin, had beautiful facial features, was tall, presentable, naturally gifted and noble. Life forced her to do both male and female chores in the family, to take care of us in good and bad times, to raise our children and show us the right path in life. She died during the journey from America to Macedonia, in Bitola in 1963, and was then transferred to Ljubojno, where her eternal home is located.

Therefore, even now the graves of grandfather Alekso and mother (grandmother) Kata Grezhlovi remain in Ljubojno. The graves have remained si-

ството, да се грижи и во добро и во зло, да не воспита сите нас и да ни го покаже правиот пат во животот. Таа почина за време патувањето од Америка за Македонија, во Битола во 1963 година, за потоа да биде пренесена во Љубојно, каде и се наоѓа нејзиниот вечен дом.

Затоа, и сега гробовите на дедо Алексо и мајка (баба) Ката Грежлови останаа во Љубојно. Гробовите останаа неми сведоци на минатото, а за иднината надгробните стихови вечно ќе потсетуваат на животот и судбината на нивниот печалбарски живот. Така, таму на гробната плоча на дедо Алексо пишува:

"Америка беше твојот завет, животот тој суров меч тебе таму те прати, но родината пак те врати за на век"

а до него на плочата на мајка Ката пишува:

"Мајко, пламенот од шесте искри што го вивна ти, го остави да гори, да тлее и вечно на тебе да мисли".

Тоа се стихови на вујко ми Васил.

Дедо ми Алексо и баба ми (мојата мајка) Ката / My grandfather Alekso and my grandmother (my mother) Kata

Мојата мама (мајка) Сандра / My mom (my mother) Sandra

lent witnesses to the past, and for the future the epitaphs will forever remind us of the life and fate of their migrant life. Thus, on the gravestone of grandfather Alekso it is written:

"America was your covenant, life that cruel sword sent you there, but the homeland brought you back for eternity",

and next to it on the gravestone of mother Kata it is written:

"Mother, the flame of the six sparks that you lit, may it continue to burn, smolder and remember you forever".

These are verses by uncle Vasil.

Ја со вујко ми Васи и тетките Велика, Спаса, Доста и Менка / Me with my uncle Vasi and aunts Velika, Spasa, Dosta and Menka

ПЕЧАЛБАРСКИОТ КОПНЕЖ НА МАЈКА МИ САНДРА

Често се вели дека печалбарството за Љубојно, а и за цела Преспа е и среќа и судбина. Тоа е река што не сопира и процес кој продолжува со векови. А судбината била сурова и, меѓу другите ги однела на печалба мојата мајка Сандра (Грежловска) и очувот Јосив Ничевски, кои најпрвин заминале во Вулунгонг, Австралија, а потоа во Торонто. Тие живееја педесетина години во Канада, каде имаа времен дом, но како вечен сон Македонија ги врати за на век.

Моите родители Сандра Грежловска - Ничевски и очувот ЈосиФ потекнува од убавото и печалбарско преспанско село Љубојно. Мајка ми Сандра ја задоил печалбарскиот леб, бидејќи нејзиниот татко, дедо Алексо (Алек), заедно со една поголема група Македонци од Долна Преспа, биле меѓу првите печалбари во Соединетите Американски Држави, традиција што се пренесува од колено на колено, така што и мајка ми Сандра со својот сопруг Јосиф заминала на печалба најпрвин пет години да живее и во Вулунгонг, Австралија.

Од таму понела многу добри спомени, оти, како што велеше, таму им било како во Преспа: долу море и плажа, како крај Перспанското Езеро, горе планина и високи дрвја, зеленило и убавина, како на Пелистер. Од 1969 година се загнездиле во Торното, заминале во втората печалбарска земја, но Македонија не ја заборавија.

Инаку, мајками Сандра, беше благородна, разговорлива, бистра, со големи мајчински чувства и со љубов кон својот род. Меѓутоа, патот ја однесе заедно со брачниот другар во Вулунгонг, Нов Јужен Велс, во 1964 година. Од таму понеле многу добри спомени, оти, како што зборуваа, таму им било како во Преспа: долу морето и плажата, како крај Преспанското Езеро, горе планина и високи дрвја, зеленило и убавина, како на Пелистер. По пет години престој во Австралија, мајка ми Сандра и очувот Јосиф се преселија во Торонто, Канада, каде останаа до крајот на својот живот. Како канадски пензионери доаѓаа скоро на две година во родната земја Македонија. Затоа често мајка ми во шега ќе речеше дека биле растргнати и со мислите и со телото меѓу двете нивни татковини, Македонија и Канада.

Идејата на мајка ми беше слична како на одреден број иселеници за враќање во родната земја Македонија. А тоа беше со кристално чиста цел, да се дојде во Македонија, која ги привлекува со невидена сила, за да воздивнат во своите стари домови, да ги реновираат старите или да градат нови куќи, да ги обноват спомените од младоста, но и таму да ја завршат староста и да остават вечни траги за идните генерации. Таква беше и судбината на дедо Алексо и неговите три браќа кои оделе на печалба и се враќале во родната земја.

Моите родители Сандра и Јосиф со години доаѓаа во Љубојно. Тие беа доблесни Македонци кои беа познати и признати во новата средина, но тие постојано зборуваа дека се силно врзани со родната земја Македонија и со нивната втора татковина Канада. Се чувствуваа како да се растргнати меѓу овие две татковини, бидејќи речиси секоја година доаѓаа во Македонија и се враќаа во Канада, каде како пензионери ги поминуваа старечките денови.

Моите родители имаа активен живот во македонската колонија во метрополата Торонто.

MY MOTHER SANDRA'S MIGRATION YEARNING

It is often said that migrant labor for Ljubojno, and all of Prespa, is both a blessing and a fate. It is like an endless river, a process that has been ongoing for centuries. Fate was harsh, and it led my mother Sandra (Grezhlovska) and my stepfather Josif Nichevski to become migrant workers. They first went to Wollongong, Australia, and later to Toronto. They spent fifty years in Canada, where they had a temporary home, but like an unfulfilled dream, Macedonia eventually called them back to stay for good.

My parents, Sandra Grezhlovska-Nichevski and my stepfather Josif, are from the beautiful, migrant worker village of Ljubojno in Prespa. My mother, Sandra, was raised on the bread of migrant labor, as her father, Grandpa Alekso (Alek), along with a group of Macedonians from Lower Prespa, were among the first to work as migrants in the United States. This tradition has been passed down through generations, which is why my mother Sandra and her husband Josif spent the first five years of their lives as migrant workers in Wollongong, Australia.

She carried many cherished memories from there, as she often said it reminded her of Prespa: the sea and the beach below, much like the shores of Lake Prespa, and the mountains, tall trees, greenery, and beauty, reminiscent of Pelister. In 1969, they settled in Toronto, their second destination as migrant workers, but they never forgot Macedonia.

My mother Sandra was noble, talkative, bright, with great maternal feelings and love for her family. However, the road took her together with her husband to Wollongong, New South Wales, in 1964. They brought back many good memories from there, because, as they said: it reminded them of Prespa: the sea and the beach below, much like the shores of Lake Prespa, and the mountains, tall trees, greenery, and beauty, reminiscent of Pelister. After five years in Australia, my mother Sandra and stepfather Josif moved to Toronto, Canada, where they remained for the rest of their lives. As retirees in Canada, they visited their homeland of Macedonia nearly every two years. Because of this, my mother would often joke that they were torn between their two homelands, both in heart and spirit—Macedonia and Canada.

My mother's idea was similar to that of a certain number of emigrants to return to their native country of Macedonia. Their goal was clear: to return to Macedonia, drawn by an irresistible force, to revisit and breathe in their old homes, restore the old ones or build new houses, relive the memories of their youth, and spend their final years there, leaving a lasting legacy for future generations. This was the fate of Grandpa Alekso and his three brothers, who went abroad to work and eventually returned to their homeland.

My parents Sandra and Josif had been coming to Ljubojno for years. They were noble Macedonians who were known and recognized in their new environment, but they constantly said that they were strongly tied to their native country Macedonia and to their second homeland Canada. They felt as if they were torn between these two homelands, because almost every year they came to Macedonia and returned to Canada, where they spent their old age as pensioners.

My parents had an active life in the Macedonian community in the metropolis of Toronto.

Така, покрај другото, тие беа членови на МПЦ „Свети Климент Охридски“ од Торонто и на „Свети Илија“ од Мисисага, на Црковниот хор, на „Обединети Македонци“, како и на Здружението на борците на НОВ во Македонија кои живеат во Канада, а кое својата активност ја развива во рамките на Канадската кралска лига на ветераните. И како членови на овие асоцијации, тие неколкупати биле во состав на Илинденските и други делегации на прославите на големите јубилеи на македонскиот народ.

Тие живееја во потесното централно подрачје на Торонто, познати беа меѓу Македонците, пред сè, поради нивната трудољубивост, честитост, искреност и љубов кон сè што е македонско. Исто така, тие пројавиле значајна активност во животот и работата во новата средина.

Мајка ми Сандра (1920-1998), беше благородна старица со бела коса, разговорлива, бистра и со големи мајчински чувства и со љубов кон својот род. Таа особено беше активна во Женската секција, во почетокот во рамките на црквата „Свети Климент Охридски“, а потоа и во Женската секција на „Свети Илија“. А заедничка карактеристика за овие иселеници беше тоа што тие беа вљубеници во македонските обичаи и традиции донесени од Македонија во новата средина. Тие беа побожни и имаа силни чувства и почит кон верските обичаи, црковното живеење и воопшто кон македонската христијанска вера. Во целото нивно живееење во новата средина секогаш беа подготвени и меѓу првите помагаа во црковните и националните активности. Дури очувот Јосиф два мандатни рокови бил член на управата на „Свети Климент Охридски“, а ја платил таканаречената „Златна лопата“ од поставувањето на камен-темелникот на црквата „Свети Илија“ во Мисисага.

Баба Цана, како многумина ја викаа мајка ми Сандра, знаеше да каже дека тие се на половина пат, ни во Канада, ни во Македонија. Кога биле во Канада, мислите им биле за семејството во Македонија, а кога биле во Македонија, мислите им се враќале назад. Таа велеше дека со телото се во демократска Канада, а со мислите кај своите во Љубојно, Скопје, Охрид, Битола...

Меѓутоа, секоја средба со Татковината, нивните најбилиски, пријателите, со родното место како да им даваше нови сили за живот, а нив тоа навистина им беше потребно во туѓина. Многу им беше мило и особено беа горди што им се исполни вековната желба да имаат своја самостојна македонска држава. Затоа, можеби тоа беше причината за нивниот печалбарски копнеж да живеат во Канада и како нивните родители да остават вечен дом за поколенијата во родното Љубојно, во Македонија.

Затоа велам дека слична судбина како на родителите имаше и нивната ќерка Сандра, мојата мајка која се прости за секогаш со Канада и дојде во Македонија да почине во родниот крај. Тоа и' се случи. Таа почина во својот дом и со големи почести и почит од многу роднини и пријатели, со девет свештеници и владика беше погребена во близина на гробот на мајка ми Сандра и очувот Јосиф, на гробиштата во Љубојно, на заедничката надгробна плоча го напишав следното *“Австралија и Канада ви беа времен дом, а Македонија вечен сон“*

Инаку, Мајка ми Сандра секогаш бише во фокусот на вниманието, зашто нејзините совети и мислења за разни ситуации и проблеми, беа издржани кажувања кои имаа вредност. Иако не напушти и почива во своето родно Љубојно, вечно ќе остане во нашите сеќавања како мајка, баба, тетка и стрина, со големо срце во кое, освен за синот, снаата и внуците - Александар и Дафинка, за сите имаше место. Таква ја знаат и таква ќе остане и за сите во Македонија и за Македонците во Канада: честита, трудољубива, со неисцрпна љубов кон семејството, Татковината и се' шго е македонско. Посебно за сите членови на МПЦ „Свети Климент Охридски “ и „Св. Илија”, на кои им ја посвети својата скромна, но неисцрпна енергија, како член на Женските секции и на друштвата „Љубојно”, „Преспа” и „Охрид”, во Торонто.

Thus, among other things, they were members of the MOC "St. Kliment Ohridski" from Toronto and "St. Ilija" from Mississauga, the Church Choir, the "United Macedonians", as well as the Association of NOV Fighters in Macedonia Living in Canada, which develops its activity within the framework of the Royal Canadian Veterans League. And as members of these associations, they were several times part of the Ilinden and other delegations at the celebrations of the great anniversaries of the Macedonian people.

They lived in the heart of downtown Toronto, where they were well-known among the Macedonian community for their hard work, honesty, sincerity, and deep love for all things Macedonian. They also made notable contributions through their active involvement in life and work in their new environment.

My mother Sandra (1920-1998) was a kind-hearted, elderly woman with white hair, known for her talkative nature, bright personality, and deep maternal love for her family. She was especially active in the Women's Section, at first within the church "St. Kliment Ohridski", and then in the Women's Section of "St. Ilija". A common feature for these emigrants was that they were lovers of the Macedonian customs and traditions brought from Macedonia to the new environment. They were pious and had strong feelings and respect for religious customs, church life and the Macedonian Christian faith in general. Throughout their life in the new environment, they were always prepared and among the first to help in church and national activities. Even my stepfather Josif was a member of the board of "St. Kliment Ohridski" for two terms, and he paid for the so-called "Golden Shovel" from the laying of the cornerstone of the "St. Ilija" church in Mississauga.

Grandma Cana, as many called my mother Sandra,often expressed that they were caught in between two worlds—neither fully in Canada nor in Macedonia. When they were in Canada, their hearts and minds were with family back in Macedonia. And when they were in Macedonia, their thoughts always drifted back to Canada. She used to say that their bodies were physically in the free, democratic land of Canada, but their minds remained in places like Ljubojno, Skopje, Ohrid, and Bitola, with their loved ones.

Every time they reunited with their homeland, their closest friends, and their birthplace, it seemed to renew their strength for life, something they deeply needed while living in a foreign land. They felt immense joy and pride knowing that their long-held dream of an independent Macedonian state had come true. Perhaps that sense of fulfillment was why they still yearned to live in Canada, while also, like their parents before them, dreaming of leaving a lasting home for future generations in their beloved Ljubojno, Macedonia.

This is why I say that my mother, Sandra, experienced a fate similar to that of her parents. She said goodbye to Canada for good and returned to Macedonia, where she passed away in her homeland. That's exactly what happened—she died in her home, surrounded by immense respect and honor from family and friends. Nine priests and a bishop attended her funeral, and she was laid to rest next to the graves of my mother Sandra and my stepfather Josif in the Ljubojno cemetery. On their shared tombstone, I wrote, 'Australia and Canada were your temporary homes, but Macedonia was your eternal dream.'

My mother, Sandra, was always the center of attention because her advice and opinions on various matters were wise and valuable. Although she has passed away and rests in her beloved Ljubojno, she will forever live on in our memories as a mother, grandmother, aunt, and great-aunt. She had a huge heart, one that held not only her son, daughter-in-law, and grandchildren—Aleksandar and Dafinka—but also welcomed everyone. She will always be remembered in Macedonia and by Macedonians in Canada as a person of honesty, hard work, and an endless love for her family, her homeland, and everything Macedonian. Especially for all members of the MOC "St. Kliment Ohridski" and "St. Ilija", to whom she dedicated her modest but inexhaustible energy, as a member of the women's sections and the societies "Ljubojno", "Prespa" and "Ohrid", in Toronto.

НАДА НИКОЛОВСКА – ЧУВАР НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

Нада Николовска, родена Иванова е позната во образовниот систем на нашата земја како советник и инспектор по македонски јазик за основното образование. Близу триесет години работеше во Бирото за развој на образованието при Министерството за образование. Нада Николовска–Катин, како што е уште позната меѓу наставниците, е автор на дваесетина учебници и друга дидактичка литература по македонски јазик, кои значат голем придонес во наставниот процес во училиштата во Македонија. Нејзините дела, во исто време се и афирматори и бранители на македонскиот јазик и литературата во земјата и светот.

Нада Николовска е родена на 7 ноември 1949 година во Виница, град со околу единаесет илјади жители според пописот во 2002 година. Тој се наоѓа во источниот дел на Македонија и е центар на Општината Виница. Виница е распространета во подножјето на планината Плачковица, помеѓу планините Голак и Обозна, во југоисточниот дел на Кочанско-виничката Котлина, на северниот брег на реката Брегалница.

Градот Виница е познат по историската римска тврдина Виничка тврдина, која се наоѓа на ридот над градот. Во неа се пронајдени познатите ранохристијански теракотни икони. Виничко кале е утврдена населба од неолитот и доцната антика, со градби покрај градскиот бедем од IV и VI век, кои се целосно зачувани.

Во Виница има две основни училишта ОУ „Славчо Стојменски“ и ОУ „Гоце Делчев“, едно средно училиште СОУ „Ванчо Прке“ и градската библиотека „Ванчо Прке“ која е изградена во 1946 година. Во градот постои и активно работи и Домот на културата „Тошо Арсов“ кој е центар на сите културни случувања, киносала, детска градинка, здравствен дом, базен, метеоролошка станица, музеј „Теракота“ и центар за образование на деца и млади. Во градот има три православни цркви, градската црква посветена на „Свети Архангел Михаил“, црквата „Свети Јоаким“ во Јакимово и црквата во изградба „Свети апостол и евангелист Лука“. Заштитник на градот Виница е свети Павле, на кого има посветено параклис пред општинската зграда. Во Виница дејствуваат две музички групи, „Распеани Виничани“, „Јана“, и фолклорната група „Китка“.

Нада Иванова го завршила основното и гимназиското образование во Виница, со одличен успех, а продолжила да се школува на Филозовскиот факултет, група книжевност на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје. До тогаш беше виничанка, а во 1972 година се мажи за Славе Катин, кога и постанува голем поддржувач и вљубеник на Преспа, каде во куќата во Љубојно има македонска соба со народни носии и други преспански и македонски старини.

По завршувањето на факултетската наобразба во 1976 година се вработува како наставник по македонски јазик и литература во ОУ „Братство-единство“ во Охрид, каде останува три години. Потоа, три години беше наставник по македонски јазик и литература во ОУ „Коле Неделковски“ во Скопје. Од 1985 година до пензионирањето во 2011 година, била на повеќе функции во Министерството за образование на Република Македонија и тоа: пет години била педагошки советник за македонски јазик и литература во Заводот за унапредување на обра-

NADA NIKOLOVSKA – GUARDIAN OF THE MACEDONIAN LANGUAGE

Nada Nikolovska, née Ivanova, is highly regarded in Macedonia's educational system as an advisor and inspector of the Macedonian language for primary education. She spent nearly thirty years at the Bureau for the Development of Education within the Ministry of Education. Known to teachers as Nada Nikolovska-Katin, is the author of twenty textbooks and other didactic literature in the Macedonian language, which represent a great contribution to the teaching process in schools in Macedonia Her works advocate for and protect the Macedonian language and literature both in Macedonia and the world.

Nada Nikolovska was born on November 7, 1949, in Vinica, a small city with around eleven thousand residents, according to the 2002 census. Located in eastern Macedonia, Vinica is the administrative center of the Municipality of Vinica. The city lies at the base of Plachkovica Mountain, nestled between the Golak and Obozna mountains, in the southeastern part of the Kochani-Vinica Valley, on the northern bank of the Bregalnica River.

The city of Vinica is known for the historic Roman Vinica Fortress, located on the hill above the city. The famous early Christian terracotta icons were discovered there. Vinica Fortress is a fortified settlement from the Neolithic and Late Antiquity, with buildings along the city rampart from the 4th to the 6th centuries, which are fully preserved.

Vinica is home to two primary schools, OU "Slavcho Stojmenski" and OU "Goce Delchev," one secondary school, SOU "Vancho Prke," and the city library, "Vancho Prke," which was built in 1946. The city also has and actively operates the "Tosho Arsov" Culture House, which serves as the center for all cultural events, a cinema, a kindergarten, a health center, a swimming pool, a meteorological station, a "Terracotta" museum, and a center for the education of children and youth.

There are three Orthodox churches in the city: the city church dedicated to "Saint Archangel Michael," the church of "Saint Joachim" in Jakimovo, and the church currently under construction, "Saint Apostle and Evangelist Luke." The patron saint of the city of Vinica is Saint Paul, to whom a chapel is dedicated in front of the municipal building.

Two musical groups operate in Vinica: "Raspeani Vinicani" and "Jana," as well as the folklore group "Kitka."

Nada Ivanova completed her primary and secondary education in Vinica, with excellent results, and continued her education at the Faculty of Philosophy, Literature Group of the University "Saints Cyril and Methodius" in Skopje. Until then, she was a resident of Vinica, and in 1973 she married Slavè Katin, when she became a great supporter and lover of Prespa, where in the house in Ljubojno there is a Macedonian room with folk costumes and other Prespa and Macedonian antiquities.

After completing her university education in 1976, she was employed as a teacher of Macedonian language and literature at the "Bratstvo-edinstvo" elementary school in Ohrid, where she stayed for three years. Then, for three years, she was a teacher of Macedonian language and literature at the "Kole Nedelkovski" elementary school in Skopje. From 1985 until her retirement in 2011, she held several positions in the Ministry of Education

зованието и воспитанието на град Скопје; девет години била самостоен педагошки советник за македонски јазик и литература; две години била советник за македонски јазик и литература во Министерството за образование и наука во Бирото за развој на образованието; од 2005 година има статус државен службеник во Бирото за развој на образованието-Скопје.

Нада и Славе Катин имаат две деца: синот Александар, роден во Скопје во 1974 година, доктор по ветеринарна медицина – ДВМ и ќерката Дафинка, родена во Штип во 1975 година, професор по англиски, шпански и македонски јазик. Александар е оженет со Радмила Николовска, родена Чрчева, во Гостивар во 1974 година, доктор по ветеринарни науки. Тие имаат три ќерки, Сандра Николовска-Катин, родена во Скопје во 2003 година, која го носи името на покојната мајка на Славе Катин, втората ќерка Костадина (Дина) Николовска-Катин, е родена во Скопје во 2006 година, третата ќерка Надја, која го носи името на баба Нада е родена во 2016 година

Дафинка Катин-Скатоца, пак, е мажена за Џампаоло Скатоца, познат како Џипи (Giampaolo Scatozza – Jippi) роден во Рим, Италија. Тој завршил Музичка академија во Рим и сега е џез музичар, (тапани) и професор по музика, со кого има една ќерка Изабел (Isabel) Катин–Скатоца родена во Торонто во 2006 година и синот Масимо (Massimo) Катин-Скатоца, роден во Торонто во 2007 година.

На четирите внучиња, на нивниот шести роденден, дедото Славе Катин објавил пригодни монографии со цртежи што тие ги направиле во градинките и дома и фотографии од нивното претшколско детство.

Од нејзиното проучување и истражување треба да се спомне учеството на конгрес на тема: *„Литературно теоретските поими во наставата по македонски јазик“*, во Нови Сад и учеството на конгрес на тема: *„Народното творештво во наставата по македонски јазик“*, во Загреб.

Нејзини истражувачки проекти се: Методологија и организација на билингвалната настава за учениците од ромската популација, Скопје, Куманово, Охрид; Македонскиот јазик за учениците во основното образование со специјални потреби, Скопје, Битола; Активно учење/интерактивна настава, Скопје; Лектирата во основното училиште, Скопје и истражувачкиот проект: Проблемската настава во изучувањето на литературата.

Во нејзината триесетгодишна педагошка работа во соработка со коавтори и самостојно објавила поголем број учебници, книги, работни листови и други публикации, и автор е на следните учебници и книги за основно и средно образование: *Учебник по македонски јазик* за 5, 6 и 7одделение за учениците со настава на албански и турски јазик, *Учебник по македонски јазик* за 5 одделение, *Учебник по македонски јазик* за 7 одделение, *Учебник по македонски јазик* за учениците со настава на албански и турски јазик, *Учебник по македонски јазик* за учениците со албански и турски наставен јазик за 7 одделение, *Учебник по македонски јазик и литература за прва година гимназиско образование* за учениците со албански и турски наставен јазик, *Учебник по македонски јазик и литература за втора година* гимназиско образование.

Исто така, Нада е коавтор на делата *„Убавината на македонскиот јазик“*, *„Македонско литературно богатство“*, *„Виножито“*, (Виножито, превод на албански јазик), *„Волшебен екран“*, и *„Јазикот наш македонски“*, како и на делата *Граматика за 5, 6, 7 и 8 одделение*, кои се голем придонес и помагала за сите ученици од основното образование.

Нада има повеќе од 80 стручни и научни трудови: проучувања, истражувања, концепции, апликативни проекти, наставни програми, методолошки инструменти, анализи, упатства, информации, извештаи, рецензии, редакции и други публикации.

Нада Николовска два мандата била претседател и член на Извршниот одбор на Сојузот на друштвата за македонски јазик и литература на Република Македонија. Сојузот организациски и програмски ги обединува друштвата за македонски јазик и литература на основното и средното образование во Македонија и пошироко.

of the Republic of Macedonia, including: for five years she was a pedagogical advisor for Macedonian language and literature at the Institute for the Advancement of Education and Upbringing of the City of Skopje; for nine years she was an independent pedagogical advisor for Macedonian language and literature; for two years she was an advisor for Macedonian language and literature at the Ministry of Education and Science at the Bureau for the Development of Education; since 2005 she has had the status of a civil servant at the Bureau for the Development of Education-Skopje.

Nada and Slavè Katin have two children: son Aleksandar, born in Skopje in 1974, Doctor of Veterinary Medicine – DVM and daughter Dafinka, born in Shtip in 1975, professor of English, Spanish and Macedonian languages. Aleksandar is married to Radmila Nikolovska, born Chrcheva, in Gostivar in 1974, Doctor of Veterinary Sciences. They have three daughters, Sandra Nikolovska-Katin, born in Skopje in 2003, named after Slavè Katin's late mother, the second daughter Kostadina (Dina) Nikolovska-Katin, was born in Skopje in 2006, the third daughter Nadja, named after grandmother Nada, was born in 2016.

Dafinka Katin-Skatozza, on the other hand, is married to Giampaolo Scatozza, known as Jippi, born in Rome, Italy. He graduated from the Music Academy in Rome and is now a jazz musician (drums) and music professor, with whom she has a daughter, Isabel Katin-Skatozza, born in Toronto in 2006, and a son, Massimo Katin-Skatozza, born in Toronto in 2007.

For her four grandchildren, on their sixth birthday, grandfather Slavè Katin published appropriate monographs that included drawings they made in kindergartens and at home, as well as photographs from their preschool years.

Among her studies and research, it should be noted that she participated in a congress on the topic "Literary and Theoretical Concepts in the Teaching of the Macedonian Language" in Novi Sad, and in a congress on the topic "Folk Art in the Teaching of the Macedonian Language" in Zagreb.

Her research projects include: Methodology and Organization of Bilingual Teaching for Students from the Roma Population (Skopje, Kumanovo, Ohrid), Macedonian Language for Students in Primary Education with Special Needs (Skopje, Bitola), Active Learning/Interactive Teaching (Skopje), Reading in Primary School (Skopje), and the research project "Problem-Based Teaching in the Study of Literature."

In her thirty years of pedagogical work, Nada has published a large number of textbooks, books, worksheets, and other publications, both in collaboration with co-authors and independently. She is the author of the following textbooks and books for primary and secondary education: *Macedonian Language Textbook* for 5th, 6th, and 7th grades for students taught in Albanian and Turkish; *Macedonian Language Textbook* for 5th grade; *Macedonian Language Textbook* for 7th grade; *Macedonian Language Textbook* for students taught in Albanian and Turkish; *Macedonian Language Textbook* for students with Albanian and Turkish as the language of instruction for 7th grade; *Macedonian Language and Literature Textbook* for the first year of high school education for students with Albanian and Turkish as the language of instruction; and *Macedonian Language and Literature Textbook* for the second year of high school education.

Nada Nikolovska is also a co-author of the works *The Beauty of the Macedonian Language*, *Macedonian Literary Treasure*, *Rainbow* (translation into Albanian), *Magic Screen*, and *Our Macedonian Language*, as well as the series *Grammar for Grades 5, 6, 7, and 8*, which have been a great contribution and aid for all students in primary education.

Nada has more than 80 professional and scientific works, including studies, research, concepts, application projects, curricula, methodological tools, analyses, guidelines, information, report, reviews, editorials, and other publications.

She served as president and a member of the Executive Board of the Union of Macedonian Language and Literature Societies of the Republic of Macedonia for two terms. The Union unites the Macedonian language and literature societies of primary and secondary education in Macedonia and abroad, both organizationally and programmatically.

Членството, пак, на Сојузот го сочинуваат сите наставници и советници по македонски јазик и литература од основното и од средното образование од нашата држава и пошироко, професори и научни соработници од соодветните факултети и институти на универзитетот „Свети Кирил и Методиј" од Скопје, како и почесни членови, кои на различни основи се заслужни за афирмирањето и за поддржувањето на идеите и на дејноста на Сојузот на друштвата за македонски јазик и литература на нашата земја.

Сојузот на друштвата за македонски јазик и литература е издавач на списанието „Литературен збор", гласило на просветните и на научните работници од областа на јазикот и на литературата. Особено внимание заслужува фактот дека „Литературен збор" е едно од ретките списанија од овој вид, што постои во континуитет од 1954 година наваму. Повеќе од полувековната традиција, меѓу другото, зборува и за потребата од издавањето на ова списание.

За високиот углед и за важноста на Сојузот на друштвата за македонски јазик и литература и на списанието „Литературен збор" во Македонија и пошироко, за заслугите и за успесите постигнати во негувањето на македонскиот јазик и литература, како и за значајниот придонес во стручното издигнување на наставничкиот кадар, зборуваат добиените високи одликувања и награди.

Инаку, покрај подготвувањето и издавањето на списанието „Литературен збор" Сојузот организираше и изведуваше општински натпревари по македонски јазик за основното и средното образование, како и изведуваше државен рецитаторски натпревар за основното и за средното образование државен натпревар за литературни творби за средното образован

Членовите од Извршниот одбор на Сојузот на друштвото за македонски јазик и литература на Република Македонија, пак, активно се вклучуваше во „Месецот на сообраќајот". Тогаш сите ученици од основните и средните училишта земаа учество по објавениот конкурс посветен на безбедноста на сообраќајот со теми: Кој безбедно вози, правилно се движи, на себе мисли и за друг се грижи и Современиот сообраќај – придобивка, но и опасност.

Интересно е да се одбележи дека Нада Николовска како претседател на Сојузот на друштвата за македонски јазик и литература, успеа на напреварите да учествуваат ученици чии мајчин јазик им е македонскиот и ученици од другите заедници, на кои македонскиот јазик не им е мајчин јазик.

Исто така, на Државниот натпревар по македонски јазик и литература за основно образование што се одржа во мај 2009 година во ОУ „Крсте П. Мисирков" во Куманово, претседателката Нада Николовска успеа, по пат на спонзорирање да најде средства за сместување, учество на натпреварот и доделување награди, особено за учениците – Македонци од Словенија, Србија и Албанија, кои за првпат учествуваа на вакви натпревари и понесоа убави спомени од дедовската земја Македонија.

Со ваквото професионално искуство, Нада Николовска од 1981 година навлегува во сферата на истражувањата и проучувањата на актуелните образовни проблеми. На Конгресот во Нови Сад во 1988 година учествува со темата *„Литературно-теоретските поими во наставата по македонски јазик";* во 1 991 година во Загреб со реферат на тема. *„Народното творештво во наставата по македонски јазик";* во 1995 година во Скопје и во Битола со истражувачкиот проект *„Македонскиот јазик за учениците во основното образование со специјални потреби";* во 1999 година, во Скопје, Куманово и во Охрид, со проектот *„Методологија и организација на билингвалната настава за учениците од ромска појпу лација ";* во 1999 година во Скопје, со проектот за *„Активно учење и интерактивна настава";* во 2000 година во Скопје, со проектот за *„Лектирата во основото училиште "* и во 2001 година со истражувачкиот проект: *„Проблемската настава во изучувањето на литературата".*

Паралелно со истражувачката работа, Нада Николовска од 1994 година се јавува и како автор на учебници за основното и средното образование. Така, во таа година ја објавува книгата *„Убавината на македонскиот јазик",* во 1 995

The membership of the Association consists of all teachers and advisors in Macedonian language and literature from primary and secondary education in our country and abroad, professors and research associates from the relevant faculties and institutes of the University of "Saints Cyril and Methodius" in Skopje, as well as honorary members who, for various reasons, deserve recognition for their support of the ideas and activities of the Association of Societies for Macedonian Language and Literature in our country.

The Association of Societies for Macedonian Language and Literature is the publisher of the magazine *Literary Word*, which serves as a voice for educators and researchers in the field of language and literature. The fact that *Literary Word* has been continuously published since 1954 makes it one of the rare magazines of its kind and deserves special attention. Over half a century of tradition speaks to the ongoing need for this publication.

The high reputation and significance of the Association of Macedonian Language and Literature Societies, as well as the magazine *Literary Word*, both in Macedonia and abroad, is reflected in the merits and successes achieved in promoting Macedonian language and literature. The significant contribution to the professional development of teaching staff is further evidenced by the high honors and awards the Association has received.

In addition to preparing and publishing *Literary Word*, the Association organizes municipal competitions in Macedonian language for primary and secondary education, as well as a national recitation competition for primary and secondary education and a national competition for literary works in secondary education.

The members of the Executive Board of the Association of Macedonian Language and Literature Societies of the Republic of Macedonia, on the other hand, were actively involved in the "Month of Traffic." During this time, all students from primary and secondary schools participated in the announced competition dedicated to traffic safety, with the following topics: *Who drives safely, moves correctly, thinks of himself, and cares for others* and *Modern traffic – a benefit, but also a danger.*

It is worth noting that my wife Nada, as president of the Association of Macedonian Language and Literature Societies, succeeded in having both students whose native language is Macedonian and students from other communities, for whom Macedonian is not their native language, participate in the competitions.

Additionally, at the State Competition in Macedonian Language and Literature for Primary Education, held in May 2009 at the "Krste P. Misirkov" School in Kumanovo, President Nada Nikolovska was able, through sponsorship, to secure funds for accommodation, participation in the competition, and awarding prizes—especially for Macedonian students from Slovenia, Serbia, and Albania. These students, who participated in such competitions for the first time, left with beautiful memories of their ancestral land, Macedonia.

A notable attraction is the Prespa Museum, housed in the former Bey's palace (Sarajet), built during the Ottoman rule. The building draws attention due to its architectural design, as it is a faithful copy of the building of the Paris Commune and constructed from marble and carved stone. The same bey also ordered the creation of an urban plan for Resen, which is considered the first urban planning solution in this part of the Balkans.

делкан камен. Истиот бег наредил да се направи урбанистички план за Ресен, што се смета за прво урбанистичко решение на овој дел од Балканот.

Преспа често ја нарекуваат македонска „Калифорнија". Големата висорамнина е полна со плантажи од јаболка, особено од сортите делишес, јонатан, лепоцветка и редица други нови квалитетни сорти, кои во последнава година се извезуваат на светските пазари.

Патот од Охрид води преку Преспа и минува низ самиот град. Во неговиот центар патникот секојдневно го пречекуваат продавачите на грнчарија, со минијатурни верни копии на големите производи кои се продаваат како туристички сувенири.

Преспанскиот регион е вистинска база, резерват на илјадници видови птици, риби, животни и голем број растенија. Богатата флора и фауна го прават уште поприврлечен овој крај. Во Преспа живеат околу 380 видови птици, од кои дваесетина се вистинска реткост.

Посебно во Мала и Долна Преспа се забележуваат многу пеликани, корморани, орли и јастреби. Статистичките податоци покажуваат дека само во 1969 година биле забележани 100 двојки пеликани, од вкупно 400 колку што живеат во Европа. Преспа е единственото место во светот каде што живеат толку многу пеликани на еден простор.

Во Преспанското Езеро живеат и специфични видови риби: јагули, крапови, скобусти, пастрмки, плашици, мрени и други. Во густите шуми околу езерото има елени и срни, мечки и волци, зајаци и лисици и други животни. Деновите си личат еден на друг: се менуваат неосетно, така што тешко можат да се разликуваат годишните времиња.

Единствен знак за распознавање е доаѓањето и заминувањето на птиците, како и промените на боите на почвата и цветовите и плодовите на овошките. Спектарот на бои е раскошен во секој временски период, што е резултат на мошне благата клима, со минимална влажност. Тишината на самотијата ја нарушува единствено летот на птиците околу трските и над езерата. Затоа со право се вели дека Преспа е „рај на Земјата".

Меѓутоа, како и птиците така и за населението на Преспа миграционите движења и за етничка Македонија си го направија своето. Така, Преспа стана крај во кој почна рано да се оди на печалба. Денес Преспанции како печалбари можат да се најдат на работа и постојан престој во прекуокеанските земји Америка Канада и Австралија, во Европа (Европската Унија), како и во некои делови на Хрваска, Србија, Бугарија, Турција и други држави ширум светот.

Споменикот на слободара во Отешево / The monument to the freedom fighter in Oteševo

Prespa is often referred to as the Macedonian "California." The expansive plateau is covered with apple plantations, particularly varieties such as Delicious, Jonathan, Lepotsvetka, and many other new, high-quality types, which have been successfully exported to global markets in recent years.

The road from Ohrid passes through Prespa and the city itself. In its center, travelers are greeted daily by pottery sellers offering miniature, faithful copies of the large products, which are sold as tourist souvenirs.

The Prespa region is a true sanctuary, home to thousands of species of birds, fish, animals, and a wide variety of plants. The rich flora and fauna make this region even more captivating. Around 380 species of birds inhabit Prespa, with twenty of them being real rarities.

In particular, Mala and Dolna Prespa are known for the presence of many pelicans, cormorants, eagles, and hawks. Statistical data show that in 1969 alone, 100 pairs of pelicans were observed, out of a total of 400 living in Europe. Prespa is the only place in the world where so many pelicans can be found in one area.

Lake Prespa also hosts unique species of fish, including eels, carp, scoby, trout, bream, barbels, and others. The dense forests surrounding the lake are home to deer, roe deer, bears, wolves, hares, foxes, and many other animals. The days seem to blend into one another, changing imperceptibly, making it difficult to distinguish the seasons. The only markers of the passage of time are the arrival and departure of birds, as well as the changes in the colors of the soil, flowers, and fruit trees. The spectrum of colors is magnificent throughout the year, a result of the mild climate with minimal humidity. The silence of solitude is only interrupted by the flight of birds around the reeds and above the lakes. For this reason, it is often said that Prespa is a "paradise on Earth."

However, like the migratory birds, population movements have taken their toll on the people of Prespa and ethnic Macedonia. Prespa became a region where migration abroad began early. Today, many people from Prespa work and reside permanently in overseas countries such as America, Canada, and Australia, as well as in parts of Europe (the European Union), and in countries like Croatia, Serbia, Bulgaria, Turkey, and others around the world.

Манастироӣ Свеӣи Пеӣар и Павле / The Monastery of Saints Peter and Paul

Промоции на мои дела на Илинден кај Воденицаша / Promotions of my works on Ilinden at the Mill

ДЕЛ ПЕТ

ЉУБОЈНО – МОЈАТА ВТОРА ЉУБОВ

ОД ИСТОРИСКОТО МИНАТО НА ПЕЧАЛБАРСКОТО ЉУБОЈНО

СУДБИНАТА И ИДНИНАТА НА ЉУБОЈНО

ЉУБОЈНО – МЕСТО ВО ПРЕСПА СО ДЕВЕТ ЦРКВИ И ТРИ ПАРАКЛИСИ

СУДБИНАТА НА ПРВИТЕ УЧИЛИШТА НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ВО ПОДВИС И ЉУБОЈНО

ИСЕЛЕНИЦИ ОД ЉУБОЈНО ШИРУМ СВЕТОТ

Зоро златно и румено!
Зоро слатка посестримо!
Ти изгреваш на далеку.
Дали еднаш ќе изгрееш.
Над мојата Татковина?

Кочо Рацин

PART FIVE

LJUBOJNO MY SECOND LOVE

FROM THE HISTORICAL PAST OF EXPATRIATE LJUBOJNO

THE PAST AND FUTURE OF LJUBOJNO

LJUBOJNO – A PLACE IN PRESPA WITH NINE CHURCHES AND THREE CHAPELS

THE FATE OF THE FIRST MACEDONIAN LANGUAGE SCHOOLS IN PODVIS AND LJUBOJNO

EXPATRIATES FROM LJUBOJNO THROUGHOUT THE WORLD

Red and golden dawn!
Sweet sister of mine Dawn!
The Sun rises from afar - Will you ever rise
So powerful, so powerful and lovable
Over the valleys and forests Over the fields and rivers
Over my Motherland?

Koco Racin

Првото македонско училиште во Пресπа „Димитар Влахов во Љубојно / The first Macedonian school in Prespa "Dimitar Vlahov in Ljubojno"


The Village of
LJUBOJNO
4K
ULTRAHD

ОД ИСТОРИСКОТО МИНАТО НА ПЕЧАЛБАРСКОТО ЉУБОЈНО

Љубојно е едно од најкарактеристичните места во Преспа и пошироко. Долго време претставуваше општински, образовен, културен и здравствен центар за Долна Преспа и пошироко. Тоа е едно од најубавите села кое пленува со своите архитектонски градби, со стилот на старите куќи, сокаците и дворовите, како и со иновациите во начинот на живеење што бројните печалбари ги пренеле од светот во својот роден крај.

Тоа, како и многу македонски села, е село од збиен тип; со тесни калдрмисани улици, стари македонски куќи изѕидани со камен и на кои се впечатливи простран балкони, како и со дворови заградени со авлии што се резултат на пограничната местоположба.

Селото Љубојно за првпат се споменува во еден запис на Сливничкиот манастир во 1607 година како поголема македонска населба. Затоа со право се вели дека ова е село со долга и бурна историја. Сведоци на таа македонска историја се низа оставнини како што се нивните стари куќи, бројните македонски православни цркви и манастири и други објекти кои ја чуваат вистината и тајната за Љубојно, за љубанци, за Долна Преспа, за Македонија и за целиот македонски народ.

Во Македонија, покрај другите поголеми села, секако е и Љубојно. Тоа е дел од вистината за Македонија, за печалбарството, за минатото, за сегашноста и за иднината. Љубојно се наоѓа во Долна Преспа, во пазувите на Баба Планина недалеку од Преспанското Езеро, на македонска земја, а само неколку километри северно од границата на истата земја меѓу Република Македонија и јужниот сосед, на местото викано „Маркова Нога“. Љубојно има рамничарско-ридска положба, се наоѓа на надморска височина од околу 920 метри и зафаќа простор од околу 13 километри квадратни. Љубојно е оддалечено околу 28 километри од општинскиот центар Ресен, а по шеесетина километри од Битола и од Охрид.

Според народните преданија, Љубојно своето име го добило од најубавиот збор љубов. Поточно, многу одамна се вљубиле момче и девојка, кои живееле во две соседни населби. Поради лошите меѓусоседски односи на жителите од населбите, младите не смееле да се земат. Меѓутоа, тие сепак одлучиле да се земат и заедно да побегнат. Се доселиле во близината на реката и тука останале среќно да си живеат. Подоцна, кај тоа место на вљубените, се доселиле други семејства и, поради тоа, населбата ја нарекле Љубојно.

Според друга легенда, во далечните години на XIV век, во Љубојно имало некоја меанџика по име Љуба. Кога оделе муштериите во меаната, таа им точела добро вино. Од толку што било добро виното, муштериите го нарекле „Љубо – вино“. И по тие зборови населбата ја нарекле Љубојно.

Веројатно, легендите се само прераскажување на постарите од овој крај. Но, вистина е дека Љубојно, односно жителите од овој преспански крај поседуваат љубов; љубов кон родниот крај, кон татковината, кон природата и кон убавото. Според кажувањата на постарите, таму секогаш живееле вредни и честити Македонци кои фанатизирано ја бранеле и ја чувале верата и нацијата, обичаите и традициите.

За време на Илинденското востание, селото било запалено и до темел изгорено. Сведоци на таа македонска трагедија се старите куќи, изградени на постојните темели што љубоморно ја чуваат вистината за трагедијата на Љубојно, на љубојничани и на целиот македонски народ.

FROM THE HISTORICAL PAST OF EXPATRIATE LJUBOJNO

Ljubojno is one of the most distinctive places in Prespa and beyond. For a long time, it has served as a municipal, educational, cultural, and health center for Lower Prespa and the surrounding areas. It is one of the most beautiful villages, captivating visitors with its architectural buildings, the style of its old houses, alleys, and courtyards, as well as the innovations in daily life brought by numerous migrant workers who returned to their homeland after working abroad.

Like many Macedonian villages, Ljubojno is compact, with narrow cobblestone streets, old Macedonian houses built from stone, impressive spacious balconies, and courtyards enclosed by walls, all a result of its border location. The village of Ljubojno is first mentioned in a record from the Slivnica Monastery in 1607, described as a larger Macedonian settlement. It is, therefore, rightly said that this is a village with a long and turbulent history. Evidence of this Macedonian history can be seen in the many relics scattered throughout the village, such as its old houses, numerous Macedonian Orthodox churches and monasteries, and other artifacts that preserve the story and secrets of Ljubojno, the Ljubojno people, Dolna Prespa, Macedonia, and the entire Macedonian nation. In Macedonia, along with other larger villages, Ljubojno is an integral part of the truth about the country, its migrant workers, its past, present, and future.

Ljubojno is located in Dolna Prespa, nestled in the bosom of Baba Planina, not far from Lake Prespa, on Macedonian land, and just a few kilometers north of the border between the Republic of Macedonia and its southern neighbor, at a place called "Markova Noga." Ljubojno sits at an altitude of about 920 meters, covers an area of approximately 13 square kilometers, and is about 28 kilometers from the municipal center of Resen, and around sixty kilometers from Bitola and Ohrid.

According to folk tales, Ljubojno got its name from the most beautiful word: love. More precisely, a long time ago, a boy and a girl from two neighboring settlements fell in love. Due to the poor relations between the residents of the settlements, the young couple was not allowed to marry. Nevertheless, they decided to wed and run away together. They settled near a river and lived there happily ever after. Later, other families moved to the place where the lovers had settled, and in their honor, the settlement was named Ljubojno.

According to another legend, in the distant 14th century, there was a tavern owner named Ljuba in Ljubojno. When customers visited her tavern, she served them excellent wine. Because the wine was so good, the customers began calling it "Ljubo-wine." This is how the settlement eventually came to be called Ljubojno. These legends are likely retellings passed down by the elders of the region. However, it is true that the people of Ljubojno, and the inhabitants of this Prespa region in general, possess a deep love: love for their native land, for their homeland, for nature, and for beauty. According to the elders, the village has always been home to hardworking and honest Macedonians who have zealously defended and preserved their faith, nation, customs, and traditions.

During the Ilinden Uprising, the village was set on fire and burned to the ground. The old houses still stand as witnesses to that Macedonian tragedy, built on the same foundations that protect the truth about the suffering of Ljubojno, its people, and the entire Macedonian nation. However, the significance of Ljubojno and its people predates the Ilinden Uprising. Around twenty committees were established in

Меѓутоа, местото и улогата на Љубојно и на љубанци се значајни уште пред Илинденското востание. Од Љубојно имало дваесетина комити, предводени од четирите истакнати љубански војводи и тоа: Кире Кондов, Ефтин Лембов, Ристо Томулев и Јонче Стасовски, при што значајна улога одиграл и љубанскиот поп Ристо Попов. Еден од првите членови на Националниот комитет за ослободување од ропството, штипјанецот Славејко Арсов од 1901 година кога се одвивале подготовките за почеток на востанието, па сè до завршувањето на востанието, честопати бил присутен во Љубојно, организирајќи револуционерни комитети.

За тогашните настани е сведок спомен-куќата на Калајџиовци во која се криеле, меѓу другите, кривенскиот војвода дедо Геро и во која загинал комитата Ристо Бузако од Арвати. За овие настани од времето на Илинденското востание на куќата на Калајџиовци е поставена спомен-плоча како потсетник која ги потсетува денешните генерации, кои секоја година им оддаваат достојна почит на сите илинденци токму пред куќата на Калајџиовци и токму на денот на востанието, односно на 2 август.

Веднаш по ослободувањето, Љубојно прилегало на градска населба во која имало 8 чевларски работилници, 7 дуќани за широка потрошувачка и текстил, 4 кафеани, 4 дрводелски работилници, 5 шивачки работилници, две фурни за леб, 2 месарници, 8 воденици, една ковачници, берберница и др. Во тоа време во Љубојно имало Дом на културата, киносала, парк, осумгодишно училиште, библиотека, амбуланта, матична служба, споменици посветени на Илинден и на Народноослободителната борба...

Интересно е да се спомене дека во 1950 година во Љубојно се формирани два фудбалски клуба „Пелистер“ и „Слога“, кои пет години се натпреваруваа во Преспанската фудбалска лига. Шеесетите години од минатиот век се карактеристични за спортот во Љубојно со развојот на спортската дисциплина одбојка. Така, Љубојно била единствената селска населба во Македонија која имала одбојкарски клуб, кој се натпреварувал во Првата македонска одбојкарска лига. Одбојкарскиот клуб „Љубојно“, се натпреварувал со елитните екипи „Вардар“ од Скопје, потоа екипите од Титов Велес, Струмица, Тетово, Битола и други градови во Република Македонија.

Младите одбојкари на екипата „Љубојно“ на турнирот во Скопје во 1966 година, во силна конкуренција на јуниори, го освоиле првото место, што претставуваше најголем спортски успех на љубанци. Исто така, успехот на фудбалскиот клуб „Пелистер“ кој се натпреваруваше во Битолскиот фудбалски потсојуз и постигна завидни резултати.

Исто така, треба да се споменат неколку спортисти во светот кои водат потекло од Љубојно, а тоа се: Пит Стојанович (Марковски), еден од најскапо платените рагби играчи во тоа време во САД и Анита Томулевска која живее во Осло, Норвешка, која била врвна европска гимнастичарка, која учествувала на гимнастичарски натпревари во Атина и Шпанија и постигнала завидни резултати.

Уште во текот на ослободителното движење во Љубојно било воспоставено организирано живеење преку Месниот народен одбор. Активностите се прошириле и се збогатиле во периодот од 1950 до 1955 година кога се формира Општината Љубојно со селата од Долна Преспа: Сливница, Крани, Арвати, Штрбово, Наколец, Брајчино и Долно Дупени, чиј претседател бил Митре Марковски, а секретар бил Мијал Наумовски, двајцата од Љубојно. Од 1955 до 1958 година љубанската општина била припоена кон Општината Асамати, чиј претседател бил Васил Димовски од Долно Дупени. Од 1958 година Општината Љубојно ѝ припаднала на Општината Ресен во чиј состав е и ден-денес, во 2013 година

Во оваа прилика треба да се потенцира дека Љубојно и љубанци како луѓе ја покажале и докажале големата човечност и хуманост прифаќајќи десетици илјади Македонци од егејскиот дел на Македонија, меѓу кои најмногу деца, прогонети во виорот на Граѓанската војна во Грција. Во тие тажни мигови, љубанци во своите можности ја искажале својата човечка топлина и мајчинска грижа кон тие преморени, гладни и исплашени најмлади генерации. Денес, особено за Илинденските иселенички средби, бројни прогонети Македонци од своето прадедовско огниште го посетуваат Љубојно и се сеќаваат на мрачните денови на прогонот.

За Љубојно карактеристично е и тоа што уште во 1949 година за првпат на Полена беше прикажан филмот „Барба Жван“. Потоа, во 1957 година, земјоделската задруга „Преспа“ од Љубојно набави кинопроектор со кој сè до 1973 година во Задружниот дом се прикажуваа филмови за љубанци и мештаните од другите села. Киносалата

Ljubojno, led by four prominent Ljuban voivodes: Kire Kondov, Eftin Lembov, Risto Tomulev, and Jonche Stasovski. The Ljuban priest Risto Popov also played a significant role in these efforts. One of the first members of the National Committee for Liberation from Slavery, Slavejko Arsov from Shtip, who was active from 1901, when preparations for the uprising began, until its conclusion, frequently visited Ljubojno to organize revolutionary committees.

The Kalajdziovci Memorial House, where, among others, the Kriven voivode Grandfather Gero took refuge and where Commissar Risto Buzako from Arvati died, stands as a witness to the events of that time. A memorial plaque has been placed on the house to honor these events from the time of the Ilinden Uprising, serving as a reminder to present generations. Every year, on August 2, people gather in front of the Kalajdziovci house to pay their respects to all those who participated in the Ilinden Uprising. Immediately after its liberation, Ljubojno transformed into an urban settlement. At that time, it boasted 8 shoemaking workshops, 7 general consumer and textile stores, 4 cafes, 4 carpentry workshops, 5 sewing workshops, two bread ovens, 2 butcher shops, 8 mills, one blacksmith shop, a barber shop, and more. Ljubojno also had a House of Culture, a cinema, a park, an eight-year school, a library, an ambulance, a registry office, and monuments dedicated to Ilinden and the National Liberation Struggle.

It is noteworthy that in 1950, two football clubs, "Pelister" and "Sloga," were formed in Ljubojno. They competed in the Prespa Football League for five years. The 1960s were significant for sports in Ljubojno, particularly for the development of volleyball. Ljubojno was the only rural settlement in Macedonia with a volleyball club that competed in the First Macedonian Volleyball League. The "Ljubojno" volleyball team faced elite teams such as "Vardar" from Skopje, as well as teams from Titov Veles, Strumica, Tetovo, Bitola, and other cities across Macedonia. In 1966, the young volleyball players of "Ljubojno" achieved their greatest sporting success by winning first place at a junior tournament in Skopje, competing against strong teams. The football club "Pelister" also achieved impressive results in the Bitola Football Sub-Union. Additionally, several athletes from Ljubojno have gained recognition internationally. These include Pete Stojanovic (Markovski), one of the highest-paid rugby players at the time in the USA, and Anita Tomulevska, who lives in Oslo, Norway. Tomulevska was a top European gymnast who competed in gymnastics events in Athens and Spain, achieving remarkable results. It is also important to mention several notable athletes from Ljubojno: Pete Stojanovic (Markovski), one of the highest-paid rugby players in the USA at the time, and Anita Tomulevska, who now lives in Oslo, Norway. Anita was a top European gymnast who participated in competitions in Athens and Spain, achieving remarkable results.

Even during the liberation movement in Ljubojno, organized living was established through the Local People's Board. The activities expanded and flourished between 1950 and 1955 when the Municipality of Ljubojno was formed, including the villages of Lower Prespa: Slivnica, Krani, Arvati, Shtrbovo, Nakolets, Brajchino, and Dolno Dupeni. The president of the municipality was Mitre Markovski, and the secretary was Mijal Naumovski, both from Ljubojno. From 1955 to 1958, the Ljuban Municipality was annexed to the Municipality of Asamati, whose president was Vasil Dimovski from Dolno Dupeni. Since 1958, the Municipality of Ljubojno has been part of theMunicipality of Resen, which it remains a part of as of 2013.

On this occasion, it is important to emphasize that Ljubojno and its people demonstrated immense humanity and kindness by welcoming tens of thousands of Macedonians from the Aegean part of Macedonia, many of whom were children, exiled during the turmoil of the Greek Civil War. In those sorrowful times, the people of Ljubojno showed great warmth and maternal care toward these exhausted, hungry, and frightened younger generations. Today, especially during the Ilinden emigrant gatherings, many exiled Macedonians return to Ljubojno, remembering the dark days of persecution.

It is also noteworthy that in 1949, the film *"Barba Zhvan"* was shown for the first time on Polena. Later, in 1957, the agricultural cooperative "Prespa" from Ljubojno purchased a cinema projector, which they used to screen films about the residents of Ljubojno and other surrounding villages in the Cooperative House until 1973. The cinema had about 350 seats, and films were shown twice a week, on Wednesdays and Saturdays.

In the fall of 1948, collectivization arrived in Ljubojno, following the example of Soviet collective

располагаше со околу 350 седишта, а филмови се прикажуваа двапати неделно, во среда и сабота.

Есента 1948 година, пак, по примерот на советските колхози и во Љубојно стаса колективизацијата. Така во пролетта 1949 година, сите 226 домаќинства со 1171 жител беа зачленети во Земјоделската задруга „Видое Смилевски" во Љубојно. Во тие бурни времиња беа изградени шталите, во кои еден период беше отворен погон на „Преспатекст" од Ресен и магацините во Чифлиг. Задругата успеа да се одржи уште 4 години.

Во 1953 година во Љубојно се формира новата задруга „Преспа", која имаше свои пунктови на земјоделски производи, бакалница, продавница за вештачко ѓубриво, кланица, продавница за месо и кафеана.. Од 1975 година задругата влезе во состав на комбинатот „Преспанско јаболко" од Ресен, а во 1992 година беше ликвидирана.

Познато е дека за жителите на Љубојно и на цела Преспа печалбарството е стара традиција и како феномен се појавило многу оддамна. Меѓутоа, миграционите процеси што ја зафатија цела Преспа во педесеттите години од минатиот современ век, не го поштедија ни убавото Љубојно, од каде што голем број семејства се преселија во други градови на Македонија, потоа во САД и Канада и Австралија, во Европската унија и некои други земји ширум светот.

Печалбарството како „стар занает" од Македонија, а со тоа и од Љубојно помасовно започнало уште на почетокот во XIX век. Одењето на гурбет во прекуморските земји, се интензивирало пред и по Илинденското востание, меѓу двете светски војни и особено по Втората светска војна. Затоа, со право се вели дека љубанци биле едни од првите од Македонија кои свиле нови гнезда по светот и се едни од најбројните Преспанци во дијаспората.

Според податоците на Стојан Лембо во книгата „Љубојно – љубов наша",во Љубојно живеат 96 домаќинства, или 223 жители (а најмногу - 1209 жители броело во 1953 година). Во Македонија има 125 домаќинства, во Европската унија 20, во Србија 11, потоа во САД 172, во Канада 66, во Австралија 32 и 15 домаќинства биле иселени пред Втората светска војна. Или вкупно 517 домаќинства по светот се од печалбарското Љубојно.

Ресторанот „Чешма" / The restaurant "Cheshma"

farms. By the spring of 1949, all 226 households, with 1,171 inhabitants, had become members of the Agricultural Cooperative "Vidoe Smilevski" in Ljubojno. During these turbulent times, stables were built, and the "Prespatext" plant from Resen was temporarily opened, along with warehouses in Chiflig. The cooperative survived for another four years.

In 1953, the new cooperative "Prespa" was established in Ljubojno. It included points for agricultural products, a grocery store, a fertilizer store, a slaughterhouse, a meat store, and a café. In 1975, the cooperative became part of the "Prespa Apple" combine from Resen, and it was liquidated in 1992.

It is well-known that migrant work has been an old tradition for the inhabitants of Ljubojno and the entire Prespa region. As a phenomenon, it emerged long ago. However, the migration processes that swept through the entire Prespa in the 1950s also affected beautiful Ljubojno, where many families moved to other cities in Macedonia, as well as to the USA, Canada, Australia, the European Union, and several other countries around the world.

Migrant work, considered an "old craft" from Macedonia, and specifically from Ljubojno, began on a larger scale at the beginning of the 19th century. Migration to overseas countries increased before and after the Ilinden Uprising, during the interwar period, and especially after World War II. Therefore, it is rightly said that the people of Ljubojno were among the first in Macedonia to establish new lives abroad and are one of the largest groups of Prespans in the diaspora. According to data from Stojan Lembo in the book *"Ljubojno - Our Love"*, there are 96 households, or 223 inhabitants, currently living in Ljubojno (the highest number being 1,209 inhabitants in 1953). There are 125 households in Macedonia, 20 in the European Union, 11 in Serbia, 172 in the USA, 66 in Canada, 32 in Australia, and 15 households that were displaced before World War II. In total, 517 households around the world are from migrant families of Ljubojno.

КУФЕРОТ ОД ЉУБОЈНО
На Славе Н. Катин

Се роди кога Буѓариte и Грциte
ја силоваа Македонија.
Првиот збор што го прозборе беше
- куфер
Прваta мисла што дедо ти Алексо
ти ја врежа беше
- печалбар
Првите книги што мајка ти Сандра
ти ги подари беа
за вистината на Македонија
за крстосувањата на Марко Поло
и империјата на Александар Македонски.
Се заљуби во соноt на непознатото
зеде благослов од мајка ти
и со дедовиоt куфер
почна да ги крстариш меридијанite
да оставаш знамиња од Кутлеш во
Европа, Канада, Америка, Австралија...
и да ги бараш моштите
на Ристос во Ерусалим
и саркофагоt на Александар
но само го најде и се поклони
на гробоt на Кирил Македонецоt
за просветување на целиоt свет
и повторно се врати да се одмориш
во пазувите на Љубојно
и да бараш мевлем
за жулосаните нозе и раце
на печалбариte.
Куфероt се раскости
ги брцна нозете во Стара Река
торбата ја обеси зад вратата
испрашените рафтови и камари
ги пополна со книги
ја запали газијанатa ламба
го запали и кандилцето
пред иконата на Св Богородица
седна на трошниоt триножник
и преку замаглените наочари
почна да ги прелистуваш сликите
обесени на распуканите ѕидови.

Душан Ристевски-Македон

МИНАТОТО И ИДНИНАТА НА ЉУБОЈНО

Во Преспа, во пазувите на Баба Планина недалеку од Преспанското Езеро, а на неколку километри од границата меѓу Република Мкаедонија и јужниот сосед, се наоѓа живописното село Љубојно. Тоа е типично македонско, преспанско, печалбарско место од кое, како и од голем број села под Пелистер, многумина заминале и се задомиле во САД, Канада, Австралија и во некои европски земји. Меѓутоа, одреден број иселеници привремено вработени, чија цел за враќање е кристално чиста, доаѓаат во Љубојно – нивното родно место, кое ги привлекува со невидена сила, за да воздивнат во своите стари домови, за да ги реновираат старите или да изградат нови куќи, да ги обноват спомените од младоста.

Љубојно е најубаво, највесело и најпривлечно на Илинден, на тој величествен ден на сенародниот македонски копнеж за борба и слобода, на најголемиот празник од сите празници во Македонија. Тоа со гордост го истакнува своето бурно минато исполнето со непокор и борба за опстанок. Во илинденскиот период таму се случиле бурни и драматични настани, а во текот на фашистичката окупација Љубојно беше едно од жариштата на револуционерното движење и прва ослободена територија.

Љубојно, како и многу македонски села, е од збиен тип; со тесни калдрмисани улици, стари македонски куќи, изѕидани со камен и на кои висат пространи балкони, како и со дворови заградени со авлии што се резултат на пограничната местоположба.

Секако, за Љубојно се карактеристични едукационите процеси. Тоа е село, кое од секогаш било расадник на високообразовни кадри кои нашле свое место во нашето општество како воспитачи, педагози, новинари, професори, писатели, доктори, инженери, правници и други значајни професии, кои придонесуваат за подобро и посреќно утре.

Нема пишани документи, но според кажувањето на постарите љубојничани, првото училиште во селото било изградено во втората половина на минатиот век. Училиштето било малечко и само со две училници. Потоа, во 1907 година, со доброволна работа на селаните, изградено е ново и пространо училиште на два ката во близината на центарот на селото, а во дворот на старото училиште. Прват анастава во новото училиште започнала во 1908 година, а за први учители биле назначени: Климе, Каролина и Лена, сите Македонци од Охрид, што докажува дека кон крајот на 19 век во Охрид брзо напредувала писменоста.

Во текот на Првата светска војна, како и меѓу војните, училиштето во Љубојно имало повеќе намени. Така, по поделбата на Македонија, тоа било наменето за болница на француските војски, за потоа да продефилира еден голем и различен по состав наставен кадар. Многу од нив ја вршеле својата просветителска должност, а некои биле само маш ана буржоаскиот сталеж; го малтретирале македонското население, а децат аги учеле на туѓи јазици, неразбирливи за нив. Само во текот на Втората светска војна, македонските деца во Љубојно "ги учеле": српски, италијански, албански и бугарски "учители".

Сите страдања, бруталности и непедагошки односи кон македонското население и невините Македончиња се окончаа на 5 ноември 1944 година, со ослободувањето на Преспа од чизмите на окупаторите. Престанаа асимилаторските односи кон македонскиот народ од овој крај на Преспа, кон народот кој со векови трпел ропство, понижување ... Но, тој народ го зачува македонскиот јазик, обичаите, верата и македонскиот дух.

По ослободувањето на 14 ноември 1944 година, првпат во питомата Преспа, во Љубојно се отвори училиште на мајчин – македонски јазик. Тоа е првото училиште на македонски јазик во Преспа,

THE PAST AND FUTURE OF LJUBOJNO

In the heart of Prespa, nestled in the embrace of Baba Planina and just a few kilometers from the border between the Republic of Macedonia and its southern neighbor, lies the picturesque village of Ljubojno. This is a typical Macedonian village from the Prespa region, a migrant village from which many have departed and settled in the USA, Canada, Australia, and several European countries. However, a number of emigrants, temporarily employed abroad but with a clear intention of returning, still come back to Ljubojno– their birthplace. They are drawn by an unseen force to revisit their old homes, restore the old ones or build new ones, and rekindle the memories of their youth.

Ljubojno is at its most beautiful, lively, and charming during Ilinden—the grand day of Macedonian national pride and longing for struggle and freedom, the greatest holiday in Macedonia. The village proudly showcases its turbulent past, filled with defiance and the fight for survival. During the Ilinden period, Ljubojno witnessed dramatic and tumultuous events, and during the fascist occupation, it was one of the hotbeds of the revolutionary movement, as well as the site of the first liberated territory.

Like many Macedonian villages, Ljubojno is compact in structure, with narrow cobblestone streets, old Macedonian stone houses with expansive balconies, and courtyards surrounded by stone walls—a reflection of its border location.

Ljubojno has always been known for its focus on education. It is a village that has long served as a cradle for highly educated professionals who have gone on to play important roles in society as educators, pedagogues, journalists, professors, writers, doctors, engineers, lawyers, and other essential professions, all contributing to a brighter and more prosperous future.

While no written records exist, older residents of Ljubojno recall that the first school in the village was built in the second half of the 19th century. The school was small, with only two classrooms. In 1907, with the voluntary efforts of the villagers, a new, larger two-story school was constructed near the village center, on the grounds of the old school. The first classes in the new school began in 1908, and the first teachers were Klime, Karolina, and Lena, all Macedonians from Ohrid. This indicates that literacy was rapidly advancing in Ohrid by the end of the 19th century.

During World War I and the interwar period, the school in Ljubojno served various purposes. After the division of Macedonia, it was used as a hospital for the French armies. In addition, a wide range of teachers passed through the school. While some were genuinely dedicated to their educational duties, others were merely representatives of the bourgeois class who mistreated the Macedonian population. During this time, the children were taught in foreign languages that were incomprehensible to them. It was only during World War II that Macedonian children in Ljubojno were "taught" by Serbian, Italian, Albanian, and Bulgarian "teachers."

All suffering, brutality, and unpedagogical treatment of the Macedonian population ended on November 5, 1944, with the liberation of Prespa from the boots of the occupiers. The assimilationist policies toward the Macedonian people in this part of Prespa, a people who had endured slavery and humiliation for centuries, came to an end. Despite this, the people preserved their Macedonian language, customs, faith, and Macedonian spirit.

Following the liberation, on November 14, 1944, the first school in native Macedonian language was opened in Ljubojno. It was the first such school in Prespa, a source of pride for the many intellectuals who began their education in their native language. The efforts of the first Macedonian teachers in Ljubojno deserve special recognition. They includ-

гордост на плејада интелектуалци кои го започнаа своето школување на мајчин јазик. Посебно внимание заслужуваатнапорите на првите македонски учители во Љубојно, а тоа беа: Методија Јовковски, Богоја Ничевски и Јосив Кондовски од Љубојно, Филип Поповски од Долно Дупени и Фанија Чемчева од Воден, Егејска Македонија. Секако, посебно внимание и благодарност треба да им се даде и на голема група учители и наставници што ја продолжија наставната дејност во Преспа.

Во последните години, кога животот во селото пак се врати; се враќаат печалбарите од сите континенти, се враќаат на својата родна грутка, аносителот на сите акции што се преземаат е Месната заедница. Со вредните раце и дарежливоста на селаните се изгради водовод, асфалтен пат до Љубојно и поврзување со новиот пат за Долна Преспа, асфалтирање на улици, како и завршување и изградба на други комунални објекти што значат преродба на Љубојно.

Училиштето „Димитар Влахов" како македонско образовно светилиште, наскоро ќе биде модерен Центар за промоција на Љубојно, Преспа, на македонскиот јазик, култура и македонскиот идентитет. Како генерација, го исполнуваме аманетот за зачувување и на архитектонското наследство што како вредност го има ова старо училиште во историјата на македонската уметност, како и долгот кон просветителската и општествената улога што Училиштето ја има за едукација на македонскиот народ.

Училиштето во иднина ќе биде мултимедијален центар во кој ќе има можност да доаѓа пошироката популација и да ги користи дигиталните материјали врзани за различни лингвистички моменти. Ќе има простор за организација на различни настани, конференции, работилници, предавања за деца и други можности. Исто така ќе има изложбен простор со фотографии од поранешни генерации на ученици кои се школувале во училиштето, записи од минатото, авторски трудови посветени на Преспа и регионот, а во дворот непречено ќе се престојува и ќе се организираат традиционални манифестации и адети.

Со тоа, Владата, Министерството за култура и НУ Завод и Музеј, со сето срце и одговорност се заложија објектот со имотен лист број 55 да заживее во чест на македонските дејци и на сите просветните работници, како и во чест на сите оние на кои споменот на школските денови во старото училиште се повеќе од спомени. Центарот за македонски јазик ќе биде наш заеднички паметник за кој до крајот на 2025 година со задоволство ќе речеме – амантетот го исполнивме.

Панорама на дел од Љубојно / Panorama of part of Ljubojno

ed: Metodija Jovkovski, Bogoja Nichevski, and Josiv Kondovski from Ljubojno; Filip Popovski from Dolno Dupeni; and Fanija Chemcheva from Voden, Aegean Macedonia. Additionally, special appreciation should be given to the many teachers and educators who continued their work and teaching in Prespa.

In recent years, as life in the village has been revitalized, migrant workers from all continents have returned to their homeland and became the driving force behind all the initiatives is the Local Community. Through the hard work and generosity of the villagers, a water supply system was built, an asphalt road to Ljubojno was constructed, and connections to the new road to Dolna Prespa were established. Streets were paved, and various other communal facilities were completed, marking the revival of Ljubojno.

The "Dimitar Vlahov" School, as a Macedonian educational sanctuary, will soon become a modern center for the promotion of Ljubojno, Prespa, the Macedonian language, culture, and Macedonian identity. As a generation, we are honoring the legacy of preserving the architectural heritage of this historic school, which holds significant value in the history of Macedonian art, while also acknowledging the debt to the educational and social role the school has played in educating the Macedonian people.

In the future, the school will transform into a multimedia center where the broader community can access digital materials related to various linguistic aspects. The center will feature space for organizing events, conferences, workshops, and lectures for children, among other opportunities. There will also be an exhibition space displaying photographs of former generations of students who were educated at the school, historical records, and works dedicated to Prespa and the region. The courtyard will be open to the public, hosting traditional events and ceremonies.

With this, the Government, the Ministry of Culture, and the National Institute and Museum, with all their dedication and responsibility, have pledged to breathe new life into the building with property title number 55 in honor of Macedonian activists and all educational workers, as well as in tribute to all those for whom the memory of their school days at the old school means more than just nostalgia. The Macedonian Language Center will stand as our shared monument, and by the end of 2025, we will proudly say – we have fulfilled the legacy.

ЉУБОЈНО – МЕСТО ВО ПРЕСПА СО ДЕВЕТ ЦРКВИ И ТРИ ПАРАКЛИСИ

Љубојно е едно од најкарактеристичните места во Преспа и пошироко. Долго време претставуваше општински, образовен, културен и здравствен центар за Долна Преспа и пошироко. Тоа е едно од најубавите села кое пленува со своите архитектонски градби, со стилот на старите куќи, сокаците и дворовите, како и со иновациите во начинот на живеење што бројните печалбари ги пренеле од светот во својот роден крај.

Во Македонија, покрај другите поголеми села, секако е и Љубојно. Тоа е дел од вистината за Македонија, за печалбарството, за минатото, за сегашноста и за иднината. Љубојно се наоѓа во Долна Преспа, во пазувите на Баба Планина недалеку од Преспанското Езеро, на македонска земја, а само неколку километри северно од границата на истата земја меѓу Република Македонија и јужниот сосед, на местото викано „Маркова Нога".

Печалбарството како „стар занает" од Македонија, а со тоа и од Љубојно помасовно започнало уште на почетокот во XIX век. Одењето на гурбет во прекуморските земји, се интензивирало пред и по Илинденското востание, меѓу двете светски војни и особено по Втората светска војна. Затоа, со право се вели дека љубанци биле едни од првите од Македонија кои свиле нови гнезда по светот и се едни од најбројните Преспанци во дијаспората.

Селото Љубојно за првпат се споменува во еден запис на Сливничкиот манастир во 1607 година како поголема македонска населба. Затоа со право се вели дека ова е село со долга и бурна историја. Сведоци на таа македонска историја се низа оставнини како што се нивните стари куќи, бројните македонски православни цркви и манастири и други објекти кои ја чуваат вистината и тајната за Љубојно, за љубанци, за Долна Преспа, за Македонија и за целиот македонски народ.

Во Преспа христијанството датира од тие далечни времиња. Затоа на Преспа и на нејзината историја посебен белег и дава нејзиното богатство во културно-историски споменици уште во времето кога таа била староримска крстосница и прва престолнина на цар Самуил. Тоа се потврдува со изградбата на црквите и манастирите градени во времето на светите Климент и Наум Охридски во IX и X век и во времето на Самуиловото Царство во X и XI век.

Населението од Преспа, а особено љубанци се верници и страсни приврзаници на христијанската - православна вера. Затоа, уште од дамнина започнале да градат цркви и манастири, кои служеле и служат како најмасовни собиралишта на национално и верско обединување.

Таквата љубов кон верата, кон нацијата, кон сопствената црква и кон Македонија, љубанци заедно со другите Македонци од етничка Македонија ја продолжиле и на новите простори низ светот. Така, со доселувањето во новите средини Македонците станале едни од најактивните луѓе и почнале да градат цркви низ целиот свет, односно онаму каде што се доселиле, особено во Канада, САД И Австралија.

Денес во Љубојно има девет познати и зачувани цркви и манастири и три параклиси. Пет цркви се во селото, а другите го заградуваат селото и по верувањето на постарите мештани овие духовни светилишта се чувари на селото, имотот и населението. Љубојно ги има следните цркви и манастири:

LJUBOJNO – A PLACE IN PRESPA WITH NINE CHURCHES AND THREE CHAPELS

Ljubojno is one of the most distinctive places in Prespa and beyond. For a long time, it served as a municipal, educational, cultural, and health center for Lower Prespa and the surrounding areas. It is one of the most beautiful villages, captivating visitors with its architectural buildings, the style of its old houses, alleys, and courtyards, as well as the innovations brought by numerous migrant workers who returned from around the world to their native land.

In Macedonia, alongside other larger villages, Ljubojno holds a significant place. It is part of the true story of Macedonia — of migrant workers, the past, the present, and the future. Located in Lower Prespa, in the heart of Baba Planina, it sits not far from Lake Prespa, on Macedonian soil, and just a few kilometers north of the border with the southern neighbor, at a place known as "Markova Noga."

Migrant work, considered an "old craft" from Macedonia, and specifically from Ljubojno, began on a larger scale at the beginning of the 19th century. Migration to overseas countries increased before and after the Ilinden Uprising, during the interwar period, and especially after World War II. Therefore, it is rightly said that the people of Ljubojno were among the first in Macedonia to establish new communities abroad and are one of the largest groups of Prespans in the diaspora.

Ljubojno is first mentioned in a record from the Slivnica Monastery in 1607 as a larger Macedonian settlement. This underscores the fact that Ljubojno is a village with a long and turbulent history. Evidence of this history can be found in the relics scattered across the village—its old houses, the numerous Macedonian Orthodox churches and monasteries, and other artifacts that preserve the truth and secrets of Ljubojno, its people, Lower Prespa, Macedonia, and the entire Macedonian nation.

Christianity has had roots in Prespa since ancient times. As a result, Prespa's history is especially marked by its wealth of cultural and historical monuments. These date back to when it was an ancient Roman crossroads and the first capital of Tsar Samuil. The construction of churches and monasteries during the 9th and 10th centuries, in the era of Saints Clement and Naum of Ohrid, and later during the 10th and 11th centuries under the rule of Samuil's Kingdom, confirms this rich history.

The population of Prespa, and especially Ljubojno residents, are devout believers and passionate adherents of the Christian Orthodox faith. From ancient times, they began to build churches and monasteries, which have served and continue to serve as the most significant gathering places for national and religious unity.

This deep love for their faith, their nation, their church, and their homeland, Macedonia, was carried on by the Ljubanci, along with other Macedonians from ethnic Macedonia, as they settled in new areas around the world. As they established themselves in these new environments, the Macedonians became one of the most active peoples, building churches wherever they settled, especially in Canada, the USA, and Australia.

Today, Ljubojno is home to nine known and preserved churches and monasteries, as well as three chapels. Five of these churches are located within the village, while the others are spread out around the village. According to the belief of the older locals, these spiritual sanctuaries serve as guardians of the

1. Црквата „Свети Јован“ е најголема и е централната црква на Љубојно. Таа се наоѓа на сретсело, кај централните гробишта, веднаш под Поленатa, центарот на Љубојно. Изградена е во 1861 година. По опожарувањето кое се случило во 1903 година повторно е обновена во 1921 година. Црквата е градена како трикорабна базилика со купола. Централниот кораб е засводен со полуциндричен свод, а бочните кораби се покриени со рамни тавани. Во внатрешноста на западната страна, има галерија, а на исток завршува со апсида полигонално решена од надворешната страна.

   На западната страна од црквата е изграден трем кој служи за секакви црковни и други потреби. Овој трем е изграден со донација на бројни љубанци во странство, како и со помош на Комисијата за односи со верските заедници на Република Македонија. Исто така, голем број љубанци во селото и во дијаспората дале свои средства за одржување на црквата со камбанаријата и гробиштата.

2. Црквата „Света Пречиста“, една од појстарите црковени објекти во Љубојно, која е изградена во 1852 година, веројатно на местото на стара црква. Посветена е на света Богородица. Се наоѓа на горниот (југоисточниот) дел на селото, во Семеновска Маала. Таа е помала еднокорабна црква покриена со дрвена покривна конструкција. Во внатрешноста на црквата е сочуван живопис само во апсидата. До обновувањето покривот на црквата беше со камени плочи. Црквата е обновена во 1966 година.

3. Илинденската црква „Свети Илија“, како што милуваат да ја наречат љубанци, се наоѓа на источната страна на селото, до патот што води кон селото Брајчино, во Илиовска Маала. Годината на градењето на црквата не е позната, но има претпоставки дека е градена во XIX век, а подоцна била обновена. Во основата е еднокорабна. Оваа црква е собиралиште на сите мештани, иселеници, гости и дојденци на празникот Илинден, кога се одржува и свечена богослужба и од каде, всушност, почнуваат исленичките средби.

4. Црквата „Свети Никола“ се наоѓа во селото, во Пашариковска Маала, лоцирана на југоисточниот дел, на околу 200 метри под црквата Света Пречиста“. Изградена е во XV век што е одбележано на камен на влезот кон олтарчето лево. Обновена е во 1971 година. Таа е маалска црква, но за празникот свети Никола е посетена од жителите на селото.

5. Манастирската црква „Свети Атанас“ е заштитник на селото и е една од позначајните цркви на љубанци. Таа се наоѓа во Коријата, на ридот од јужната страна на селото на околу 700 метри, над полициската станица. Црквата е една од постарите, и е градена во XIV век. Ѕидовите се од камен, а покривот пред обновувањето беше со камени плочи. Оваа манастирска црква е опкружена со дабови стебла и претставува место за одмор и рекреација и еден вид видиковец. Таа е собиралиште за љубанци на свети Атанас на 31 јануари.

6. Манастирот „Свети Петар и Павле“ е еден од поубавите во Преспа. Тој се наоѓа на околу 800 метри над црквата „Свети Атанас“, сместена на една убава рамнина на висината која од сите страни е заградена со шума и стрмни падини. Од источната страна е вградена во голема карпа, која е искористена наместо ѕид.

   За оваа прекрасна манастирска црква се знае дека е градена во 1923 година од браќата Никола и Јоше Стасовски од Љубојно. Постои интересно кажување од внукот на Никола за изградбата на црквата. Имено, Никола во 1922 година бил во Америка. Таму една ноќ сонил сон во кој му дошол еден стар човек со долга брада и му порачал да изгради црква на местото каде што сега е изградена постојната црква и да и' го даде името Свети Петар.

   Така по враќањето од Америка и со помош на целото село, во 1923 година Никола ја изградил манастирската црква. Ѕидовите на црквата се градени од делкан камен и во основата е еднокорабна. На дваесетина метри од црквата, на северната страна изградена е и висока камбанарија, која е интересна по својата конструкција и местоположба.

village, its property, and its people. The following churches and monasteries can be found in Ljubojno:

1. The Church of St. John is the largest and central church in Ljubojno. It is situated in the heart of the village, near the central cemetery, just below Polena, which is considered the center of the village. The church was originally built in 1861. After a fire in 1903, it was rebuilt in 1921. The church was designed as a three-nave basilica with a dome. The central nave is vaulted with a semi-cylindrical vault, while the side naves are covered with flat ceilings. On the western side, there is a gallery, and on the eastern side, the church ends with an apse, which has a polygonal design on the exterior.

   On the western side of the church, a porch was constructed to serve various church functions and other community needs. This porch was built with donations from numerous Ljubanci abroad, as well as with the support of the Commission for Relations with Religious Communities of the Republic of Macedonia. Additionally, many Ljubanci, both in the village and in the diaspora, contributed funds for the upkeep of the church, the bell tower, and the cemetery.

2. The Church of "Sveta Prechista", one of the older church buildings in Ljubojno, was built in 1852, probably on the site of an older church. It is dedicated to the Holy Virgin and is located in the upper (southeastern) part of the village, in Semenovska Maala. The church is a smaller, single-nave structure with a wooden roof. Inside, frescoes have been preserved only in the apse. Until its renovation, the roof of the church was covered with stone slabs. The church was renovated in 1966.

3. The Ilinden Church of "St. Ilija", as the Ljubanci like to call it, is located on the eastern side of the village, next to the road leading to the village of Brajchino, in Iliovska Maala. While the exact year of construction is unknown, it is believed to have been built in the 19th century and later renovated. The church is a single-nave structure. It serves as a gathering place for the locals, emigrants, guests, and newcomers on the Ilinden holiday, when a solemn service is held. It is from here that the emigrant meetings begin.

4. The Church of "St. Nikola" is located in the southeastern part of the village, in Pasharikovska Maala, about 200 meters below the Church of the Holy Immaculate Conception. Built in the 15th century, this is marked on a stone at the entrance to the altar on the left side. The church was renovated in 1971. Though a neighborhood church, it is visited by villagers on the feast of Saint Nikola.

5. The Monastery Church of "St. Atanas" is the protector of the village and one of the more significant churches for the Ljubojno. It is located in Korijata, on the hill to the southern side of the village, about 700 meters above the police station. This church, one of the older ones, was built in the 14th century. The walls are made of stone, and before the renovation, the roof was covered with stone slabs. The monastery church is surrounded by oak trees, serving as a place for rest and recreation, and it offers a kind of lookout. It is a gathering place for the Ljubanci on January 31, Saint Atanas' feast day.

6. The Monastery of "St. Peter and Paul" is one of the most beautiful in Prespa. It is located about 800 meters above the Church of "St. Atanas," situated on a beautiful plain at an elevation, surrounded on all sides by forest and steep slopes. On the eastern side, the monastery is built into a large rock, which serves as a natural wall.

   This stunning monastery church was built in 1923 by the brothers Nikola and Joshe Stasovski from Ljubojno. There is an interesting story about the construction of the church, passed down by Nikola's grandson. In 1922, Nikola was in America, where he had a dream in which an old man with a long beard appeared to him. The man instructed Nikola to build a church on the site where the current church stands and to name it Saint Peter.

   Upon his return to Macedonia, and with the help of the entire village, Nikola constructed the monastery church in 1923. The walls of the church are made of carved stone, and it is essentially a single-nave structure. About twenty meters north of the church, a tall bell tower was built, notable for its unique construction and location.

7. Црквата „Света Марена“ се наоѓа на западната страна на селото, на излезот кон Долно Дупени и Наколец. Во минатото таа била на крајот од селото, а сега е во средината на селото, бидејќи под црквата се изградени поголем број нови современи куќи. Годината на градењето не е одбележана, а постарите жители во Љубојно паметат дека таа како параклис е изградена во почетокот на XX век од мештанинот Илија Мелески.
8. Црквата „Свети Димитрија“ се наоѓа на северозападната страна на селото, на самиот влез во Љубојно, од десната страна на асфалтниот патот за Ресен. Годината на градбата не е никогаш запишана, а се смета дека по остатоците на гробиштата кои уште се распознаваат во околината на црквата, таа била изградена заедно со црквите „Свети Никола“ и „Свети Атанас“ во XIV или XV век и е една од најстарите цркви во Љубојно.
9. Црквата „Света Богородица“ габаритно е малечка и се наоѓа на западната страна на селото, во ливадите на местото викано „Богородица“. Таа е оддалечена околу еден и половина километар од Љубојно и се наоѓа во близина на патот Ресен-Маркова Нога, на брегот на Стара (Брајчинска) Река. Градена е во поново време, односно во XX век. На празникот света Богородица е посетувана од жители на Љубојно и Наколец.
10. Во Љубојно постојат три параклиси, и тоа: „Света Тројца“, која се наоѓа на патот од Ресен кон Љубојно, кај месноста викана „Ореите на Димовци“. Параклисот го изградил познатиот и признат пејач на забавни и народни песни Ламбе Алабаковски, за здравје на неговата фамилија Алабаковци.
11. Параклисот „Света Софија“ е изграден на местото викано „Синец“, каде се наоѓа легендарната чешма, чија вода е спроведена до центарот на Љубојно на Полена. Овој параклис е дар од брачните двојки, полицаецот Томе Капетановски, од Малоишта и неговата сопруга Васка Гакевска од Наколец, како и на Лиле Видиновска од Љубојно и Диме Радевски од Демир Хисар.
12. Параклисот „Свети Атанас“, пак, се наоѓа од десната страна на патот од Љубојно кон Брајчино, над Штабот, спроти црквата „Свети Илија“ и е донаторство на Лиле Карапашовска со сопругот Блаже Димитровски.

Сите овие македонски православни цркви се значаен дел од активностите на Македонците во дијаспората кои потекнуваат од овој преспански крај. Затоа, со право може да се констатира дека црквите во Љубојно, заедно со околу илјадници во Македонија и уште стотина македонски храмови во дијаспората се доказ за постоењето и признавањето на Македонската православна црква – Охридска архиепископија Тие се доказ за постоењето на македонскиот народ и Македонија

Црквата св. Јован и гробиштата / St. John's Church and Cemetery

7. The Church of "St. Marena" is located on the western side of the village, at the exit to Dolno Dupeni and Nakolets. In the past, it was situated at the edge of the village, but now it lies in the middle, as many new modern houses have been built beneath it. The exact year of construction is not recorded, but older residents of Ljubojno recall that it was originally built as a chapel in the early 20th century by the local resident Ilija Meleski.
8. The Church of "St. Dimitrija" is located on the northwestern side of the village, at the very entrance to Ljubojno, on the right side of the asphalt road leading to Resen. The exact year of its construction has never been recorded. Based on the remains of the cemetery still visible near the church, it is believed that it was built around the same time as the Churches of "St. Nikola" and "St. Atanas" in the 14th or 15th century, making it one of the oldest churches in Ljubojno.
9. The Church of "Holy Mother of God" is small in size and is located on the western side of the village, in the meadows at a place called "Holy Mother of God." It is about one and a half kilometers away from Ljubojno, near the Resen-Markova Noga road, on the bank of the Stara (Brajčinska) River. It was built in recent times, specifically in the 20th century. On the feast day of the Holy Mother of God, the church is visited by residents of Ljubojno and Nakolets.
10. There are three chapels in Ljubojno, including: **"Holy Trinity"** Chapel, which is located on the road from Resen to Ljubojno, near a place called "Oreite na Dimovci." The chapel was built by the famous and renowned singer of fun and folk songs, Lambe Alabakovski, for the health of his Alabakovski family.
11. The Chapel of "Saint Sophia" was built at a place called "Sinec," where the legendary fountain is located, with its water flowing to the center of Ljubojno, at Polena. This chapel is a gift from the married couple: policeman Tome Kapetanovski, from Maloishta, and his wife Vaska Gakevska from Nakolets, as well as Lile Vidinovska from Ljubojno and Dime Radevski from Demir Hisar.
12. The Chapel of "St. Atanas" is located on the right side of the road from Ljubojno to Brajcino, above the Headquarters, opposite the Church of "St. Ilija." It was a donation from Lile Karapashovska and her husband Blaze Dimitrovski.

All these Macedonian Orthodox churches are a significant part of the activities of the Macedonians in the diaspora who originate from this Prespa region. Therefore, it can be rightly stated that the churches in Ljubojno, along with the thousands in Macedonia and another hundred Macedonian temples in the diaspora, are proof of the existence and recognition of the Macedonian Orthodox Church – the Ohrid Archbishopric. They are a testament to the existence of the Macedonian people and the continued recognition of Macedonia.

Црквата свети Атанас / Church of Saints Atanas

СУДБИНАТА НА ПРВИТЕ УЧИЛИШТА НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ВО ПОДВИС И ЉУБОЈНО

Овој пат ќе се посветиме на првите училишта по македонски јазик во Македонија, во селата Подвис, Кичевско и во Љубојно, Ресенско, кои се оставени на забот на времето. Овие први образовни центри на македонски јазик со право очекуваат посветеност на нивните општини, со цел да се зачуваат за историскиот развој на македонскиот литературен јазик на идните генерации.

За таа цел ние појдовме за Кичево каде стасавме на пладне кога и бројот на населението по улиците беше многу мал. Веројатно тоа беше сликата од жешкото време, од политичките (не) прилики, а повеќе од раширениот корона вирусот - Ковид 19. Тоа не натера со автомобилот да се прошетавме само до центарот на градот и, без застанување да се упативме кон делницата која води кон Охрид.

Како вљубеници во нашата убава земја Македонија, која е гордост, радост и тага, сон и јаве за секој патеписец, од Кичево кон Охрид се насладувавме на се' она што го дарувала мајката Природа на овој убав македонски крај. Таму реката Треска безшумно ја дели областа Копачка и заминува кон централниот дел на Македонија, а убавите планиски венци натежнале со своето минато, сегашнот и иднина.

Брзо стасавме до патот кој води кон селото Подвис, во кое за време на Втората светска војна, на 23 септември 1943 година, само шест дена по ослободувањето на Кичево од фашистичките окупаторски сили, во селското училиште за првпат се одржала настава на македонски јазик на слободната територија.

Таму се постави темелот за македонскиот литературен јазик, кој е дел од групата на словенските јазици од јазичното семејство на индоевропски јазици. Во период од 76 години македонскиот е службен и национален јазик во Македонија, а воедно е и официјално признат како регионален службен јазик во Горица и Пустец во Албанија, каде што живее бројно македонско население, но и во Србија како официјален во општините Јабука и Пландиште, потоа во Хрватска, Црна Гора, Босна и Херцеговина и Словенија, во Романија и Косово. Македонски јазик се зборува и во Австралија, Бугарија, Грција, Канада и Соединетите Американски Држави, во Турција, во Русија, во повеќе земји–членки на Европската Унија и во останатата македонска дијаспора. Вкупниот број на македонски говорници е тешко да се утврди поради несоодветни пописи, но бројката се движи од околу 2,5 до 3 милиони луѓе кои го зборуваат македонскиот јазик.

Денес старата трошна училишна зграда на првото основно училиште во кое се изведувала настава на современ македонски јазик во селото Подвис е прогласена за споменик на културата на Македонија. Таа е напуштената градба сместено во старото село Подвис, над последните куќи во селото и главната селска црква „Свети Атанасиј".

Несмее а да не се спомене дека до старото село води полски пат, а до самата зграда на училиштето постои само козја патека и никаде не е јасно посочено каде се наоѓа училиштето. Трошната конструкција на училиштето е оставена на забот на времето, во трње и грмушки, а дотаму може да се стигне единствено со теренско вози-

THE FATE OF THE FIRST MACEDONIAN LANGUAGE SCHOOLS IN PODVIS AND LJUBOJNO

This time we will focus on the first Macedonian language schools in Macedonia, located in the villages of Podvis, Kichevo, and Ljubojno, Resen, which have been left to the ravages of time. These early Macedonian language educational centers rightly deserve dedication from their municipalities to preserve them for the historical development of the Macedonian literary language for future generations.

For this purpose, we set off for Kichevo, arriving at noon when the streets were sparsely populated. This was likely due to the hot weather, the political (un)certainty, and, more so, the widespread coronavirus pandemic (Covid-19). This led us to drive straight to the city center and, without stopping, head towards the section leading to Ohrid.

As lovers of our beautiful country, Macedonia—which is both a source of pride, joy, and sorrow, as well as a dream and reality for every travel writer—we enjoyed every moment from Kichevo to Ohrid, taking in all the beauty that Mother Nature has bestowed on this magnificent Macedonian region. There, the Treska River silently divides the Kopachka area and flows towards the central part of Macedonia, while the beautiful mountain ranges stand heavy with the weight of their past, present, and future.

We quickly reached the road leading to the village of Podvis, where, during World War II, on September 23, 1943—just six days after the liberation of Kichevo from the fascist occupying forces—classes in the Macedonian language were held for the first time in the village school, within the free territory.

It was there that the foundation for the Macedonian literary language was laid, a language belonging to the group of Slavic languages within the Indo-European language family. For 76 years, Macedonian has been the official and national language of Macedonia. It is also officially recognized as a regional language in Gorica and Pustec in Albania, where a large Macedonian population lives. Additionally, it holds official status in the municipalities of Jabuka and Plandishte in Serbia, and is spoken in Croatia, Montenegro, Bosnia and Herzegovina, Slovenia, Romania, and Kosovo. Macedonian is also spoken in Australia, Bulgaria, Greece, Canada, the United States, Turkey, Russia, and several member states of the European Union, as well as in the broader Macedonian diaspora. The total number of Macedonian speakers is difficult to determine due to inaccurate census data, but estimates range from 2.5 to 3 million people who speak the Macedonian language.

Today, the old, dilapidated building of the first primary school where modern Macedonian language classes were taught in the village of Podvis has been declared a cultural monument of Macedonia. The abandoned building is located in the old village of Podvis, above the last houses in the village and near the main village church, "St. Atanas."

It is worth noting that a field road leads to the old village, but there is only a goat path leading to the school building itself, and there are no clear signs indicating the location of the school. The school's crumbling structure has been left to the ravages of time, surrounded by thorns and bushes, and can only be reached by an off-road vehicle. Because of this, the memorial plaque that was placed on the building has been removed by locals.

Written records indicate that the village of Podvis is located in the Kopachka area, in the southern part of the territory of the Municipality of Kichevo, within the upper catchment area of the Treska River, not far from the left side of the regional road Kichevo-Ohrid.

ло. Затоа и спомен-плочата, која била поставена на зградата, мештаните ја извадиле и истата ја преместиле во новиот дел на селото Подвис.

Инаку, во пишаните документи е забележано дека селото Подвис се наоѓа во областа Копачка, во јужниот дел на територијата на Општина Кичево, во горното сливно подрачје на реката Треска, недалеку од левата страна на регионалниот пат Кичево-Охрид. Селото е ридско, на надморска височина од 840 метри, а од Кичево е оддалечено 10 километри.

Селото Подвис е сместено десно од реката Треска, на западната падина на масивот Планиница и се граничи со селата Видрани, Пополжани, Другово и Лавчани. Селото е од збиен тип во кое постојат две маала, Горно и Долно Маало. Денес, Горното Маало, или старото село Подвис, е целосно напуштено и во него се наоѓаат останати стари руини на куќи, главната селска црква „Свети Атанасиј" и спомените за создавањето Првиот околиски комитет во 1943 година. Најмногу овој напуштен македонски крај е познат по старото селско училиште, во кое се изведувала првата настава на современ македонски јазик.

Во текот на изминатите 76 години во нашата слободна држава Македонија, за жал, бројни македонски институции имале најави за обнова на зградата на првото училиште во селото Подвис, но останале само празните ветувања. Затоа, упатуваме апел до надлежните ова прашање да се реши што поскори, со цел да ја изразиме и покажеме љубовта кон Македонија и македонскиот јазик, со што ќе се гордеат идните македонски генерации.

Често се вели дека во ова време на светска глобализација прекрасно е чувството кога ќе се најде на едно место дел од една историска вистина за настаните, за минатото, сегашноста и иднината на еден убав македонски крај од незаборавот, како што е Преспа. А, во Преспа е сместено Љубојно кое е едно од од најубавите села. Тоа пленува со своите архитектонски градби, со стилот на старите куќи, сокаците и дворовите, како и со иновациите во начинот на живеење што бројните печалбари ги пренеле од светот во својот роден крај.

Сите страдања, бруталности и лоши односи кон македонското население се окончале на 5 ноември 1944 година, со ослободувањето на Преспа од окупаторската чизма. Престанале асимилаторските односи кон македонскиот народ од овој крај на Преспа, кон народот кој со векови трпел ропство, понижувања ... Но, тој народ го зачувал македонскиот јазик, културата, обичаите, верата и македонскиот дух.

По ослободувањето на Македонија од фашистичката чизма, на 15 ноември 1944 година, во Љубојно се отвори училиште во кое се одржал првиот час на македонски јазик во Преспа. Тоа е второ училиште во Македонија, по она во кичевското село Подвис, каде се држела настава на мајчин јазик. Денес, 76 години подоцна и ова училиште стои распаднато, обраснато со треви и непознато за пошироката јавност и покрај тоа што тоа беше гордост на плеада интелектуалци кои го започнаа своето школување на мајчин македонски јазик.

Затоа треба да се спомене дека од Љубојно потекнуваат околу 150 академски граѓани, од кои околу 50 се лекари, потоа има голем број професори, правници, инженери, писатели, новинари, агрономи, културолози и со други професии, меѓу кои и авторот на овој текст, Славе Катин. Затоа, често се вели дека Љубојно е расадник на интелектуалци.

Има голем број љубанци кои заради своите постигнувања на национално и општествено поле, потоа во политиката, образованието, науката, дипломатијата, културата, публицистиката, спортот и други гранки имаат поширок општествени и други заслуги. Сите тие своето образование го добиле во старото училиште „Димитар Влахов".

Во летописната книга на училиштето „Димитар Влахов" од Љубојно се вели дека со доброволна работа на селаните во 1907 година, изградено е новото и просторно училиште. Тоа било на два ката со 8 училници, канцеларија и два ходника, во дворот на старото училиште, а во близина на центарот на селото. Првата настава во новото училиште започнала во 1908 година, а

It is noted in written documents that the village of Podvis is located in the Kopachka area, in the southern part of the Municipality of Kichevo, in the upper catchment area of the Treska River, not far from the left side of the regional Kichevo-Ohrid road. The village is situated at an altitude of 840 meters and lies 10 kilometers from Kichevo.

Podvis is located to the right of the Treska River, on the western slope of the Planinica massif, and borders the villages of Vidrani, Popolzhani, Drugovo, and Lavchani. The village is compact, with two neighborhoods: Gorno Maalo and Dolno Maalo. Today, Gorno Maalo, or the old village of Podvis, is completely abandoned, leaving behind only the ruins of houses, the main village church, "St. Atanas," and the memories of the establishment of the First District Committee in 1943. This abandoned Macedonian region is best known for its old village school, where the first classes in the modern Macedonian language were held.

Over the past 76 years in our free state of Macedonia, unfortunately, numerous Macedonian institutions have promised to renovate the building of the first school in Podvis, but these promises have remained unfulfilled. Therefore, we appeal to the authorities to address this issue as soon as possible, to express and demonstrate our love for Macedonia and the Macedonian language—something future generations of Macedonians will be proud of.

It is often said that, in this age of global globalization, it is a wonderful feeling to find a part of historical truth about the past, present, and future of a beautiful Macedonian region, such as Prespa, in one place. And in Prespa is Ljubojno, one of the most beautiful villages. It captivates with its architectural buildings, the style of its old houses, alleys, and courtyards, as well as with the innovations in the way of life that numerous migrant workers brought from around the world to their native land.

All suffering, brutality, and poor relations toward the Macedonian population ended on November 5, 1944, with the liberation of Prespa from the occupying forces. The assimilationist policies toward the Macedonian people from this region of Prespa ceased—toward a people who had suffered slavery and humiliation for centuries. Despite this, the people preserved the Macedonian language, culture, customs, religion, and spirit.

After the liberation of Macedonia from fascist rule, a school was opened in Ljubojno on November 15, 1944, where the first Macedonian language class in Prespa was held. This was the second school in Macedonia, after the one in the village of Podvis in Kičevo, where classes were conducted in the mother tongue. Today, 76 years later, the school stands dilapidated, overgrown with weeds, and largely forgotten by the wider public—despite the fact that it was once the pride of many intellectuals who began their education in the Macedonian language.

It should also be noted that approximately 150 academic professionals come from Ljubojno, including around 50 doctors. The village has also produced a significant number of professors, lawyers, engineers, writers, journalists, agronomists, cultural scientists, and others, including the author of this text, Slavè Katin. For this reason, it is often said that Ljubojno is a nursery of intellectuals.

Many residents of Ljubojno, due to their achievements in the national and social spheres—particularly in politics, education, science, diplomacy, culture, journalism, sports, and other fields—have made broader societal contributions. All of them received their education at the old "Dimitar Vlahov" school.

According to the chronicle of the "Dimitar Vlahov" school from Ljubojno, in 1907, with the voluntary efforts of the villagers, a new and spacious school was built. It was a two-story building with eight classrooms, an office, and two hallways, located in the yard of the old school, near the center of the village. The first classes in the new school began in 1908, and the first teachers were appointed: Klime, Karolina, and Lena—all Macedonians originally from Ohrid.

Until the 1971/72 school year, the school in Ljubojno operated as an eight-year school in the old building. Since then, it has been functioning in the new school building in Chiflig. For 76 years of its existence and development, it has operated under the same name: "Dimitar Vlahov." Over the years, more than a dozen principals have managed the school, and about a hundred teachers, tutors, and professors have educated around 6,000 students from Ljubojno, Brajcino, Dolno Dupeni, Nakolets, Shtrbovo, Krani, and Arvati.

Unfortunately, only parts of the entrance and the outer walls of the former massive building, with its distinct architecture, remain. The school has no

за први учители биле назначени: Климе, Каролина и Лена, сите Македонци по потекло од Охрид.

До учебната 1971/72 година, училиштето во Љубојно работеше како осмолетка во старата училишна зграда, а оттогаш до денес работи во новата училишна зграда во Чифлиг. Тоа полни 76 години од своето постоење и развој под истото име „Димитар Влахов". Во него раководеле и предавале повеќе од десетина директори, а наставата ја воделе стотина учители, наставници и професори за околу 6.000 ученици од Љубојно, Брајчино, Долно Дупени, Наколец, Штрбово, Крани и Арвати.

За жал, од училишната зграда сега се останати само делови од влезот и надворешните ѕидови од некогашниот масивен објект со специфична архитектура. Училиштето е без таван, врати и прозорци, а наместо училници, внатрешноста е обрасната. Ги нема ниту дрвените скали кои од приземјето воделе кон училниците на првиот кат.

Дека тука пред 76 години се одржал првиот час по мајчин јазик сведочи само спомен плочата која е поставена на некогашниот влез на училиштето. Благодарение на спомен плочата, што во 2004 ја поставија просветни работници во чест на 60-годишнината од наставата по македонски јазик, денес минувачите дознаваат дека ова училиште е со значајна историја за македонскиот јазик и образование.

Оваа година се покрена иницијативата заборавеното и разурнато училиште „Димитар Влахов" во Љубојно да се обнови и да стане Центар за промоција на македонскиот јазик. Ваквата реализација ќе обезбеди Љубојно да биде место на кое ќе се собираат лингвисти, педагози и наставници и професори по македонски јазик, со што ќе продолжи оддолжувањето на плејадата македонски дејци кои се вградија во историските процеси за признавање и афирмација на македонскиот јазик.

Иницијативата за основање на центар за грижа и промоција на македонскиот јазик во старото училиште во Љубојно е од аспект на проектот наменет за поддршка и развој на регионот на Преспа, со финансиска поддршка од Европската Унија. Во проектот се вклучени владите на трите соседни држави – Македонија, Албанија и Грција. Исто така, еден од проектите е изградба на мултимедијален центар за млади, кој соодветно на самата симболика на Преспа ќе биде место каде што би се организирал меѓународен форум за дијалог и соработка.

На нас од Љубојно и од Преспа ни останува само да се надеваме на разумност и да веруваме дека оваа благородна идеја ќе се оствари за заживување на овој убав печалбарски крај, за афирмација на македонскиот јазик, како и за доброто на македонскиот народ и Македонија.

Првото училиште во Македонија во Подвис / The first school in Macedonia in Podvis

Второто училиште во Македонија во Љубојно / The second school in Macedonia in Ljubojno

ceiling, doors, or windows, and the interior, once filled with classrooms, is now overgrown. The wooden stairs that once led from the ground floor to the classrooms on the first floor are also missing.

The fact that the first classes in the Macedonian language were held here 76 years ago is only evidenced by the memorial plaque placed at the former entrance of the school. Thanks to the plaque, which was installed in 2004 by educators to mark the 60th anniversary of Macedonian language instruction, passersby can learn that this school holds significant historical value for the Macedonian language and education.

This year, an initiative was launched to restore the forgotten and dilapidated "Dimitar Vlahov" school in Ljubojno and transform it into a Center for the Promotion of the Macedonian Language. This project will ensure that Ljubojno becomes a place where linguists, pedagogues, teachers, and professors of the Macedonian language can gather, thus continuing the legacy of countless Macedonian activists who have been instrumental in the historical processes of recognition and affirmation of the Macedonian language.

The initiative to establish a center for the care and promotion of the Macedonian language in the old school in Ljubojno is part of a project aimed at supporting and developing the Prespa region, with financial backing from the European Union. The governments of the three neighboring countries – Macedonia, Albania, and Greece – are involved in the project. Additionally, one of the initiatives includes the construction of a multimedia center for youth, which, in line with the symbolism of Prespa, will serve as a venue for organizing an international forum for dialogue and cooperation.

All we can do from Ljubojno and Prespa is hope for reason and believe that this noble idea will be realized for the revival of this beautiful migrant region, for the affirmation of the Macedonian language, and for the benefit of the Macedonian people and Macedonia.

Панорама на Љубојно / Panorama of Ljubojno

Црквата Свети Јован и камбанаријата на влезот на црквата / The Church of Saint John and the bell tower at the entrance to the church

ИСЕЛЕНИЦИ ОД ЉУБОЈНО ШИРУМ СВЕТОТ

Во Мкедонија христијанството почнало да се проповеда уште во времето на светите апостоли. За ширење на христијанството светиот апостол Павле извршил повеќе благовеснички патувања, во текот на коишто тој го проповедал Христовото Слово. Потоа, христијанството нагло почнало да зема замав кога римскиот цар Константин Велики во 313 година го прифатил за државна религија и така им дал можност на христијаните слободно да ја исповедаат и да ја проповедаат својата вера. Од тоа време се познати епископските седишта во Солун, Стоби, Скупи, Астибо и Хераклеја.

Тоа зборува дека и во Преспа христијанството датира од тие далечни времиња. Затоа на Преспа и на нејзината историја посебен белег и дава нејзиното богатство во културно-историски споменици уште во времето кога таа била староримска крстосница и прва престолнина на цар Самуил. Тоа се потврдува со изградбата на црквите и манастирите градени во времето на свети Климент и свети Наум Охридски во IX и X век и во времето на Самуиловото Царство во X и XI век.

Населението од Преспа, а особено љубанци се верници и страсни приврзаници на христијанската - православна вера. Затоа, уште од дамнина започнале да градат цркви и манастири, кои служеле и служат како најмасовни собиралишта на национално и верско обединување. Таквата љубов кон верата, кон нацијата, кон сопствената црква и кон Македонија, љубанци заедно со другите Македонци од етничка Македонија ја продолжиле и на новите простори низ светот. Така, со доселувањето во новите средини Македонците станале едни од најактивните луѓе и почнале иселениците од Љубојно да градат цркви низ целиот свет, односно онаму каде што се доселиле.

Познато е дека за жителите на Љубојно и на цела Преспа печалбарството е стара традиција. Тоа како феномен се појавило уште при крајот на минатиот век. Меѓутоа, овие миграциони процеси што ја зафатија цела Преспа во педесеттите години од овој современ век, не го поштедија ни убавото Љубојно, од каде што голем број семејства се преселија во други градови на Македонија, потоа во САД и Канада и во Австралија, во Европската унија и некои други земји.

Печалбарството како „стар занает“ од Македонија, а со тоа и од Љубојно започнало уште во XIX век. Одењето на гурбет во прекуморските земји, се интензивирало пред и по Илинденското востание, меѓу двете светски војни и особено по Втората светска војна. Затоа, со право се вели дека љубанци биле едни од првите од Македонија кои свиле нови гнезда по светот и се едни од најбројните Преспанци во дијаспората.

Според податоците на Стојан Лембо во книгата „Љубојно - љубов наша“, во чија чест го доби името и ова поглавје од книгава, во Љубојно живеат 96 домаќинства, или 223 жители (а најмногу - 1209 жители броело во 1953 година). Во Македонија има 125 домаќинства, во Европската унија 20, во Србија 11, потоа во САД 172, во Канада 66, во Австралија 32 и 15 домаќинства биле иселени пред Втората светска војна. Или вкупно 517 домаќинства на кои им се протегаат корените во прадедовската земја, во Македонија, во Љубојно.

IMMIGRANTS FROM LJUBOJNO AROUND THE WORLD

Christianity began to be preached in Macedonia as early as the time of the Holy Apostles. To spread Christianity, the Holy Apostle Paul made several evangelizing journeys, during which he preached the Word of Christ. Christianity gained significant momentum when Roman Emperor Constantine the Great adopted it as the state religion in 313 AD, thus giving Christians the freedom to practice and spread their faith. From that time, episcopal sees were established in Thessaloniki, Stobi, Skupi, Astibo, and Heraclea.

This indicates that Christianity in Prespa dates back to those early times. As a result, Prespa's history is marked by a wealth of cultural and historical monuments, reflecting its role as an ancient Roman crossroads and the first capital of Tsar Samuel. This is further evidenced by the construction of churches and monasteries during the time of Saint Clement and Saint Naum of Ohrid in the 9th and 10th centuries, as well as during the reign of Samuel in the 10th and 11th centuries.

The population of Prespa, particularly the people of Ljubojno, have long been devoted believers in the Christian Orthodox faith. Since ancient times, they have built churches and monasteries, which served and continue to serve as central places for religious and national unification. The people of Ljubojno, along with other Macedonians from ethnic Macedonia, continued their strong love for their faith, nation, and church as they emigrated to new areas around the world. As a result, the Macedonian emigrants, especially from Ljubojno, began to build churches wherever they settled.

It is well known that migrant work has long been a tradition for the inhabitants of Ljubojno and the entire Prespa region. This phenomenon began at the end of the last century. However, the migration processes that swept across Prespa in the 1950s also affected the beautiful Ljubojno, from which many families relocated to other cities in Macedonia, as well as to the USA, Canada, Australia, the European Union, and other countries.

Migrant work, considered an "old craft" from Macedonia, and specifically from Ljubojno, began on a larger scale at the beginning of the 19th century. Migration to overseas countries increased before and after the Ilinden Uprising, during the interwar period, and especially after World War II. Therefore, it is rightly said that the people of Ljubojno were among the first in Macedonia to establish new lives abroad and are one of the largest Prespa communities in the diaspora.

According to data from Stojan Lembo in the book *"Ljubojno - Our Love"*, in whose honor this chapter was named, there are 96 households, or 223 inhabitants, currently living in Ljubojno (the highest number being 1,209 inhabitants in 1953). There are 125 households in Macedonia, 20 in the European Union, 11 in Serbia, 172 in the USA, 66 in Canada, 32 in Australia, and 15 households that were displaced before World War II. In total, 517 households around the world are from migrant families of Ljubojno, Macedonia.

In this section of the monograph, we will mention the societies "Prespa" and "Ljubojno," which have a large number of Ljubojno members. These include:

The "Prespa" Society in Windsor, formed in 1976 by several enthusiasts from Prespa. It had about 70 families from all parts of Prespa as members.

Во овој дел од монографијата ќе ги споменеме друштвата „Преспа“ и „Љубојно“, во кои членуваат голем број љубанци, а тоа се:

Друштвото „Преспа“ во Виндзор кое било формирано во 1976 година од неколку ентузијасти од Преспа. Во него членувале околу 70 семејства од сите делови на Преспа. Тие организирале бројни манифестации, како банкети, вечеринки и музички средби кои се одржувале во црквата Свети Никола.

Македонското спомагателно друштво „Преспа“ во Торонто било основано во 1961 година, кога се зголемил бројот на доселениците од Преспа. Во 1983 година, друштвото било регистрирано пред канадските власти под името „Македонско спомагателно преспанско друштво”.

Добротворното друштво „Преспа” во своите редови ги собирало Македонците кои потекнуваат од преспанскиот регион, без оглед на тоа на кој дел од Преспа му припаѓале.

Друштвото „Преспа“ во Детроит било основано во 1988 година, како културно-просветна организација, во која членувале македонските доселеници од Преспа. Според неговиот правилник, секој Преспанец може да биде негов член и да биде избран во раководните тела на друштвото. Исто така, во него можеле да членуваат и Македонци од други делови на Македонија, но без право на избор во управата.

Друштвото „Преспа” било организатор на „Деновите на македонската култура”, манифестација која денес не се одржува. Неговиот паричен фонд се збогатувал од доброволни прилози и организираните игранки, концерти и сл. Дел од собраните средства се давани на црквата Света Богородица, а дел и на црквата Свети Ѓорѓи Кратовски од Детроит.

Во друштвото „Преспа“, меѓу другите, активни биле: Мето Јанкуловски, Лазо Шалковски, Бошко Рајчовски-Пелистерски, Јонче Рајчов, Васил и Митре Василевски и други

Покрај друштвото „Преспа”, доселениците од Љубојно се организирани и во свое селско друштво „Љубојно”, кое е основано во Детроит во 1992 година. Во Мичиген живеат повеќе од 100 семејства од Љубојно, а ги има и во другите американски држави: Илиноис, Охајо, Калифорнија, како и во Канада. Се претпоставува дека на овие простори на Северна Америка има околу 300 семејства од селото Љубојно.

Во друштвото „Љубојно“ биле активни голем број љубанци, меѓу кои: Бошко Рајчовски, Јонче Рајчов, Љуба Пашариковска, Спиро Масларџиовски, Љупчо Василевски, Славе Шерденковски, Ратко Милошевски, Владе Шерден-ковски, ирослав Манивиловски, Бранко Ристовски, Владе Видиновски, Јосиф Шерденковски, Митре и Васил Василевски, Гоче Стефановски (Џајковски), Стојче Панчевски и многу други.

Друштвото „Љубојно“ води посебна грижа за селото Љубојно. Со негови средства се одржуваат црквите, гробиштата и други комунални објекти. Во 1993 година е спроведена посебна хуманитарна акција за собирање средства за купување на лекови за амбулантата во селото. Истата година произлезе и идејата да се соберат пари и за изградба на патот од селото до манастирот Свети Петар.

Друштвото „Љубојно” еднаш годишно на празникот Свети Атанас (летен), на 15 мај, (најблиската сабота или недела) организира пикник, како сеќавање на селската слава, која се одржувала во манастирот Свети Атанас. На тој ден се организира и игранка, на која се покануваат сите Македонци доселеници во Детроит, а, исто така, се покануваат и љубанци од другите делови на Америка.

Организацијата „Обединети македонски Американци од Детроит” (ОМАД), чиј претседател е адвокатот Том Бајов, е формирана во март 2010 година. Во почетокот, целта на групата иселеници од сите делови на Македонија била да се обединат македонските цркви во областа на Детроит за снимањето на документарниот филм „Име си е име“. Денес, пак, со својата многузначна мисија и оригиналните, патриотски и благородни иницијативи, работејќи во интерес на македонскиот народ, оваа организација стекнува респектирано име и углед во државата Мичиген и пошироко во Соединетите Американски Држави. Во оваа организација меѓу најактивни-

The society organized numerous events, such as banquets, parties, and musical gatherings, which were held at the Church of St. Nikola.

The Macedonian Relief Society "Prespa" in Toronto was founded in 1961, at a time when the number of settlers from Prespa was increasing. In 1983, the society was officially registered with Canadian authorities under the name "Macedonian Relief Society of Prespa."

The "Prespa" Charity Society brought together Macedonians from the Prespa region, regardless of which part of Prespa they hailed from.

The Prespa Society in Detroit was founded in 1988 as a cultural and educational organization, with Macedonian immigrants from Prespa as its members. According to its regulations, any resident of Prespa could become a member and be elected to the governing bodies of the society. Macedonians from other parts of Macedonia could also join, but without voting rights in the administration.

The Prespa Society organized the "Days of Macedonian Culture," an event that is no longer held. Its financial resources were raised through voluntary contributions and organized events, such as dances and concerts. A portion of the collected funds was donated to the Church of the Holy Mother of God and another portion to the Church of St. George of Kratovski in Detroit.

Among those who were active in the "Prespa" Society were Meto Jankulovski, Lazo Shalkovski, Boshko Rajchovski-Pelisterski, Jonche Rajchov, Vasil and Mitre Vasilevski, and others.

In addition to the "Prespa" Society, the settlers from Ljubojno also organized their own village society, "Ljubojno," which was founded in Detroit in 1992. More than 100 families from Ljubojno live in Michigan, with additional families located in other American states, including Illinois, Ohio, and California, as well as in Canada. It is estimated that there are approximately 300 families from Ljubojno residing in these areas of North America.

A large number of Ljubojno residents were active in the "Ljubojno" Society, including Boshko Rajchovski, Jonce Rajchov, Ljuba Pasharikovska, Spiro Maslardziovski, Ljupcho Vasilevski, Slavche Sherdenkovski, Ratko Miloshevski, Vlade Sherdenkovski, Miroslav Manivilovski, Branko Ristovski, Vlade Vidinovski, Josif Sherdenkovski, Mitre and Vasil Vasilevski, Goche Stefanovski (Dzajkovski), Stojche Panchevski, and many others.

The "Ljubojno" Society takes special care of the village of Ljubojno. Using its funds, the society maintains churches, cemeteries, and other communal facilities. In 1993, a special humanitarian campaign was organized to collect funds for the purchase of medicines for the village clinic. That same year, the idea emerged to raise money for the construction of a road from the village to the St. Peter Monastery.

The "Ljubojno" Society organizes an annual picnic in the summer, on the feast of St. Atanas (May 15, or the nearest Saturday or Sunday), in memory of the village feast (slava), which was celebrated at the St. Atanas Monastery. On this day, a dance is also held, to which all Macedonian immigrants in Detroit, as well as Ljubojno residents from other parts of America, are invited.

The organization "United Macedonian Americans of Detroit" (UMAD), whose president is attorney Tom Bajov, was formed in March 2010. Initially, the group's goal was to unite Macedonian churches in the Detroit area for the filming of the documentary *A Name is a Name*. Today, however, with its multifaceted mission and original, patriotic, and noble initiatives, UMAD is working in the interests of the Macedonian people and has gained a respected name and reputation in Michigan and beyond in the United States. Among the most active members of this organization are Meri Vasilevska and her family, as well as Boshko Rajchovski-Pelisterski.

This organization is a non-profit association that creates, organizes, and supports programs and activities of a humanitarian, educational, social, cultural, and other nature, all in the interest of fostering the unifying spirit and progress of the Macedonian community. In doing so, it has positioned itself as a significant factor in those American spaces.

те љубанци се Мери Василевска со фамилијата и Бошко Рајчовски-Пелистерски.

Оваа организација е непрофитна асоцијација. Таа креира, приредува и поддржува програми и активности од хуманитарен, образовен, социјален, културен и друг план, во интерес на обединувачкиот дух и прогрес на македонската заедница, со што се позиционира како значаен фактор на тие американски простори.

Продолжувајќи ја својата племенита мисија, организацијата „Обединети македонски Американци од Детроит", на 3 ноември 2012 година, ја организира својата трета годишна добротворна гала вечер насловена како „Гордост е да си Македонец". Вечерта беше во организација на љубанците Бошко Рајчовски- Пелистерски, Мери Василевска и други членови. На оваа голема македонска вечер беа доделени награди и признанија за особени постигнувања и успеси на неколкумина истакнати Македонци и пријатели на Македонија во Соединетите Американски Држави, и тоа на:

Ѓорѓија-Џорџ Атанасоски, основач на компанијата „Мајкрофлекс" на Флорида, претседател на Светскиот македонски конгрес за Северна Америка, основач на хотелот „Сонце ГА", „Жито Прилеп" и Женскиот ракометен клуб „Сонце" од Прилеп, како и основач на медиумите под капата на „Македонско сонце" (весник, телевизиски канал) и голем поддржувач и афирматор на македонското име и народ во етничка Македонија. На вечерта беше промовирана неговата монографија, чиј автор е Славе Катин.

Господинот Методија А. Колоски, коосновач и претседател на „Обединетата македонска дијаспора", експерт за меѓународни односи и голем борец за македонската кауза, промотор за монографијата „Ѓорѓија-Џорџ Атанасоски".

Господинот Мијкал Симов, доктор по медицина за бронхоскопија и интервентна пулмологија во болницата „Хенри Форд" и автор на делото „Торакална ендоскопија - унапредување во интервентната пулмологија". Неговите корени се од Љубојно, од семејството Мартиновци.

Господинот Џејсон Мико, почесен конзул на Република Македонија за Аризона и продуцент на филмот „Име си е име", и беше добитник на наградата „Пријател на Македонија".

Исто така, организацијата „Обединети македонски Американци од Детроит" со признанието „Ѕвезда што се издигнува" ги награди Џастин Василевски, по потекло од Љубојно и Аманда Костов-Босеовски, основачи на „Македонско-американското студентско здружение" при Универзитетот „Дирборн" во Мичиген, а беа доделени и четири стипендии за студенти.

Исто така на 22.08.2018, година беше одржана Книжевна средба со мене во „Прличевата одаја“ на НУ Библиотека „Григор Прличев“, во Охрид, на која, д-р Томе Груевски претстави посебен простор за содржината и значењето на *„Англиско македонско лимнолошкиот лексикон“.*

Во врска си Хидробиолошкот завод во Охрид треба да се нагласи дека за академикот проф. д-р Синиша Станковиќ кој прв го формира Заводот во 1934 година и ја изразе својата љубов кон Охридското Езеро, Охрид и Македонија, објавив дванаесет (12) продолженија во порталот „Македонска нација“ од Скопје. Истите продолженија се објавени во порталот „Мактел“ од Сиднеј, Австралија и во порталот „Македонско сонце“ од Скопје.

MY 50 YEARS PUBLICISTIC ACTIVITIS

1. "ENGLISH-MACEDONIAN LIMNOLOGICAL DICTIONARY"

Today, my journalistic body of work includes 66 book titles, along with 4 works written about my contributions by other authors. Among these, 25 focus on emigration, 20 are monographs about notable figures both in the diaspora and in Macedonia, a dozen are lexicographical editions, and another dozen pertain to religion.

My first work is the ***English-Macedonian Limnological Dictionary*** **(1986),** published by the Hydrobiological Institute of Ohrid in July 1986. It spans 206 pages and is presented in both English and Macedonian. This dictionary is the first lexicon in Macedonian bilingual lexicography for limnology. It includes scientific and professional terms related to the field of hydrobiology of inland waters—limnology. The reviewers of the work were Dr. Boris Ocevski, Dr. Jonche Shapkarev, and Prof. Dr. Vladimir Cvetkovski.

In the introduction to this pioneering contribution to Macedonian scientific and professional lexicography, Dr. Boris Ocevski wrote, among other things:

"The dictionary contains terms, expressions, and concepts from the field of biological and biotechnical sciences, with a special emphasis on limnology. It is the result of the author's many years of research and translation work in the field of hydrobiology of inland waters, conducted at the Hydrobiological Institute in Ohrid and elsewhere. The very fact that the lexicon contains around 4,000 terminological expressions with professional interpretations speaks to the seriousness and significance of this work, the first of its kind in the Republic of Macedonia."

Promotions and Announcements:

Regarding the promotion of the *English-Macedonian Limnological Dictionary*, it is important to note that the first promotion was held on June 25, 1986, at the Association of Journalists of Macedonia in Skopje, specifically at the Journalists' Club in Skopje. The event was attended by a large number of scientists, journalists, friends, admirers, and lovers of the written word. The work was presented by Dr. Jordanka Serafimova-Hadzishche, the then-director of the Hydrobiological Institute, and Dr. Boris Ocevski, a scientific advisor at the Institute.

They emphasized, among other things, that my translation career began with my arrival at the Hydrobiological Institute in Ohrid and that I had shown a deep interest in biological disciplines.

The *English-Macedonian Limnological Dictionary* is a publication that organizes English words and terms alphabetically, providing definitions in English along with their translations into Macedonian. It is a useful resource for scientists, students, and general readers, particularly those involved in the field of limnology.

On August 22, 2018, a Literary Meeting was held in the "Prlichev Room" of the National Library "Grigor Prlichev" in Ohrid, during which Dr. Tome Gruevski offered a special presentation on the content and significance of the *English-Macedonian Limnological Dictionary*.

Regarding the Hydrobiological Institute in Ohrid, it is important to highlight that for Academician Prof. Dr. Sinisha Stankovic, who first established the Institute in 1934 and expressed his love for Lake Ohrid, Ohrid, and Macedonia, I have published twelve (12) installments in the portal *Macedonian Nation* from Skopje. These installments were also published in the *Mactel* portal from Sydney, Australia, and the *Macedonian Sun* portal from Skopje.

2. „МАКЕДОНСКИ ХОЛОКАУСТ“

Познавајќи го холокаустот на Евреите во светот, особено во Канада, втората моја публикацијата ја крстив **„Македонски холокауст" (1990),** која е издание на НИО „Студетски збор“, Скопје, печатена на 236 страници, на македонски јазик, чиј рецензенти се: Живко Василевски и Христо Андоновски. Ова дело е посветено на „македонскиот холокауст“, а главно го прикажува холокаустот кај македонските иселеништво од сите делови на Македонија.

Затоа, истакнатиот македонски општествен и културен работник Живко Василевски, претседател на Културно-просветниот собор на Собранието на Република Македонија, а потоа и претседател на Матицата на иселниците од Македонија, на промоцијата на ова дело во Клубот на новинарите на Македонија на 9 јули 1990 година, меѓу другото, ќе истакне:

Делото „Македонски холокауст" претставува значаен придонес во натамошното проширување на сознанијата за драмата на македонскиот народ и за нејзините режисери, кои што со невидена упорност ја продолжуваат со години, децении и векови и се'уште упорно ја продолжуваат и се надеваат на конечното искоренување на Македонците од нивниот дел на Балканот.

Преку магистралите на Балканот постојано се движеле цивилизациите од Север кон Југ и од Југ кон Север и секоја зад себе оставила траги од својата материјална култура. Веројатно оваа вистина за Македонија била и мотив „железниот“ канцелар Бизмарк, кон крајот на XIX век да ја изговори познатата синтагма: „Оној што владее со долината на Вардар, владее и со Балканот“

Во рамките на овие и вакви ангажирања на аспирантите за владеење со Балканот, станува сосема разбирлива и вистинатa за една третина од отселените Македонци од својата родна грутка во прекуморските земји. Оваа судбина е карактеристична и за народот од Израел и за Ерменците. Во „Македонскиот холокауст" Катин непосредно и аргументирано ги прикажува животните судбини на Македонците. Тој ги дава сведоштвата за Лерин, Желево, Габреш, Баница, Воден, за Љубојно, Брајчино, Велгошти, Вевчани, за Мелник, Петрич и Сандански, за Мала Преспа и преселбите и разделбите на Македонците и за нивниот непребол кон родната грутка.

Во фокусот на неговото внимание се иселениците, кои се потврдуваат како моќне значаен фактор во борбата на Македонецот за својата национална легитимација, или поточно за својот јазик, култура и религија, колку слични, толку и различни од историјата, јазикот и културата на другите словенски народи“, напиша Живко Василевски.

Христо Андоновски, главниот и одговорен уредник на списанието „Македонија“, пак, истакна дека во сегашниот миг на разгорени страсти за господарење со средиштето на Балканот, а и во иднина, ова дело ова мое дело ќе претставува значајна и своевидна документација за одбраната на националното битие на Македонецот, но и аргументација за проширување на сознанијата на општествено-политичката, културната и научната јавност во светот за македонскиот дел на Балканот.

Ова дело претставува илустративен пример за современиот миг на македонскиот државен и политички однос кон нашите иселеници и нивните културни, црковни и спортски друштва, клубови и други асоцијации. Однос што отвора нови можности, содржини и перспективи за градење поблиски односи и врски со македонското иселеништво.

Од публикацијата *„Македонски холокауст“* се објавени повеќе репортажи за Македонија кои се објавени во различни средства за информирање ширум светот.

2. "MACEDONIAN HOLOCAUST"

Knowing the history of the Holocaust, especially its impact on Jews worldwide and particularly in Canada, I titled my second publication ***"Macedonian Holocaust"* (1990).** This edition, published by NIO "Studentski zbor" in Skopje, spans 236 pages and is written in Macedonian. The reviewers of this work are Zivko Vasilevski and Hristo Andonovski. The publication is dedicated to the "Macedonian Holocaust" and primarily focuses on the Holocaust experienced by Macedonian emigrants from all parts of Macedonia.

At the promotion of this work, held at the Journalists' Club of Macedonia on July 9, 1990, the prominent Macedonian social and cultural worker Zivko Vasilevski—president of the Cultural and Educational Council of the Assembly of the Republic of Macedonia and, at that time, president of the Registry of Emigrants from Macedonia—emphasized, among other things:

The work "Macedonian Holocaust" makes a significant contribution to expanding knowledge about the drama of the Macedonian people and its perpetrators, who, with unprecedented persistence, have continued this tragic saga for years, decades, and even centuries. This persecution continues to this day, with the hope of eradicating the Macedonians from their part of the Balkans.

Civilizations have constantly moved from North to South and from South to North through the highways of the Balkans, each leaving behind traces of its material culture. This truth about Macedonia was likely the motivation for the "Iron" Chancellor Bismarck, toward the end of the 19th century, to utter the famous phrase: "He who rules the Vardar Valley rules the Balkans."

Within the framework of these and similar ambitions of those vying for control over the Balkans, the story of one third of the Macedonians who emigrated from their homeland to overseas countries becomes completely understandable. This fate is shared by both the people of Israel and the Armenians. In *The Macedonian Holocaust*, Katin directly and persuasively presents the life stories of the Macedonians. He offers testimonies from places such as Lerin, Zhelevo, Gabresh, Banica, Voden, Ljubojno, Brajchino, Velgoshti, Vevchani, Melnik, Petrich, Sandanski, and Mala Prespa, detailing the migrations, separations, and the lack of support for their homeland.

The focus of his attention is on the emigrants, who are recognized as a significant force in the Macedonian struggle for national recognition, particularly for their language, culture, and religion—elements both similar to and distinct from the history, language, and culture of other Slavic peoples," wrote Zhivko Vasilevski.

Hristo Andonovski, the editor-in-chief of the magazine *Macedonia*, emphasized that, at this moment of heightened passions for dominion over the center of the Balkans, and in the future as well, this work of mine will serve as a significant and unique documentation for defending the national identity of the Macedonians. It will also provide an important argument for expanding the knowledge of the socio-political, cultural, and scientific communities worldwide about the Macedonian part of the Balkans.

This work serves as an illustrative example of the contemporary state of Macedonia and the political relationship towards our emigrants, as well as their cultural, church, and sports societies, clubs, and other associations. It reflects a relationship that opens new opportunities, contents, and perspectives for strengthening ties with the Macedonian emigrants.

Since the publication of *Macedonian Holocaust*, several reports about Macedonia have been published in various media outlets around the world.

3. „МАКЕДОНСКИТЕ ПРАВОСЛАВНИ ЦРКОВНИ ОПШТИНИ ВО АВСТРАЛИЈА, КАНАДА И САД“

Во 1991 година, во рамките на едицијата „Сведоштва" на „Нова Македонија", го објавив новото дело под наслов ***„Македонските православни црковни општини во Австралија, Канада и САД" (1991),*** чиј издавач беше „Нова Македонија", отпечатено на 192 страници, на македонски јазик. Делото беше одобрено од директорот Панде Колемишевски и главниот и одговорен уредниК Георги Ајановски.

Рецензенти на оваа публикација се академик Блаже Ристовски и митрополитот Кирил. Таа е трето мое дело и прв и скромен историски обид за периодизација на македонските православни цркви и манастири во прекуокеанските земји.

Тоа е дело во кое се опфатени сите македонски православни црковни општини, цркви, манастири и нивните асоцијации, кои се под јурисдикција на Македонската православна црква - Охридска архиепископијаи (МПЦ-ОА) во Австралија, Канада и САД. Притоа е даден нивниот историски развој и нивните постигнување на религиско и културно-национално поле.

Инаку. МПЦ-ОА игра значајна улога во опфаќањето и сплотеноста на Македонците надвор од Македонија. По обновувањето на самостојноста на Охридската архиепископија во 1958 година и на автокефалноста во 1967 година, МПЦ направи силен пробив меѓу бројното македонско иселеништво од сите делови на Македонија во прекуокеанските земји САД, Канада и Австралија, како и во денешната Европска унија и во други земји.

Промоции и објави:

На првата промоцијата на публикацијата *„Македонските православни црковни општини во Австралија, Канада и САД"* што се одржа во Културниот центар „Сарај" во Ресен на 19.октомври 1991 година, а по повод осумте века на црквата „Св. Ѓорѓи" во Курбиново, промоторот на делото беше академик Блаже Ристовски, тогашен потпретседател на експертската влада на Република Македонија и претседател на Комисијата за односи со верските заедници, истакна:



„Славе Катин кој е подпретседател на Комисијата за односи со верските заедници на Република Македонија дава глобален преглед од појавата на македонските православни црковни општини до современиот црковен живот на македонските доселеници во прекуокеанските земји, САД, Канада и Австралија. Активното духовно и културно просветно живеење на Македонците во дијаспората, наметнува, во определен обем и време, низа суштински прашања, што се однесуваат на вистината за МПЦ и за македонскиот народ" истакна д-р Ристовски.

Исто така, на 22.08.2018 година *на* Книжевна средба со мене во „Прличевата одаја" на НУ Библиотека „Григор Прличев", во Охрид, д-р Томе Груевски претстави дел од содржината на делото *„Македонските православни црковни општини во Австралија, Канада и САД".*

Од ова дело во порталот „Македонска нација" од Скопје се објавени триесет и три (33) продолженија за македонските православни црковни општини и цркви во Аватралија, Во истиот портал се објавени педесет и шест (56) продолженија за македонските православни цркви, црковни општини и манастири во САД и Канада (на македонски). Потоа, 33 продолженија се објавени во „Македонски збор" од Детроит и истите се објавени во порталот на Матицата на иселениците од Македонија.

Во порталот „Македонска нација", во 2022 година се објавени шеесет и три (63) продолженија во рубриката ФЕЉТОН. Исто така, шеесет и три (63) продолженија се објавени и во порталот „Македонско сонце" од Скопје

3. "MACEDONIAN ORTHODOX CHURCH MUNICIPALITIES IN AUSTRALIA, CANADA AND THE USA"

In 1991, as part of the *Testimonies* series of *Nova Makedonija*, I published a new work entitled ***Macedonian Orthodox Church Municipalities in Australia, Canada, and the USA* (1991),** also published by *Nova Makedonija*, spanning 192 pages in Macedonian. The work was approved by Director Pande Kolemisevski and Editor-in-Chief Georgi Ajanovski.

The reviewers of this publication were Academician Blaze Ristovski and Metropolitan Kiril. This is my third work and represents the first, modest historical attempt at periodizing the Macedonian Orthodox Churches and Monasteries in overseas countries. The work covers all Macedonian Orthodox Church Municipalities, churches, monasteries, and their associations under the jurisdiction of the Macedonian Orthodox Church – Ohrid Archbishopric (MOC-OA) in Australia, Canada, and the USA. It outlines their historical development and achievements in the religious, cultural, and national fields.

The MOC-OA plays a significant role in the inclusion and cohesion of Macedonians outside Macedonia. After the restoration of the independence of the Ohrid Archbishopric in 1958 and its autocephaly in 1967, the MOC made a strong impact among the many Macedonian emigrants from all parts of Macedonia in overseas countries, including the USA, Canada, Australia, as well as in today's European Union and other nations.

Promotions and Announcements:

The first promotion of the publication *Macedonian Orthodox Church Communities in Australia, Canada, and the USA* was held at the Cultural Center "Saraj" in Resen on October 19, 1991, coinciding with the eight-century anniversary of the *St. George* Church in Kurbinovo. The promoter of the work was Academician Blaze Ristovski, who was then the vice president of the expert government of the Republic of Macedonia and president of the Commission for Relations with Religious Communities. He noted:



"Slavè Katin, vice president of the Commission for Relations with Religious Communities of the Republic of Macedonia, provides a comprehensive overview, from the emergence of the Macedonian Orthodox Church communities to the contemporary church life of Macedonian immigrants in overseas countries, including the USA, Canada, and Australia. The active spiritual and cultural educational life of Macedonians raises, to a certain extent, a series of essential questions regarding the truth about the MOC and the Macedonian people," noted Dr. Ristovski.

Additionally, on August 22, 2018, a Literary Meeting with me was held in the "Prlichev Room" of the Grigor Prlichev Library in Ohrid, where Dr. Tome Gruevski presented part of the content of the work *Macedonian Orthodox Church Communities in Australia, Canada, and the USA*.

Thirty-three (33) installments of this work have been published on the *Macedonian Nation* portal from Skopje, focusing on Macedonian Orthodox Church Communities and Churches in Australia. Fifty-six (56) installments have been published on the same portal, covering Macedonian Orthodox Churches, Church Communities, and Monasteries in the USA and Canada (in Macedonian). Additionally, 33 installments have been published in *Macedonian Word* from Detroit, and the same have been featured on the Macedonian Emigrants' Registry portal.

On the *Macedonian Nation* portal, sixty-three (63) installments were published in the *Feuilleton* section in 2022. Similarly, sixty-three (63) installments were also published on the *Macedonian Sun* portal from Skopje.

4. „ВО АВСТРАЛИЈА КАКО ДОМА“

Во 1992 година, после престојот и моето враќање од Австралија ја објавив публикацијата ***„Во Австралија како дома”, (1992),*** издание на „Матица македонска“, Скопје, отпечатена на 136 страници на македонски јазикво, во која ги пренесувам моите творечки преокупации како патеписец, портретист, репортер и хроничар на дел од настаните во македонските колонии во Австралија. Рецензенти на делото се Христо Андоновски и Фиданка Танаскова.

Во својот предговор кон книгата, познатиот македонски публицист и научен работник Христо Андоновски, главен и одговорен уредник на списанието „Македонија“ и еден од големите познавачи на македонското иселеништво напиша:

„Славе Катин овој пат се фокусира на прашањата и проблемите од областа на животот и активностите на македонските доселеници, особено на Македонците од Беломорска Македонија кои живеат и работат во демократска и мултикултурна Австралија, каде, за разлика од својата земја, ги уживаат сите социјални, човекови и други права“.

Подвлекувајќи дека на тие далечни простори на петтиот континент, Македонците постигнуваат забележителни резултати на национален и духовен план, во бизнисот, културата и образованието и во социјалниот живот, воопшто, тој нагласува дека нивните дострели на овој план се големи. Затоа, Андоновски ќе го напише следното:

„Не случајно ова дело на Катин го носи насловот „Во Австралија како дома”, зашто македонските иселеници и тој во оваа земја се чувствуваат како дома. Паралелно со остварените материјални услови, кај нив е видлива и трансформацијата на животните и работните навики во новите средини. Не е мал бројот и на оние Макндонци кои со своите интелектуални и образовни, духовни и други способности, се пробиле во повисоките сфери на австралиското општество“.

Инаку, кога се пишува за Македонците во Австралија, особено во Викторија, тие отсекогаш биле предмет на разни туѓи верски, национални и политички влијанија, кај кои се нашло погодно тло за таквата дејност. Во тој правец активна била бугарската, грчката и српската пропаганда, кои со успех ги вршеле своите замислени цели.

Промоции и објави:

Делото *„Во Австралија како дома”,* за прв пат е промовирана пред голем број мои љубители и обожаватели во Љубојно, на Илинденските празнувања во 1992 година во текот на празничните денови, во библиотеката на Домот во Љубојно, пред повеќе од двеста присутни, за прв пат се одржа промоција на книга. За книгата зборуваа проф. д-р Томе Саздов, како претседател на Матицата на иселениците од Македонија и писателот Раде Силјан како издавач. Во таа пригода на присутните им се обратија проф.д-р Васил Тупурковски и писателот Цане Здравковски, кои беа гости во Љубојно.

Исто така, делото доживеа промоција на 15 ноември 1992 година во Матицата на иселениците од Македонија, за која зборуваше Христо Андоновски, главниот уредник на списанието „Македонија“

Поотоа, за време на фестивалот во Клубот на друштвото „Браќа Миладиновци” во Торонто, во кој издавачот „Матица македонска” организираше промоција на повеќе свои изданија, меѓу кои и на книгата *„Во Австралија како дома”,* за која зборуваше писателот Раде Сиљан, како нејзин издавач.

Од животот и активностите на Македонците во Австралија објавени се триесет и три (33) продолженија во веб-порталот „Македонска нација“ од 17 февруари 2016 до 28 октомври 2016 (на македонски). Истите (33) продолженија се објавени и во порталот „Македонско сонце“ од Скопје.

4. "IN AUSTRALIA, JUST LIKE AT HOME"

In 1992, after my stay in Australia and subsequent return, I published the work ***In Australia, Just Like at Home*** **(1992),** released by *Matica Makedonska*, Skopje. The book, printed in Macedonian on 136 pages, conveys my creative reflections as a travel writer, portraitist, reporter, and chronicler of certain events within the Macedonian communities in Australia. The reviewers of the work were Hristo Andonovski and Fidanka Tanaskova.

In his foreword to the book, the renowned Macedonian publicist and scholar Hristo Andonovski, editor-in-chief of *Macedonia* magazine and one of the leading experts on the Macedonian diaspora, wrote:

"This time, Slavè Katin focuses on the issues and challenges faced by Macedonian immigrants, particularly those from the White Sea region of Macedonia, who live and work in democratic and multicultural Australia. There, unlike in their homeland, they enjoy all social, human, and other rights."

Highlighting that, in those distant regions of the fifth continent, Macedonians have achieved remarkable success on both a national and spiritual level—across business, culture, education, and social life in general—Andonovski emphasizes that their accomplishments in these areas are significant. He writes the following:

"It is no coincidence that Katin's work is titled *In Australia, Just Like at Home*, because Macedonian emigrants, including himself, feel at home in this country. Alongside the material progress they have achieved, there is also a visible transformation in their living and working habits in the new environment. Many Macedonians, with their intellectual, educational, spiritual, and other abilities, have broken into the higher echelons of Australian society."

When writing about Macedonians in Australia, particularly in Victoria, it is important to note that they have always been subject to various foreign religious, national, and political influences, which found a fertile ground for such activities. In this context, Bulgarian, Greek, and Serbian propaganda was active and successfully achieved its intended goals.

Promotions and Announcements:

The work *In Australia, Just Like at Home* was first promoted to a large audience of my fans and admirers in Ljubojno, during the Ilinden celebrations in 1992. The promotion took place in the library of the Home in Ljubojno, in front of more than two hundred attendees. It was the first book promotion held there. Prof. Dr. Tome Sazdov, as president of the Macedonian Emigrants' Registry, and writer Rade Siljan, as the publisher, spoke about the book. On that occasion, Prof. Dr. Vasil Tupurkovski and writer Cane Zdravkovski, who were guests in Ljubojno, also addressed the attendees.

The work was also promoted on November 15, 1992, at the Macedonian Emigrants' Association, with a discussion led by Hristo Andonovski, the editor-in-chief of *Macedonia* magazine.

Later, during a festival at the "Brakja Miladinovci" Society Club in Toronto, the publisher *Matica Makedonska* organized a promotion of several of its publications, including *In Australia, Just Like at Home*. The book was discussed by writer Rade Siljan, its publisher.

Thirty-three (33) installments on the life and activities of Macedonians in Australia were published on the *Macedonian Nation* web portal from February 17, 2016, to October 28, 2016 (in Macedonian). The same 33 installments were also published on the *Macedonian Sun* portal from Skopje.

5. „МАКЕДОНСКИОТ ИСЕЛЕНИЧКИ ПЕЧАТ“

Во 1993 година, ја објавив студијата „***Македонскиот иселенички печат* - 1945-1992“*(1993),*** НИО „Студентски збор“, на 254 страници на македонски јазик, чиј рецензенти се д-р Боро Мокров и д-р Весна Шопар. Ова дело е продолжение на публикацијата „*Развојот на македонскиот печат и новинарството*“ за периодот од 1902 до 1945 година од д-р Боро Мокров, дело на Здружението на новинарите од Македонија.

За нејзиното подготвување користев многу извори, публикации, научни трудови, извештаи, разговори и други архивски податоци, но и од сопствениот фонд со кој располагам за оваа сфера, врз основа на моите долгогодишни истражувања. Оваа дело има за цел да ја збогати новинарската историографија, која во последните неколку децении е широко развиена кај Македонците во светот.

Може да се каже дека појавата на македонскиот иселенички печат во прекуокеанските земји Австралија, Канада, САД и во европскнте земји е израз на долготрајната макотрпна борба на македонските доселеници (без разлика од кој дел на Македонија дошле), за афирмација на својот национален идентитет и на Македонија.

Тоа не значи само запознавање и афирмирање на македонскиот иселенички печат, туку и откривање на нивното културно, национално, просветно, социјално, политнчко, духовно битне низ призмата на македонските гласила, радио часоите и телевизиските емисии што тие ги организираат ширум светот.

Затоа, професорот на Одделот за новинарство на Филозовскиот факултет „Св, Кирил и Методиј“, Томе Груевски ќе го напише следното:

„Катин успеа да ја заврши и објави книгата која го опфаќа иселеничкиот печат од трите континенти - главно онаму каде што живеат и работат поголеми конгломерации на македонското иселеништво - Австралија, Северна Америка (САД и Канада) и Европа. Во споменатите земји, за период од 45 години, печатот е опфатен со околу 150 печатени гласила и преку 40 радио и ТВ часови. Македонските информативни гласила во прекуокеанските земји и Европа имаат посебно значење и играат огромна улога во зачувувањето на македонскиот јазик, култура и религија во продлабочувањето на националниот дух“, напиша м-р Томе Груевски.



„Публикацијата „Македонскиот иселенички печат” претставува прв труд од ваков вид во Македонија, кој има за цел да пополни извесна празнина во историографската анализа на печатот кај иселеништвото во Австралија, Канада, САД и Европа. За нејзиното подготвување Катин користел многу извори (публикации, научни трудови, извештаи, разговори и други архивски податоци), но и сопствениот фонд со кој располага за оваа сфера, врз основа на неговите долгогодишни истражувања“, напиша рецензентот Боро Мокров.

Промоции и објави:

На 10 јануарим1993 година во ЗНМ се одржа првата промоција на делото „*Македонскиот иселенички печат“, за кое зборуваат Тоци Груевски и д-р Боро Мокров.*

Од делото „*Македонскиот иселенички печат*“ се објавени триесет (30) продолженија во веб-порталот „Македонска нација“, Скопје, од 5 ноември 2016 до 26 април 2017, (на македонски). Истите (30) продолженија се објавени во веб-порталите „Македонско сонце“, Скопје, „Македонски збор“ од Детроит и во порталот на Матицата на иселениците на Македонија.

Исто така, триесет и пет (35) продолженија се објавени и во порталот „Мактел“ од Сиднеј, Австралија и во весникот „Македонија“ од Торонто, како и по неколку продолженија се објавени во различни портали во Македонија.

5. "MACEDONIAN EMIGRANT PRESS"

In 1993, I published the study ***Macedonian Emigrant Press – 1945-1992*** **(1993),** NIO "Studentski Zbor," spanning 254 pages in Macedonian. The work was reviewed by Dr. Boro Mokrov and Dr. Vesna Sopar. This study serves as a continuation of Dr. Boro Mokrov's publication *The Development of the Macedonian Press and Journalism* for the period from 1902 to 1945, a work of the Association of Journalists of Macedonia.

For its preparation, I relied on a wide range of sources, including publications, scientific papers, reports, interviews, and other archival data, as well as my own collection of materials accumulated through years of research. This work aims to enrich journalistic historiography, a field that has seen significant development among Macedonians worldwide in recent decades.

The emergence of the Macedonian emigrant community in the Pacific countries of Australia, Canada, the USA, and in various European countries is a reflection of the long and arduous struggle of Macedonian immigrants—regardless of which part of Macedonia they hailed from—to affirm their national identity and that of Macedonia.

This not only involves the recognition and affirmation of the Macedonian emigrant community but also the discovery of their cultural, national, educational, social, political, and spiritual significance, as viewed through the lens of the Macedonian media, radio stations, and television programs they have organized around the world.

Therefore, the professor from the Department of Journalism at the Faculty of Philosophy, "Ss. Cyril and Methodius," Tome Gruevski, wrote the following:

"Katin successfully completed and published a book that covers the emigrant press from three continents—primarily where larger concentrations of Macedonian emigrants live and work: Australia, North America (the USA and Canada), and Europe. Over a period of 45 years, the press in these countries is represented by around 150 print media outlets and more than 40 radio and TV programs. Macedonian news media in these overseas countries and Europe hold special significance, playing a huge role in preserving the Macedonian language, culture, and religion, as well as in fostering national spirit," wrote MA Tome Gruevski.

"The publication *The Macedonian Emigrant Press* is the first work of its kind in Macedonia, aiming to fill a significant gap in the historiographic analysis of the press among emigrants in Australia, Canada, the USA, and Europe. For its preparation, Katin drew upon numerous sources (publications, scientific papers, reports, interviews, and other archival data), as well as his own collection of materials based on many years of research," wrote the reviewer Dr. Boro Mokrov.

Promotions and Announcements:

On January 10, 1993, the first promotion of the work *The Macedonian Emigrant Press* was held at the AJM, where Toci Gruevski and Dr. Boro Mokrov spoke about the work.

Thirty (30) installments of *The Macedonian Emigrant Press* were published on the web portal *Macedonian Nation* (Skopje) from November 5, 2016, to April 26, 2017 (in Macedonian). The same 30 installments were also published on the web portals *Macedonian Sun* (Skopje), *Macedonian Word* (Detroit), and the portal of the Macedonian Emigrants' Association.

Additionally, thirty-five (35) installments were published on the *Mactel* portal (Sydney, Australia), in the *Macedonia* newspaper (Toronto), and several installments were published on various portals in Macedonia.

6. „ПЕЧАЛБАРСКИ КОПНЕЖ“

Како по некое непишано правило, мојата издавачката продукција секоја година се збогатуваше со нови дела на македонската иселеничка галаксија. Така, во 1993 година се појави публикацијата ***„Печалбарски копнеж” (1993),*** „Матица македонска“, на 156 страници на македонски јазик, (посветен на моите родители -печалбари). Рецензенти на ова дело се д-р Томе Саздов и Фиданка Танаскова, притоа во предговор кон ова дело д-р Томе Саздов, претседател на Матица на иселениците од Македонија истакнува:

„Во преку 44 публицистички текстови за македонските иселеници во Америка и Канада, Катин раскажува за своите средби и разговори со нив во македонските православни цркви, клубови и друштва, во овие две големи држави на Американскиот континент. Пред нас дефилираат најразлични човекови судбини на повеќе генерации македонски иселеници, чии заеднички одлики, како своевидни мотиви во овие раскажувања, се носталгијата кон родниот крај, врските со старата Татковина и стремежите за зачувување на нивниот национален и културен интегритет“, рече д-р Томе Саздов

Ова дело се појави само две години по осамостојувањето на Македонија, како суверена и независна држава, во неа посебен акцент е даден на заложбите на македонските иселеници за брза консолидација и успешна трансформација на земјата во демократска држава и нејзината ориентација за вклучување во евроатлантските структури. Во овој историски момент, заедничка и единствена благородна цел на сите Македонци, е развојот на Република Македонија како матица на сите свои чеда, без оглед од кој дел на Македонија потекнуваат и на кои меридијани тие живеат.

„Од тие причини, ова дело на Катин е богата, автентична и значајна современа хроника на македонското иселеничко живеење во дијаспората, во случајов во САД и Канада. Всушност, по книгата „Печалбарски копнеж” со овој свој нов ракопис, ги заокружува своите репортерски записи и кажувања за бројните македонски иселеници. Тие првобитно биле само макотрпни печалбари“, напиша д-р Томе Саздов.

Промоции и објави:

На 16 јули 1993 година се одржа промоција на *„Печалбарски копнеж”* во Културниот центар во Охрид, чиј промотори беа д-р Томе Саздов и Фиданка Танаскова. Исто така на 29 октомври 1994 година, во Матицата на иселениците од Македонија се одржа промоција, на делото *„Печалбарски копнеж“* за која зборуваа д-р Димитар Керамитчиев и Фиданка Танаскова.

Во паметењата, секако, ќе остане Љубанската илинденска иселеничка средба во 2004 година. Имено, на 31 јули 2004 година, а по повод 60-те години од отворањето на училиштето „Димитар Влахов“ како прво на мајчин македонски јазик во Преспа, а второ во Македонија на оваа значајна и незаборавна свеченост беа претставени литературните дела на поранешните ученици на училиштето „Димитар Влахов“ од Љубојно, меѓу кои и мои дела и тоа: *„Печалбарски копнеж“, „Македонски иселенички паноптикум“* и монографијата за најголемиот донатор од иселеништвото *„Атанас Близнаков“.* Пред присутните, на „Полена“ за трите книги и за моето творештвото зборуваа проф. д-р Томе Саздов, д-р Петре Лубаровски и Бошко Рајчовски – Пелистерски. Проф. д-р Томе Саздов особено се задржа на значењето и содржината на публикацијата *„Печалбарски копнеж“*, кој, меѓу другото, рече дека тоа е дело за македонското иселеништво, кое остава траги кај читателот.

6. "PECHALBARSKI KOPNEZH"

As if by some unwritten rule, my publishing output was enriched every year with new works focused on the Macedonian emigrant community. In 1993, the publication ***Pechalbarski Kopnezh* (1993),** published by *Matica Makedonska*, appeared, consisting of 156 pages in the Macedonian language and dedicated to my parents – expatriates. The reviewers of this work are Dr. Tome Sazdov and Fidanka Tanaskova. In the preface to this work, Dr. Tome Sazdov, president of the Matica of Emigrants from Macedonia, emphasizes:

"In over 44 journalistic texts about Macedonian emigrants in America and Canada, Katin recounts his meetings and conversations with them in Macedonian Orthodox churches, clubs, and societies across these two great countries on the American continent. Before us parades the most diverse human destinies of several generations of Macedonian emigrants, whose common features, as recurring motifs in these stories, are nostalgia for their homeland, ties with their old homeland, and aspirations to preserve their national and cultural integrity," said Dr. Tome Sazdov.

This work was published only two years after the independence of Macedonia as a sovereign and independent state. It places special emphasis on the efforts of the Macedonian emigrants for the swift consolidation and successful transformation of the country into a democratic state, as well as its orientation toward inclusion in Euro-Atlantic structures. At this historical moment, the shared and noble goal of all Macedonians is the development of the Republic of Macedonia as the homeland for all its children, regardless of which part of Macedonia they come from or where they currently live.

"For these reasons, this work by Katin serves as a rich, authentic, and significant contemporary chronicle of Macedonian emigrant life in the diaspora, specifically in the USA and Canada. In fact, after the book *Pechalbarski Kopnezh*, with this new manuscript, he completes his reporter's notes and stories about the numerous Macedonian emigrants. They were initially just hardworking migrant workers," wrote Dr. Tome Sazdov.

Promotions and Announcements:

On July 16, 1993, the book *Pechalbarski Kopnezh* was promoted at the Cultural Center in Ohrid, with Dr. Tome Sazdov and Fidanka Tanaskova as the promoters. Another promotion of the same work was held on October 29, 1994, at the Macedonian Emigrants' Registry, where Dr. Dimitar Keramitchiev and Fidanka Tanaskova spoke about the book.

The Ljubljana Ilinden Emigrants' Meeting in 2004 is certainly a memorable event. On July 31, 2004, on the occasion of the 60th anniversary of the opening of the *Dimitar Vlahov* school—the first in the native Macedonian language in Prespa, and the second in Macedonia—an unforgettable ceremony took place. During this significant event, the literary works of former students from the *Dimitar Vlahov* School in Ljubojno were presented, including my works: *Pechalbarski Kopnezh*, *Macedonian Emigrant Panopticum*, and the monograph about the largest donor of the emigration, *Atanas Bliznakov*. In front of the audience at *Polena*, Prof. Dr. Tome Sazdov, Dr. Petre Lubarovski, and Boshko Rajchovski – Pelisterski discussed the three books and my work. Prof. Dr. Tome Sazdov particularly focused on the significance and content of the publication *Pechalbarski Kopnezh*, stating that it is a work about the Macedonian emigration that leaves a lasting impression on the reader.

7. „ВО ЧЕСТ НА СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ“

Делото „***Во чест на светите Кирил и Методиј“ (1994),*** е издание на „Матица македонска“, отпечатено на 212 страници на македонски јазик. Публикацијата е израз на долготрајната истражувачка дејност на авторите д-р Вера Стојчевска-Антиќ и Славе Николовски – Катин на животот и делото на сесловенските (македонските) просветители светите Кирил и Методиј. Рецензенти на ова дело се проф. д-р Радмила Угринова – Скаловска и архиепископот на Македонската православна црква г.г. Михаил, а беше издадено во 1994 година, кога се навршуваа 50 години самостоен слободен, просветен и културен живот и растеж во Република Македонија.

Во својата рецензија за делото *„Во чест на светите Кирил и Методиј“*, д-р Радмила Угринова – Скаловска ќе напише: *„Кирилометодиевската традиција зафатила благородни и длабоки корени во Македонија. Вредните ученици на светите браќа Кирил и Методиј, светите Климент и Наум Охридски, ја продолжиле нивната целокупна глаголска традиција, особено кога Климент Охридски во 886 година ги ставил темелмте на Охридската книжевна школа“.*

Да се зборува за делото на светите браќа Кирил и Методиј и нивното наследство е чест и предизвик. Колку е извонредно важна и суштинска мисијата на светите браќа, говори фактот што денес тие се патрони на Европа – признание дадено од Ватикан со цел да се потенцира нивното значење за единството на европските народи

Исто така, во книгата даваме информации дека македонскиот јазик спаѓа во јужнословенските јазици, а се формирал од словенските племиња што се населиле најјужно на Балканскиот Полуостров. Уште тогаш, во IX век, тој се одликувал со карактеристични особености во однос на јазичните црти. И понатаму во својот развој доживувал своевиден напредок. Прашањето за литературниот современ македонски јазик било поставено уште во XIX век, а решено дури со победата на НОБ.

Архиепископот на Македонската православна црква г.г. Михаил, пак, ќе напише дека веднаш по НОБ се обновија училиштата во Македонија. Повеќе од нив го задржаа или го добија името „Кирил и Методиј”, и „ Климент Охридски”..

Исто така, своевиден простор е посветен на културната манифестација *„Во чест на свети Кирил”* и поклоненијата на светиот гроб на свети Кирил во Рим во период од 25 годиии (1969-1994)“.

Промоции и објави:

На 31 мај 1994 година во книгоиздателството „Матица македонска“ се одржа свечено претставување на делото *„Во чест на Свети Кирил и Методиј“.* Моногравското дело беше претставено од д-р Радмила Угриновска-Сековска и архиепископот на Македонската православна црква г.г. Михаил

Од делата *„Во чест на светите Кирил и Методиј“* се објавени околу 100 продолженија во порталите „Македонска нација“ и „Македонско сонце“ од Скопје, „Македонски збор“ од Детроит, „Мактел“ од Сиднеј, „Македонија“ од Торонто и други гласила во Македонија, Канада и Австралија.

Од делото *„Во чест на свети Кирил Солунски во Рим“,* од проф. д-р Вера Стојчевска-Антиќ и Славе Николовски-Катин се објавени дваесет и три (23) продолженија во веб-порталот „Македонска нација“ од 9 ноември 2016 до 19 април 2017, (на македонски). Истите (23) продолженија се објавени во веб-порталите „Македонско сонце“.

Исто така, во порталот „Мактел“ од Сиднеј, Австралија се објавени (58) продолженија од делата „Во чест на светите Кирил и Методиј“ и „40 поклоннија пред гробот на свети Кирил во Рим“. Истите (58) продолженија се објавени и во веб-порталот „Македонско сонце“, Скопје.

7. "IN HONOR OF SAINTS CYRIL AND METHODIUS"

The work ***In Honor of Saints Cyril and Methodius*** **(1994)** is a publication by *Matica Makedonska*, printed on 212 pages in Macedonian. The publication reflects the long-term research activity of the authors, Dr. Vera Stojchevska-Antić and Slavè Nikolovski – Katin, on the life and work of the Pan-Slavic (Macedonian) enlighteners, Saints Cyril and Methodius. The reviewers of this work are Prof. Dr. Radmila Ugrinova – Skalovska and the Archbishop of the Macedonian Orthodox Church, His Holiness Mihail. It was published in 1994, coinciding with the celebration of 50 years of independent, free, enlightened, and cultural life and growth in the Republic of Macedonia.

In her review of *In Honor of Saints Cyril and Methodius*, Dr. Radmila Ugrinova – Skalovska writes: "The Cyril and Methodius tradition has taken on noble and deep roots in Macedonia. The diligent students of the holy brothers Cyril and Methodius, Saints Clement and Naum of Ohrid, continued their entire Glagolitic tradition, especially when Clement of Ohrid laid the foundations of the Ohrid Literary School in 886."

To speak about the work of the holy brothers Cyril and Methodius and their legacy is both an honor and a challenge. The extraordinary importance and significance of their mission is evidenced by the fact that today they are the patrons of Europe — a recognition granted by the Vatican to highlight their role in fostering the unity of European peoples.

The book also provides information that the Macedonian language belongs to the South Slavic language group and was formed by the Slavic tribes that settled in the southernmost part of the Balkan Peninsula. Even in the 9th century, it was distinguished by unique linguistic features. Over time, the language continued to evolve and develop. The question of the literary modern Macedonian language was raised as early as the 19th century, but it was only resolved with the success of the Macedonian National Liberation War.

The Archbishop of the Macedonian Orthodox Church, His Holiness Mihail, writes that immediately following the Macedonian National Liberation War, schools in Macedonia were renovated. Most of them retained or were given the names "Cyril and Methodius" and "Kliment Ohridski."

Additionally, a special section of the book is dedicated to the cultural event *In Honor of Saint Cyril* and the pilgrimages to the holy tomb of Saint Cyril in Rome, which took place over a span of 25 years (1969-1994).

Promotions and announcements:

On May 31, 1994, a ceremonial presentation of the work *In Honor of Saints Cyril and Methodius* was held at the publishing house *Matica Makedonska*. The monograph was presented by Dr. Radmila Ugrinovska-Sekovska and the Archbishop of the Macedonian Orthodox Church, His Holiness Mihail.

Approximately 100 articles related to the work *In Honor of Saints Cyril and Methodius* have been published on the portals *Macedonian Nation* and *Macedonian Sun* from Skopje, *Macedonian Word* from Detroit, *Maktel* from Sydney, *Macedonia* from Toronto, and other media outlets in Macedonia, Canada, and Australia.

Twenty-three (23) articles related to the work *In Honor of Saint Cyril of Thessaloniki in Rome*, by Prof. Dr. Vera Stojchevska-Antić and Slavè Nikolovski-Katin, were published on the *Macedonian Nation* portal from November 9, 2016, to April 19, 2017 (in Macedonian). The same 23 articles were also published on the *Macedonian Sun* portal.

Additionally, 58 articles related to the works *In Honor of Saints Cyril and Methodius* and *40 Bowings Before the Tomb of Saint Cyril in Rome* were published on the *Mactel* portal from Sydney, Australia. The same 58 articles were also published on the *Makedonsko Sonce* portal in Skopje.

8. „МАКЕДОНСКИ ВОЗНЕС“

Во 1994 година се појави делото „***Македонски вознес" (1994),*** „Матица македонска**"** на 232 страници на македонски и англиски јазик**,** на Славе Катин и Фиданка Танаскова, монографија за Македонската православна црква „Свети Климент Охридски" од Торонто, која, во истовреме, *е* и издавач на ова дело. Рецензенти на монографијата се митрополитот Кирил и Христо Андоновски

Во својата рецензија за книгата, Полошко-кумановскиот архиерej, митрополитот Кирил, пишува дека големиот празник, тридеценискиот јубилеј на светиот македонски храм „Свети Климент Охридски" во Торонто е вистински македонски вознес за сите браќа и сестри од род македонски, за сите имени и безимени кои вградија огромна љубов, дарување, труд и самопрегор во неговите темели и го подигнаа овој прекрасен и најголем соборен храм на северноамериканскиот континент. Повеќе од еден век е зад нас откако од македонската родна земја кон канадскиот простор тргна и се уште трае масовната брановита преселничка река. Така, денес само во Торонто е формирана повеќе од стоилјадна македонска комуна.

Инаку, МПЦ е организирана преку своите епархии: Американско-канадската и Австралиската-македонска православна епархија која беше формирана во 1967 година, а која во 1974 година е поделена на: Американско-канадска и Австралиска епархија, во чија диоцеза денес е и Нов Зеланд, а од 2016 година постои и Сиднејско австралиска епархија Од 1984 година постои и Македонска православна епархија за Европа.

Промоции и објави:

Промоцијата на делото „*Македонски вознес*" беше одржана во Соборната црква на Американско-канадската македонска православна епархија „Свети Климент Охридски" во Торонто на патрониот ден на црквата во 2 ноември 1994 година, на која зборуваше митрополитот г. Кирил, кој истакна дека делото на Катин и Танаскова претставува значајна алка во синџирот на Светиклиментовата традиција во светот и во Македонија.

Исто така, ова дело е промовирано и во Соборниот храм „Свети Климент Охридски" во Скопје. Промотори беа г.г. Михаил и проф. д-р Вера Стојчевска Антиќ. Тие го претставија делото пред голем број присутни кои беа запознати со вистината за активностите на црковно и национално поле на Македонците во иселништвото.

